МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

СВЕТИ НИКОЛЕ – СВЕТИ НИКОЛЕ

ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

СТУДИСКА ПРОГРАМА: КЛИНИЧКА И СОВЕТОДАВНА ПСИХОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

„ НАРЦИСОИДНАТА КОНСТИТУЦИЈА НА ЛИЧНОСТА КАКО ИЗВОР НА КОНФЛИКТ И НАСИЛСТВО ВО СЕКОЈДНЕВНАТА КОМУНИКАЦИЈА И ПОВЕДЕНИЕ “

МЕНТОР:

Проф. д-р. Слаѓана Ангелкоска

СТУДЕНТ:

д-р Сашко Олумчев

БРОЈ НА ДОСИЕ:

M233004

Свети Николе, 2024

СОДРЖИНА

Апстркат----------2

Преглед----------6

Истражувачки проблем----------8

Нарцисоидно пореметување на личноста----------9

Нормален и патолошки нарцизам----------11

Етиологија на нарцизмот----------12

Дијагностичка проценка----------23

Теории за нарцизмот----------24

Нарцизмот и неговата поврзаностсо насилството (лично,семејно,или општествено-социјално)----------

Експресија на нарцизмот кај политичарите----------44

Хубрисов синдром----------50

Перцепција на моќ кај синдромот на хубрис и нарцисоидно растројство

на личноста кај политички субјекти----------55

Коморбидитети кај нарцисоидно растројствона лишноста и синдром на Хубрис----------58

Адаптација на на Вограликовиот синџир кај нарцисоидно поретемување на личноста----------61

Хистрионско растројство на личноста----------63

Нарцизам и психопатија----------71

Разликата помеѓу патолошкиот нарцизам и здравиот нарцизам (здравата самодоверба)----------87

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО----------90

Анализа на варијанса (ANOVA)----------94

Постапка за изведување Т-тест----------99

Врската меѓу нарцизмот и емпатијата ----------103

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊАТА----------104

Инструменти за утврдување на индикатори за постоење на нарцисоидно пореметување на личноста ----------113

Елементарен тест за постоење на на нарцисоидно пореметување на личноста ----------114

Тест за латентна нарцисоидност ----------121

Резултати од тестот----------137

Дискусија----------139

ЗАКЛУЧОК----------140

Користена литература----------141

Нарцисоидната конституција на личноста како извор на конфликт и насилство во секојдневната комуникација и поведение

Апстракт

Нарцисоидното пореметување на личноста е уникатен модел на поведение кој се карактеризира со силно и нескротливо чувство на грандиозност, неконтролирана силна потреба за испорака на восхит од околината, екстремна ароганција, обземеност со мисли за неограничена моќ и успех и потполн недостаток на емпатија. Постојат два генерално различни вида на нарцизам кои се разликуваат не по симптоматологијата туку по нивниот евалуат кој се добива како производ на тие карактеристики на личноста. Секоја амбициозна личност има зацртана цел да ги постигне животните амбиции и желби и ги употребува сите можни алатки за успешно завршување на зацртната и посакувана цел како извор на сопствено задоволство а понекогаш и за исполнување на желбите на блиската околина. Секогаш при постигнувањето на зацртаните цели е пожелна и потребна е одредена доза на т.н. здрав нарцизам, но доколку дозата доведе до дисхармонија со околината и потешкотии или неможност за одржување на општествените односи, тогаш станува збор за патолошки нарцизам. Границата помеѓу здравиот и патолошкиот нарцизам е толку тенка што наликува на жица по која одат балансерите над некоја бездна. Нивното

движење е всушност клатење кон лево или кон десно со цел одржување на рамнотежата на телото. Клатењето всушност е сликовит опис колку е тенка границата помеѓу здравото и патолошкото и тоа е всушност реалната слика на преминот од здрава нарцисоидност преку преоден нарцизам, border line нарцизам и патолошки нарцисизам. Во контекст на нарцисоидно растројство на личноста и неговите карактеристики, доплнително покрај психопатијата, социопатијата, садизмот потребно е да се спомене и Hubris синдромот кој се почесто се манифестира во нашето општество особено во политичките кругови и станува се поактуелна тема која бара истражување во оваа кохорта на личности од интерес. Хубрисовиот синдром е дефиниран со истражување како одредени луѓе на високи позиции се однесуваат пред и во моментот кога ќе добијат одредена количина на моќ и авторитет која ги става на повисоко ниво на општествените тековi. Синдромот е во тесна корелација со моќта, функцијата и политичкото влијание и најчесто се манифестира доколку личноста добие доволна доза на моќ, влијание и авторитет со кое може да влијае на елементите од општеството. Хубрисовииот синдром не може да биде во корелација со личности кои претрпеле повреда на мозокот, личности кои имаат експанзивен интракранијален процес или дијагностицирана ментална болест. Тие ентитети влегуваат во категоријата на ментални и душевни болести и мозочен органски психосиндром кои покрај темно тријадните и темно тетрадните карактеристики се комплицираат со психопатија, социопатија и психичка или физичка агресија. Симптомите обично исчезнуваат откако личноста ќе ја изгуби моќта но не веднаш туку по одреден преоден период. Доколку личноста има повторно испорака на количество на моќ, симптоматологијата се враќа поради стекнатите условни рефлекси во поведението и поради неизбришаната меморија во која се депонирани обрасците на однесување за време на практикувањето на стекнатата моќ. Личностите кај кои постојат доблести од типот на реална скромност, прифаќање на критики, способност за самокритика и чувство на срам, кои поседуваат одредена доза на цинизам која е во контекст на нивниот смисол за хумор, не се кандидати за развивање на Хубрисов синдром. Темно тријадната и темно тетрадната конституција на личноста во композиција со или без коморбидитети се тема на расправа во овој труд со цел да се види и темната страна на нарцисоидноста со цел превенција на конфликтите и спречување на последиците од типот на агресија врз жртвите на нарцисната злоупотреба која е веќе секојдневие во општеството особено во оние општествени уредувања кои се во транзиција и каде сеуште моралните норми се заобиколуваат, а општествено социјалните

девијации не се цензурираат ниту санкционираат. Тоа создава еден бестежински, вакуум простор кој дава слобода за еволуција на личностите со нарацисоидно пореметување на личноста кои во општество без цензура и санкции експонираат жирока плејада на симптоми кои допрва треба да се категоризираат во синдроми. Но за да дојдеме до тој дел потребно е сите заедно да се вложиме како личности во истражување на оваа мултикомплексна проблематика се со цел изнаоѓање на дискретните разлики помеѓу здравиот и патолошкиот нарцизам, нивна квалитетна дефиниција и диференцијација. Со то ќе можеме многу полесно да ги стимулираме талентите кој манифестираат здрав нарцизам наспроти патолошкиот нарцизам кој бара психолошка обработка поради штетното влијание врз општествените текови и поради последиците по личноста како поединец. Во ова истражување е неможно да се работи ретроспективна или проспективна студија и затоа ќе истражуваме ex tempore или во реално време и тоа на неколку кохорти и една рандом група со цел добивање реални резултати во актуелна ситуација и актуелен амбиент. Ќе се направи споредба и со епидемиолошките модели и индиктори кои ќе го детерминираат влијанието на амбиентот, егото, нагоните и моќта врз засегнатата личност со оваа пореметување со употреба на методолошките и епидемиолошките модели за собирање, обработка и евалуација на добиените резултати.

Клучни зборови: нарцисно инарцисоидно растројство на личноста, синдром на хубрис, моќ, авторитет, величественост, грандиозност, темна тријада на личноста, темна тетрада наличноста, психопатија,епидемиологија

The narcissistic constitution of the person as a source of conflict and violence in everyday communication and behavior

Abstract

Narcissistic personality disorder is a unique pattern of behavior characterized by a strong and unbridled sense of grandiosity, an uncontrollable strong need to deliver admiration from the environment, extreme arrogance, preoccupation with thoughts of unlimited power and success, and a complete lack of empathy. There are two generally different types of narcissism that differ not in symptomatology but in their evaluative outcome as a product of those personality traits. Every ambitious person has a set goal to achieve life's

ambitions and desires and uses all possible tools to successfully complete the set and desired goal as a source of their own satisfaction and sometimes to fulfill the wishes of those around them. Always when achieving the set goals, a certain dose of the so-called is desirable and necessary. healthy narcissism, but if the dose leads to disharmony with the environment and difficulties or impossibility to maintain social relations, then it is a question of pathological narcissism. The line between healthy and pathological narcissism is so thin that it resembles a tightrope that balancers walk over an abyss. Their movement is actually swaying to the left or to the right in order to maintain the balance of the body. The swaying is actually a graphic description of how thin the border between healthy and pathological is, and it is actually the real picture of the transition from healthy narcissism through border line narcissism and pathological narcissism. In the context of narcissistic personality disorder and its characteristics, in addition to psychopathy, sociopathy, sadism, it is necessary to mention the hubris syndrome, which manifests itself more and more often in our society, especially in political circles. Hubris syndrome is defined by researching how certain people in high positions behave before and at the moment when they receive a certain amount of power and authority that puts them at a higher level of social streams. The syndrome is closely correlated with power, function and political influence and is most often manifested if the person has a sufficient amount of power, influence and authority with which he can influence the elements of society. Hubris syndrome cannot be associated with people who have suffered a brain injury, have an expansive intracranial process, or a diagnosed mental illness. Those entities enter the category of mental and soul diseases and brain organic psychosyndrome which, in addition to the dark triad and dark tetrad characteristics, are complicated by psychopathy, sociopathy and mental or physical aggression. Symptoms usually disappear after the person loses the power. People who are adorned with virtues such as modesty, acceptance of criticism, possess a certain amount of cynicism that is in the context of a sense of humor, are not candidates for hubris syndrome. The dark triad and dark tetrad constitution of the personality, its composition with or without comorbidities, are the subject of discussion in this paper in order to see the dark side of narcissism in order to prevent the consequences for victims of narcissistic abuse, which is already everyday in society, especially in those social arrangements that are in transition and where moral norms are still circumvented, and social deviations are not sanctioned. It creates a weightless space that gives freedom for the evolution of individuals with narcissistic personality disorder who, in a society without censorship and sanctions, exhibit a wide variety of symptoms that have yet to be categorized into syndromes. But in order to get to that part, it is necessary

that we all invest together as individuals in researching this multi-complex problem with the aim of finding the discrete differences between healthy and pathological narcissism, their qualitative definition and differentiation. With that, we will be able to stimulate talents that manifest healthy narcissism much more easily as opposed to pathological narcissism that requires psychological processing due to the harmful impact on social flows and the person as an individual. In this research, it is impossible to do a retrospective or prospective study, and therefore we will research ex tempore or in real time and that on several cohorts and one random group in order to obtain real results in a current situation. A comparison will also be made with epidemiological models and indicators that will determine the impact of the environment, ego, drives and power on the affected person with this disorder.

Key words: narcissistic inarcissoid personality disorder, hubris syndrome, power, authority, grandeur, grandiosity, dark triad of personality, dark tetrad of personality, psychopathy, epidemiology

„ Нарцизмот е поблиску до самоомраза отколку до самообожување.„

Кристофер Лаш, писател

Преглед

Нарцисоидно растројство на личноста е состојба на ментално здравје во која луѓето имаат неразумно, нереално па дури и немерливо високо чувство за сопствената важност и големина. Тие имаат силна потреба од внимание и сакаат другите да им се восхитуваат. Личностите со вакво нарушување вообичаено немаат способност да ги согледаат, разберат и да се грижат за чувствата на другите личности во нивната поблиска или подалечна околина. Но, зад маската на екстремна самодоверба, самобендисаност и самобитност, се кријат личности кои не се сигурни во себе и поради тоа лесно се вознемируваат и реагираат дури и при најмала критика насочена кон нив. Личностите со нарцисоидно растројство на личноста имаат проблеми во многу области од нивниот живот, како што се врските, работата, училиштето, финансиите, општествено – социјалните интеракции, моралот, религијата, политиката и воопшто со поблиската и подалечната околина . Личностите со нарцисоидно растројство на личноста се генерално

несреќни, разочарани и навредени кога не им се испорачуваат очекуваните дози на восхит за кои се убедени дека во потполност ги заслужуваат. Нарцисоидното растројство на личноста е процентуално повеќе застапено кај машката популација отколку кај женската. Манифестната симптоматологија најчесто се јавува во тинејџерските години или во раната зрелост. Некои деца може да покажуваат особини на нарцисоидност, но тоа е често типично за нивната возраст во која се натпреваруваат со своите соученици со цел да се допаднат на припадничките на спротивниот пол. Тоа е сосема нормална појава во таа возраст и не значи дека тие личности задолжително ќе развијат нарцисоидно растројство на личноста со сите свои карактеристики. Симптомите на нарцисоидно растројство на личноста претставуваат варијабилна и комплексна категорија може да варираат. Личностите со вакво нарушување можат да имаат неразумно високо чувство за самобитност и потреба од испорака на прекумерно восхитување од страна на елементите на амбиентот.Чувствуваат дека заслужуваат привилегии и посебен третман во општеството. Очекуваат да бидат препознаени и нотирани како супериорни личности иако немаат никакви реални достигнувања. Поради тоа и минорните или занемарливите достигнувања кои се сметаат за секојдневна активност ги мултиплицираат и им додаваат нереална вредност со цел да изгледаат многу поголеми отколку што се. Преокупирани се со фантазии за сопствен успех, моќ, сјај, убавина, гламурозност, големина или имање совршен партнер покрај себе. Апсолутно се уверени дека се супериорни во однос на другите личности и сметаат дека можат да комуницираат само со личности кои се на некое високо општествено или научно ниво. Секогаш се критички настроени и ги презираат личностите за кои сметаат дека не се воопшто важни во општеството. Секогаш очекуваат посебни услуги од другите и не трпат приговори или одбивање. Имаат развиено вештини со кои го добиваат она што го бараат. Не ги забележуваат ниту препознаваат потребите и чувствата на другите личности.Завидливи се но веруваат дека другите повеќе ним им завидуваат. Арогантни се и вообразени и тоа не го кријат, туку го сметаат за нивна доблест. Истовремено, луѓето со нарцисоидно растројство на личноста имаат проблем да се справат со критичите насочени кон нив. Во такви ситуации тие стануваат нетрпеливи или лути кога не го добиваат очекуваното признание, награда или восхит. Имаат проблеми во интеракцијата и комуникацијата со другите личности. Штом почувствуваат дека се омаловажени, веднаш реагираат со изливи на гнев или презир како и со омаловажување на другите околу себе, со цел да се почувствуваат супериорни. Тешко ги

контролираат нивните емоции и поведение и тешко се справуваат со стресот. Адаптабилноста кон промените (особено кон другите личности) им е слаба страна поради комплексот на виша вредност. Чувствуваат висок степен на анксиозност и депресија во моменти кога не можат да постигнат совршенство. Во исклучителни моменти на неуспех, чувствуваат несигурност, срам, понижување и страв кои ги прави депресивни или агресивни во зависност од нивната базична конституција на личноста.

Истражувачки проблем

Поради неконзистентноста на поврзаноста на на нарцисоидноста која е обележана со темно тријадни и темно тетрадни карактеристики не може со сигурност да се детерминираат тошните карактеристики на нарцисоидните личности во различни ситуации и различни средини. Секоја студија покажува различни резултати кои отстапуваат помеѓу себе во различен степен. Веројатно тоа се должи и на различноста на самата средина која и овде како и во епидемиолошките модели на поврзаност покажува сигнификантно влијание на личноста. Диспозицијата на личноста (епидемиолошки: приемчивоста) е исто така една од важните и влијателните варијабли во дефинирањето на структурата на личноста што може да се прикаже и со епидемиолошките модели како што се Гордоновиот тријас и Вограликовиот синџир кои докажуваат дека постои позитеивна и силна поврзаност помеѓу личноста, амбиентот и агенсите кои влијаат на формирањето на структурата на личноста. Со оваа истражување ќе се обидам да го прикажам процентот на базична нарцисоидност во одредена популација и влијанието на средината врз активирањето на латентните нарцисоидни карактеристики и врз степенот на нарцисоидност. Кај нарцизмот, особено грандиозниот, може да се очекува позитивна корелација со физичкото и академското јас, или со домените на селф концептот кои се поврзани со ефикасноста на нарцисот на било кое поле. Обрасците на нарцисоидното поведение се многу специфични и доколку се посомневаме дека постои вакво пореметување, со базични познавања на овие обрасци релативно лесно се открива дали се работи за нарцисоидна или нарцисна личност. Тоа ни дава можност да го предвидиме поведението на нарцисната личност однапред, согласно познавањето на неговите обрасци на однесување. Со тоа се создава простор за превенција на предвиденото поведение што е ектремно важно доколку се работи за нарцисна личност со препатолошко или патолошко поведение кое во поголем дел од случаите завршува со агресија и насилство што е од исклучителна

важност доколку се работи за ваква личност која е директно поврзана со широката популација преку професијата или општествено социјалниот статус и може да влијае со своето поведение на личностите од поблискиот или подалечниот амбиент. Доколку кај личноста се препознае т.н. „здрав нарцизам„ кој има реална основа и позитивна конотација, тогаш раната детекција на оваа карактеристика на личноста (се однесува на личности кои покажуваат натпросечни квалитети во различни конотации од животниот циклус и општествените текови), дозволува канализирање и стимулација на натпросечноста во адекватен правец со цел правилно насочување на талентите и надпросечностите на тие личности што може да даде огромен бенефит за општествените и научните текови.

НАРЦИСОИДНО ПОРЕМЕТУВАЊЕ НА ЛИЧНОСТА

Класификација според DSM-V (American Psychiatric Association, 2013)

Нарцисоидното растројство на личноста често се поврзува со други нарушувања и предизвикува значително функционално оштетување и психосоцијална попреченост. Сепак, тоа е едно од најмалку проучените нарушувања на личноста. Како резултат на тоа, постои значителна доза на конфузија и неконзистентност во однос на веродостојноста, валидноста, специфичноста и чувствителноста на дијагностичките критериуми, како и распространетоста на нарушувањето, и до денес нема рандомизирани клинички испитувања кои ја испитуваат ефикасноста на кој било третман за нарушувањето (Levy et al., 2009). Всушност, поради ограничената истражувачка литература и вклучувањето на категоричен и димензионален пристап кон дијагнозата, нарцисоидното растројство на личноста беше класифицирано во Дел II (Дијагностички критериуми и кодови) и исто така реконструирано во Дел III (Нови мерки и модели кои се појавуваат) од DSM-5 (Caligor и et al., 2015). Во DSM-5 (Американско психијатриско здружение, 2013), нарцисоидното растројство на личноста е дефинирано како присутен образец на манифестна грандиозност (во имагинацијата или во реалното поведение), проследено со постојана и незапирлива потреба за испорака на восхит од амбиентот и недостаток на емпатија, почнувајќи

од периодот на адолесценцијата па понатаму и е присутна во различните контексти на животното искуство.

За да се постави дијагноза, потребно е присуство на најмалку 5 од следните 9 критериуми:

I. Грандиозно чувство на самобитност и самобендисаност

II. Преокупација со фантазии за неограничен успех, моќ, сјај, убавина или идеална љубов

III. Верувањето дека тој или таа се посебни и единствени и дека можат да ги разберат исклучиво личности или институции со висок статус

IV. Потребата за прекумерно самовосхитување

V. Чувство дека се секојпат во право

VI. Интерперсонално експлоатирачко поведение (најчесто еднонасочно свртено кон жртвата на нарцисоидната злоупотреба)

VII. Недостаток на емпатија и грижа на совеста (кај нарцистичката психопатија)

VIII. Завист кон успесите на другите лчности од околината или лажно верување дека другите му завидуваат на нереалните квалитети

IX. Демонстрација на арогантно и вообразено однесување или презентација на такви ставови, но и вербално и физичко агресивно однесување (кај нарцистичката психопатија)

Овие официјални дијагностички критериуми не претставуваат промена од претходното издание на ДСМ, бидејќи се базираат на категоричен пристап, односно клиничка слика. Треба да се забележи, сепак, дека во моментов постои општа предност за димензионалниот модел како што е наведено во III поглавје од DSM-5 („Нови мерки и модели“) наспроти стариот пристап кон дијагнозата што се засноваше на категоричниот модел на DSM-V (Американско психијатриско здружение, 2013) под наслов „Алтернативен DSM-5 модел за растројства на личноста“, беа воведени нови димензии за нарцисоидно растројство на личноста врз основа на (I) нарушување на личноста што го попречува нејзиното нормално функционирање и (II) патолошките карактеристики на личноста (Амбардар, 2018).

Поточно, во овој предложен нов модел, нарцисоидното растројство на личноста се карактеризира со умерено или тешко нарушување на личноста што го пореметува функционирањето на таа личност, а е манифестирано со карактеристични потешкотии во две или повеќе од следните четири подрачја на кои се дел од структурата на личноста:

I. Идентитет

II. Самонасочување

III. Емпатија

IV. Интимност

Личностите со нарцисоидно пореметување на личноста, исто така, може да покажат симптоми на биполарност како депресивни и манични епизоди на расположение (Амбардар, 2018), иако најчесто тоа поведение е резервирано за затворената нарцисоидност кај полабилните личности кои се фиксирани за некоја од развојните фази на личноста.

Нормален и патолошки нарцизам

Преовладува мислењето дека постојат две основни манифестации на нарцизмот, имено **нормален, здрав (функционален) и патолошки нарцизам** (Russ et al., 2008). Нормалниот, здрав (функционален) нарцизам придонесува за субјективна благосостојба,самоувереност и самобитност, односно е поврзан со позитивна перцепција за себе и е во позитивна конотација. Некои студии покажуваат дека луѓето несвесно го користат функционалниот нарцизам за да бидат успешни во некој контекст од животната емпирија. Поради фактот што тие личности имаат предимензионирана перцепција за себе и сопствените квалитети, тие се однесуваат лежерно и релаксирано поради самоувереноста која е една од карактерните црти на нарцизмот. Сигурноста во сопствените квалитети и склоноста кон натпреварувачко однесување и енергија ги прави поуспешни од другите. Тоа е реалност и таквите способности на личноста треба навремено да се нотираат и да се развиваат во вистинска насока со цел нивна адекватна евалуација. Самата адекватна евалуација од ваквитse личности е перцепирана како нарцсоидна испорака и валидација на нивните реални квалитети, што постојано го храни нивното его и ги стимулира кон понатамошни успеси. Поради нивното високо ниво на функционирање, на прв поглед, таквитеиндивидуи погрешно се класифицираат како индивидуи со нарцисоидно пореметување на личноста доколку се држиме до дефинициите на случај презентирани во DSM-5 (Американска психијатриска

асоцијација, 2013). Доколку се анализира малку подлабоко структурата на ваквата личност ќе се увидат разликите помеѓу здравиот, функционален нарцизаам и патолошкиот нарцизам кој претставува нарушување на личноста во вистинска смисла на зборот. Погрешната дијагноза и детерминација на нарцизмот нјчесто се случува поради погрешна дијагностичка проценка (Russ et al., 2008). Од друга страна, постои патолошки нарцизам, кој се опишува како неуспех на личноста да се справи со критиката од амбиентот што стимулира сомнеж во сопствените доблести, компетенции и перформанси. Сето тоа го дестабилизира егото на личноста преку низа состојби кои го попречуваат секојдневното функционирање, како што се: нарушувања на расположението, анксиозност, фобии, опдсесии, опсесивно компулзивни дејства, акохолизам и зависности од психоактивни супстанции. Доколку се во композиција со други растројства на личноста (асоцијални, социопатски, гранични случаи и случаи со депресивна конституциа на личноста, тогаш поради регресијата кај овие личности експоненцијално се зголемува ризикот од суицид (tentamen suicidi et suicidum). Во случај на композиција на нарцисоидното пореметување на личноста со психопатија, немаме регресија туку агресија која се манифестира со вербално и физичко насилство кон жртвата на нарзцисоиидното пореметување на личноста со психопатски црти. Неретко кај овие пореметувања на личноста доколку нема доволна нарцисоидна испорака, валидација или ако се случи напуштање, постои опасност од хомицид или убиство (tentamen homicidi ili homicidum et femicidum). Поради горенаведеното, дефинитивно постои двојна природа на оваа конституција на личноста, каде што станува збор за форма на здрав,функционален нарцизам и за нездрав, патолошки нарцизам кој е растројство на личноста во вистинска смисла на зборот.

Етиологија на нарцизмот

Додека самата грандиозност е главната дијагностичка карактеристика на патолошкиот нарцизам, постојат научни податоци кои водат до заклучок дека патолошкиот нарцизам се јавува во две форми,

(а) грандиозна состојба на свеста кај помладите адолесценти што може да се коригира со подоцнежни животни искуства

(б) стабилно нарушување опишано во DSM-IV (Американски дијагностички прирачник за ментални болести) кое не е толку многу дефинирано со грандиозност колку со сериозни нарушувања во

интерперсоналните односи. Всушност базичната поделба на нарцисоидноста би била следнава:

- Грандиозен (отворен) нарцизам. Тој се карактеризира со ароганција, самодоверба, самобендисаност, самобитност,тенденција кон искористување на другите личности за задоволување на сопствените нарцисни потреби како и потполн недостаток на емпатија кон секого. Надворешно гледано нарцисот презентира некаква грандиозност наспроти сопствената самодоверба, што всушност е компензација од нарцисното его за формираното лошо мислење кој самиот нарцис го има за себе и сопствената личност.

- Ранлив (маскиран, кревок) нарцизам. Се карактеризира со пречувствителност, често претопување во улога на жртва, склоност кон манифестација на лажен срам и каење. Овие наци си надворешно изгледаат како емоционално кревки луѓе со многу ниска самодоверба, но всушност таквото однесување е еден вид одбрамбен механизам во вид на бегање од реалноста во моменти кога не можат да се справат со други личности во одредени ситуации кои се за нив конфликтни и стресни.

Нарцисите страдаат од прекумерно чувство на самобитност поради што секогаш ги предимензионираат нивните достигнувања и успеси и задолжително очекуваат награда и признание за нешто што реално не го заслужиле!

Обичните (примарните) нарциси покажуваат претерано чувство на самобитност (внимание свртено кон самиот себе), без разлика дали зборуваат за семејството, работата или животот воопшто, како никој друг да не постои во нивната перцепција. Што и да прават, тие се главна ѕвезда (one man show), оставајќи впечаток дека на рамениците носат епска одговорност за своето семејство или општество, дека мораат да се грижат за се бидејќи од нив зависат нивните сопружници, партнери или соработници, т.е. тие не можат да функционираат без нив. Наративот ,,светот се врти околу мене,, е привилегија и сопственост на примарните нарциси со висок степен на грандиозност! Тие ги игнорираат или ги минимизираат па дури и негираат компетенциите и придонесите на другите личности и редовно се жалат дека никогаш никој не им помага во квази обврските кои самите си ги делегираат, ги глорифицираат и предимензионираат. Лесно можат да поттикнат сочувство или восхит кај другите за нивното ,,храбро и несебично,, справување со животните тешкотии или за нивната несебична жртва која ја поднеле ,,за доброто на другите,, (иако тоа другите „не го заслужиле“). Сепак, оваа нивна

секојдневна грандиозност е еден од аспектите на нарцизмот како структура во која не можете да навлезете туку така, освен ако не добиете можност и дозвола да како личност од понизок ранг (според критериумите на нарцисот) остварите директен и подолготраен интерактивен контакт со него. Нарцизмот е состојба која се карактеризира со ниска емпатија и самовреднување, со енормна зависност од потребата нарцисот да се чувствува посебно и грандиозно, што резултира со однесување што им штетат на другите личности од поблискиот или подалечниот амбиент. Кај нарцизмот секогаш постои прикриено или манифестно емоционална злоупотреба во смисол на сексизам и мизогинија (кај нарцисите припадници на машкиот пол), но и агресијата и физичката злоупотреба се честа појава особено во партнерските врски. Многу често нивната лажна експресија на сопствената личност е шармантна, харизматична или „убава“, но за да тие бидат уверени во веродостојноста на тој факт им треба ,,сигурна потврда,, од околината, се со цел да можат да ја ,,одржуваат,, лажната личност преку која се претставуваат во јавноста, која им служи како параван зад кој се затскриваат и се залажуваат себеси дека тоа се вистинските тие украсени со сите доблести и епитети. Тоа воедно им е заштита од неконтролирана експресија на нивните вистински чувства.Таа надворешна потврда или валидација од околината се нарекува „нарцисоидна понуда“. Едноставно кажано се работи за ,,храна,, која го задоволува емоционалниот апетит на нарцисното его. Тие имаат силна потреба постојано да добиваат внимание, кое доколку не им биде испорачано во доволни количини кои го задоволуваат нивното ,,гладно,, его се трансформираат во конфликтни и агресивни личности кои неретко влеваат страв кај околината.Тоа е резултат на фиксациите или регресиите кон некоја од развојните фази на личноста, која императивно бара од нарцисот постојано себедокажување поради комплексот на ниска вредност кој му е наметнат за време на развојот на личноста како резултат на абнормалното поврзување или бруталното одвојување од родителот кон кого бил приврзан, како можен одговор на строгото воспитување или нездравитте интрасемејни односи во кои имало примеси на емоционално и физичко насилство. Вистинските нарциси всушност имаат многу ниска самодоверба. За нив е неподнослиро да ги признаат своите вистински чувства на ниска вредност или безвредност, срам, несоодветност, неспособност, некомпетентност, лажна скромност и обиди за емпатија која всушност е ,,пластичен шаблон на емпатична маска,, чија лажност се открива и при површна комуникација со нарцис. Тоа создава енормно голем емоционален притисок кај нарцисот кој се манифестира со екстремна

анксиозност или маскирана фобија, што го принудува нарцисот да се крие зад лажно креирани личности со идеални карактеристки кои нарцисот самиот би посакувал да ги има како сопствени одлики. Тие ,,лажни идеални карактеристики,, нарцисот ги изложува во јавноста како ,,брендирана кукла во излог облечена во најскапа облека,, и се гордее со тоа изложување кое со текот на времето и во зависност од потребите го надоградува со најразлични ,,карактерни украси,, се со цел да остане во центарот на вниманието со што го задоволува своето его и ја смирува анксиозноста и менталниот притисок. За разлика од јавната експресија на нарцисот во амбиентот кој го опкружува, нарцисот во затворени амбиенти скриени од јавноста и од јавната цензура, се дезинхибира и децензурира и многу полесно ја демаскира неговата вистинска личност. Во вакви амбиенти (врска, брак, семејство...) неприфаќањето на наметнатите карактеристики на нарцисот многу често наидуваат на неодобрување од елементите на амбиентот кои во одредени моменти чувствуваат ,,лажна,, слобода дека можат да го искажат своето мислење кое не се вклопува во самодефинираните црти и карактеристики на нарцисот, што за жал ги ослободува нецензурираните реакции кои се потиснати во несвесното и тие излегуваат на површина во вид на агресија и изливи на бес кои се истураат врз елементите на амбиентот. По вакви повторувани изливи на агресија и насилство по некое време нарцисите ги губат изворите на валидација заради напуштање и се принудени да бараат други алтернативни валидатори и дистрибутери на нарцисоидна понуда. Поради причината што еден ,,извор,, никогаш нема да може да му обезбеди доволно нарцисоидно снабдување на нарцисот кое ќе ги задоволи потребите на неговото его, нарцисот си обезбедува можност за добивање валидација од повеќе извори (едновремено или сепаратно). Ова е многу важно да се разбере - вистинскиот нарцис се однесува (често суптилно) лошо кон сите околу него, освен кон луѓето кои им даваат голема и редовна **нарцисоидна понуда**. Во нарцисоидните детерминации тешко ќе најдете генијални личност. Процентот на застапеност на вистинските генијалните личности во нарцисоидната популација е околу 0,1%. Нарцисите се преокупирани со фантазии за безграничен успех, моќ, сјај, убавина, знаење, сила или идеална љубов. Нарцисите негуваат солипсистички фантазии кои се фиктивни, што значи дека живеат во свои мали затворени светови, т.н. алтернативни универзуми кои за нив претставуваат еден вид ,,конфорна зона,, во која доминираат со своите експресии, владеат во нив и никако не дозволуваат навлегување на реалноста во нивниот свет во кои тие се недопирливи, неповредливи и апсолутни владетели. Нарцисот е убеден

во фактот дека е „посебен“ и дека може да го разберат само оние кои се слични на него, т.е. луѓе кои генерално имаат висок статус во општеството без разлика за кои општествени кругови се работи бидејќи нарцисот е сестран и најдобар бо секоја област и поради тоа има право на припадност во таквите амбиенти поради неговата убеденост за квалитетите кои мисли дека ги има. Нивната девиза е дека ,,секој кој не е посебен или супериорен е едноставно безвреден,, и непотребен. Според нивната дефиниција, нормалните луѓе не се ниту посебни ниту супериорни,ниту ги имаат идеалните перформанси и затоа се безначајни и инфериорни за нарцисисите. Но затоа пак во широките маси на нормалните личности нарцисот бара нарцисоидна понуда во вид на прекумерно восхитување од другите како валидација на неговите квази кавалитети. Сакаат пофалби, награди, внимание и комплименти, сервилност и послушност од другите. Постојано да им завидуваат на другите личности иако се сметаат за подобри од нив и постојано бараат потврда дека сè што прават е подобро од она што го прават другите и бараат тоа да им биде испорачувано почесто, погласно, секојдневно и во високи дози без да бараат потврда за искреноста на испорачаната валидација. Нарцисот се храни со квантитативна валидација и не го проверува нејзиниот квалитет. Нарцисистот секогаш мисли дека има право на нешто без разлика дали тоа право е реално или не. Секогаш очекуваат автоматска согласност со нивните желби. Кога нарцисот сака да направи нешто, околината според него е должна веднаш да ги прекине сите активности и вниманието и енергијата да ги насочи кон реализација на неговото барање. Доколку неговите очекувања не се остварат, нарцисот незадоволството го манифестира генерално со излив на гнев кон валидаторите или се фрустрира и во зависност од конституцијата на личноста и степенот на пореметувањето може да влезе во депресивна или манична епизода со сите манифестации карактеристични за овие состојби. Себични се и себично ги користат другите за постигнување на сопствените цели. Користат други личности за да го добијат тоа што го сакаат и не им е грижа дали тоа ги чини или повредува другите луѓе. Недостаток на емпатија е сосема нормална работа за нарцисот, дури може да се каже дека е негова карактерна особина. Нарцисот не е подготвен ниту способен да ги препознае потребите, барањата или чувствата на другите личности, и затоа не сочувствува со нив. Нарцисот ги игнорира другите луѓе кога зборуваат за нивните проблеми, радости или секојдневие поради неговото видување дека тоа се проблеми кои се однесуваат на инфериорни личности кои се вон неговите квалитети и не се објект од негов интерес. Воспоставувањето на нарцисоидно ,,јас,, е дел од

процесот што го означува развојниот успех на таквата личност. Фантазиите за грандиозноста и нејзина глорификација се дел од тој развоен процес, а предвременото и непланираното нарушување на овие фантазии од било која причина, понатаму води кон подоцнежно развивање на нарцисоидна хиперсензитивност. Предвременото нарушување на развојниот процес на нарцисот доведува до сузбивање на фантазијата за грандиозност која станува недостапна за развојните влијанија и модификации и сериозно го нарушува развојот на нарцисоидното его. Ако се работи за нормален развој кој се одвива без влијание на моќта на нарцисоидното,, јас,, тие постепено се интегрираат во егото, што и овозможува на личноста да се развива нормално под влијание на сопствените активности и успеси и адаптивно и корективно да го користи чувството на повремено разочарување со одредена минимална доза на спротивставување,гнев, срам но и чувство на вина во ситуации на сопствен неуспех. Од друга страна, его идеалот може да формира целина со егото, да се интегрира со него или да се развива паралелно со него што е здрава основа за формирање на нормална личност. Нарушувања претходно категоризирани како психоневрози сега се поделени во посебна категорија т.н. нарцисоидно растројство на личноста. Лицата со нарцисоидно растројство на личноста имаат одредени карактеристики кои го отсликуваат пореметувањето. Лицата со нарцисоидно пореметување на личноста имаат многу лабилна самодоверба, особено се чувствителни на неуспех, разочарување, непочитување или омаловажување од други луѓе. Психоанализата како еден од терапевтските обиди за лекување нарцисоидното пореметување на личноста, за жал, не довело до ублажување на страданата ниту пак престанок на нарцисоидното поведение, туку довело само до будење и реактивирање на одредени специфични нарцисоидни потреби кои биле зачаурени во потсвеста и со психоаналитичката сеанса полесно излегле во свесното. Нарцисоидниот трансфер, кој е патогномоничен знак за нарцисоидните синдроми, бил поделен од Kohut (1977) на два вида:

1. **трансферот ,,слика во огледало,,** е повторно оживување на недоволното или неточното реагирање на потребите на децата за прифаќање и самопотврдување преку „отсликување“ во огледалната слика. Причината за тоа лежи во т.н. ,,феномен на перцепција и ефект на огледало,,. За да биде појасно: Една од главните причини зошто изгледаме лошо на фотографиите лежи во фактот што сме навикнати да се гледаме себеси во огледало. Огледалото ни дава превртена слика, а таа слика ни станува референца или еталон за нашиот сопствен изглед. Кога гледа фотографија, разликите можат да бидат поизразени и да

отстапуваат од сликата на која нарцисот е навикнат и која ја смета за идеална . Фотографиите ја прикажуваат сликата како што што ја гледаат другите личности од околината, наспроти одразот во огледалото, што може да предизвика чувство на непријатност или непрепознавање, чувство на грдост, што ја руши идеалната слика на нарцисот за сопственото его и раѓа дополонителна анксиозност која за да биде компензирана раѓа опсесии, фобији или опсесивно-компулзивни дејствија како регулаторни механизми преку кои се празни акумулираната анкзиозна енергија која која создава енормен ментален притисок поради незадоволството на личноста од сопственото јас (физичко и психичко).

2. **идеализираниот трансфер** е механизам преку кој се оживува потребата за поврзување со изворот на идеализирана слика за сопственото јас, кој всушност е објектот со кој се споредува нарцисот (најчесто еден од родителите) уште од периодот на развојните фази на личноста и кој го претставува идеалното кое нарцисот се стреми да го постигне со цел задоволување а сопственото его.

Во својата понатамошна работа, Kohut (1977) тврди дека суштината на нарцисоидното нарушување на личноста не може да биде соодветно дефинирана во рамките на класичната психоаналитичка теорија, која е заснована на нагони, истражување на нивното потекло преку декодирање на асоцијациите добиени за време на сеансите и нивно контролирање со цел стабилизација на менталната енергија и нејзина контролирана декомпресија со цел намалување на анксиозноста. Патологијата во овие синдроми се крие во ослабеното или дефицитарно нарцисно его, поради што веќе се јавува потреба од дополнување и проширување на класичната теорија за либидото и либидното влијание врз формирањето на личноста со вметнување на влијанието на поголем број фактори како етиолошки фрагменти во дефиницијата на личноста во правилна или девијантна насока.

Емпатијата е способност да се препознаат и толкуваат емоциите на другите луѓе, но и да се даде адекватен одговор на истите согласно моралните и општествените норми. Недостатокот на емпатија кај некои личности, вклучувајќи ја и нарцисоидната и нарцисната личност, хубрисот и психопатот може да се манифестира на два начина:

(а) Личности кои ги перцепираат и правилно ги толкуваат емоциите на другите, но тоа воопшто не ги засега и не се допрени од тагата или страдањето на другите личности (тие честопати уживаат да гледаат како

другите страдаат), што е типична карактерна црта на психопатите и социопатите со садистички црти како коморбидитет.

(б) Личности кои не се способни да ги перцепираат, препознаат и правилно да ги интерпретираат емоциите кај другите луѓе, што е покарактеристично за нарцисоидното пореметување на личноста. Нарушената емпатија може (иако многу ретко) да се манифестира многу слично на пореметувањето наречено alexithymia, или недостаток на адекватни зборови со кои личноста би ги опишала емоциите, а се среќава кај некои психосоматски болести, како на пр. оние болести во кои емоциите се доживуваат на соматски (соматизација), а не на психолошки начин и не е црта на нарцисната личност туку се работи за сосема друго пореметување како што се некои невротични пореметувања, неврастенијата, хистериформните растројства и хистеријата кое го спомнуваме од академски причини со цел во праксата да не се помешаат симптомите кои се слични и се испреплетуваат. Индивидуите со манифестно растројство на личноста немаат нормална идентификација помеѓу телото и егото, па нивните тела ги сметаат за еден вид инструменти, алатки со кои располагаат како понуда за да го добијат она што го бара нивното его. Во други случаи, тие може да го перцепираат сопственото тело како „зандана за мачење“ во која се осудени на доживотно страдање. Ова се однесува на нарцисите кои се гранични случаи или имаат психопатолошка црта во пореметувањето а основата на незадоволството ја пронаоѓаме во незадоволството од сопствениот надворешен изглед што особено се потенцира при приговори и критики на сметка на нарцисниот изглед од валидаторите од амбиентот. Тоа буди и акумулира огромна негативна енергија во потсвета која е контролирана од суперегото и се манифестира како слободно лебдечка анксиозност (free floating anxiety). Дури и при најмало попуштање на цензорните механизми без разлика дали етиологијата е органска или психичка, настанува кортикална дезинхибиција и ментална декомпресија која доведува до експлозија на чувства чија обоеност ќе зависи од конституцијата на личноста и психичките коморбидитети. Голем број од нарцисите се свесни за фактот дека нивните чувства се поразлични од чувствата на другите луѓе. Кај нив прагот на перцепција на чувствата е многу висок, не само во однос на интензитетот на чувствата, туку и нивната разновидност односно квалитет, но нарцисите не го сметаат ова за сопствен недостаток туку како доказ за сопствената супериорност над другите поинфериорни личности и едноставно се незаинтересиран за перцепцијата и разбирањето на туѓите емоции. Како личности се

завидливи, но воедно се убедени дека другите личности им завидуваат на се. Покажуваат арогантно, горделиво, самобендисано однесување и ги презираат другите личности како неквалитетни и инфериорни во однос на нив. Обично многу мал процент од нарцисоидните личности се официјално категоризирани како нарцисоидно пореметување на личноста од проста причина што тие никогаш не побарале помош, ниту пак биле подложени на клинички преглед. Всушност нарцисот, неговото однесување го смета за нормално и не гледа причина зошто би барал било каква помош која се однесува на неговото ментално здравје. Затоа, во најголем број на случаи, стручна помош бараат членовите на семејството или личности од блиското опкружување кои се засегнати од нарцисното поведение. Но за жал, примарната карактеристика на нарцисите е нивното сопствено убедување дека тие се секогаш во право без разлика на се. Поради тоа, тие се исклучително резистентни на психолошки интервенции и третмани поради што во одминатата возраст стануваат уште помалигни во однесувањето и порезистентни на корекции. Најголемиот број од нарцисите ги запоставуваат другите личности во секоја смисла на зборот, иако ниту етички ниту морално не би требало така да се однесуваат. Напротив, нарцисите вршат и вербално и емоционално насилство врз таквите личности. Нарцисите се напорни за интеракција како на работното место така и во домот и семејството и не можат да одржуваат долгорочни длабоки пријателства или емотивни врски. По кус или подолг период речиси сите личности од нивното опкружување кои се директно или индиректно засегнати од нивното поведение, се одвојуваат од нив или ги напуштаат. Тоа одвојување или напуштање нарцисите го перцепираат како спротивставување од страна на личностите кои ги сметаат за интелектуално, емоционално и физички поинфериорни од нив, што генерира дополнителна агресија или гнев кој се манифестира во вид на психичко малтретирање на блиската и подалечната околина. Доколку нарцисот има психопатски црти, агресијата може многу лесно да премине во физичко насилство со несакани последици. Тие се фиксирани за фантастичната слика за самите себе, па неретко нарцисот не гледа туку зјапа во сопствениот одраз во огледалото, се восхитува на самиот себеси што го доведува во состојба на еден вид ,,нирвана,, еден чуден вид на спокојство, мир и задоволство што го воведува нарцисот во ментална благосостојба која го задоволува и смирува неговото его. Поради фактот што нивниот внатрешен живот е прилично ограничен и суштински мртов, тие не знаат како се живее нормален и исполнет живот во заедница во која владеат одредени правила и норми на однесување и има двонасочно споделување на позитивни и негативни

емоции и дејства. Но за нарцисот овие работи воопшто не се важни, бидејќи тој очекува другите да ги извршуваат секојдневните активности за него, додека тој самиот мрази да ја троши својата ментална и физичка енергија на за него навидум обични, несуштински и безначајни работи. Не се вложува во работата, во семејството, во љубовта бидејќи е премногу самобендисан за таква емоционална и работна инвестиција. Всушност поголемиот дел од нарцисоидното пореметување на личноста се сведува на концептот на нарцисоидно снабдување и валидација.

Подвидови на нарцизам

Нарцисоидноста е класифицирана во неколку подвидови, но сите припаѓаат на нарцисоидното растројство на личноста, што е единствената детерминирана медицинска дијагноза на нарцисоидност. Различни видови на нарцисоидност се карактеризираат со различни поведенија или обрасци на однесување кај нарцисите. Постојат различни поделби но прифатениа е поделбата на се следниве шест видови на нарцизам.

1. Отворен или грандиозен нарцизам

Отворениот или грандиозниот нарцизам се карактеризира со класичните особини на нарцисната личност. Овој тип на нарциси лесно се забележува бидејќи вниманието и восхитта кои нарцисите ги насочуваат кон самите себе се премногу очигледни и препознатливи Се работи за личности кои сакаат да бидат во центарот на вниманието, харизматични се, јасно ставаат до знаење дека мислат дека се подобри од сите други околу нив, премногу се конкурентни, наметливи и некритични. Отворените или грандиозни нарциси обично бараат и секогаш очекуваат пофалба за своите достигнувања кои тие ги самопрезентираат. Валидацијата која ја барат за тие т.н. грандиозни дела им е неопходна за задоволување на нивното его и за да ја добијат не бирааат средства, па честопати знаат да бидат многу непријатни во во однесувањето кон валидаторите.

2. Комунален нарцизам

Комуналните нарциси се луѓе кои се обидуваат да се однесуваат како Мајка Тереза или некој вид спасител на светот. Се работи за личности кои волонтираат или се приклучуваат кон хуманитарни, социјални или друг вид на акции, но за разлика од другите, нивните мотиви се сосем различни и тоа го прават исклучиво за да го нахранат своето его. Тоа е начин за да се промовираат себеси во одреден амбиент или во поширокатa околина. Повеќе се фокусирани на сопственото его отколку

на целта на акцијата. Комуналните нарциси ги користат социјалните и општествените настани за промоција на нивната лажна емпатија, но сепак нивната цел не е решавањето на општествениот проблем, туку валидацијата во вид на пофалби или восхит испорачана од околината.

3. Антагонистички нарцизам

Антагонистичките нарциси се исклучително конкурентно расположени и секогаш се фокусирани кон победа во секоја смисла на зборот. Антагонистичките нарциси цврсто се убедени дека сите личности од поблиската или подалечната околина се против нив и тоа ги тера да се расправаат и самодокажуваат со цел да ја докажат својата поента, зад која цврсто стојат и ја бранат. Со цел да ја докажат супериорноста над другите, честопати самите предизвикуваат вербални конфликти со употреба на провокативни нихилистички тврдења. Антагонистичкиот нарцизам се карактеризира со агресивност која се манифестира секогаш кога нарцисот ќе почувствува дека неговото его е загрозено. Агресијата е најчесто манифестирана во вид на вербално обезвреднување на личностите од спротивната страна.

4. Агенсен нарцизам

Агенсниот нарцизам се манифестира со потрагата по социјално општествена моќ и статус на повисоко ниво. Се работи за тип на нарцис кој драматично и експлицитно ги прикажува сопствените ,,лидерски,, способности,во првите моменти лесно може да заведе и изманипулира поширок маси, но за многу краток период на површина излегуваат неговите лични аспирации кон моќ и статус во општествено социјаните и политичките текови. Доколку доживее неуспех во кампањата од било кој вид , не поднесува критика и вината ја проектира на друга страна. Во политичките кампањи, агенсниот нарцис многу лесно може да ги убеди луѓето да гласаат за него на избори за претставник во некое општествено ниво, но откако ќе биде избран и номиниран, најчесто не одговара на обврските и бара изговори за неактивноста. Манифестни знаци на агенсниот нарцизам се предимензионирањето на сопствената интелигенција и креативност, чувството на ексклузивно право на социјална моќ и чувството на супериорност над другите личности.

5. Прикриен или ранлив нарцизам

Прикриените нарциси се на спротивниот крај на спектарот на категоризација од отворените или грандиозни нарциси. Тие се поинтровертни, па честопати изгледаат срамежливо и повлечено. Се

работи за тип на нарцис кој не може да се справи со идејата за неуспех и, како резултат на тоа, е нетолерантен на критики. Критиката за него значи потполн неуспех и тоа го вознемирува неговото его . Овој тип на нарцис се карактеризира со тоа што се чувствителни на критики и тоа го гледаат како личен напад, секогаш се претставуваат како жртви и никогаш не преземаат одговорност за своите постапки. Овие нарциси се пасивно-агресивни но не и безопасни. Во личностите од околината гледаат директна конкуренција што ги вознемирува и депримира.Поради нестабилноста на сопственото его избегнуваат директни конфликти, поради што се принудени конфликтните ситуации ги решаваат преку посредници, најчесто полтрони.

6. Малигнен нарцизам

Малигниот нарцизам е најопасниот вид на нарцизам. Личностите со малигнен нарцизам обично имаат психопатски особини и склоност да се однесуваат садистички или агресивно.До толку се самобитни и самобендисани што воопшто не се грижат за емоциите на другите личности. Овој тип на нарцизам е лесно забележлив бидејќи однесувањето на таквите луѓе одстапува многу од пропишаните и усвоените општествени, социјални, морални и религиозни норми и станува премногу очигледно. Се карактеризира со лажење, манипулативност, агресивност, бес и насилство (физичко и емоционално

Дијагностичка проценка

Диференцијалната дијагноза е тешка поради високата стапка на коморбидитет на нарцисоидното нарушување личности со биполарно растројство, злоупотреба на психоактивни супстанции, депресивно растројство на личноста, анксиозност, опсесивност, посесивност, компулзивност и други видови на растројства на личноста. Маничните епизоди кај биполарно растројство со нивните експресии можеби личат на грандиозен нарцизам, но восхитот што го бараат т.е омаловажување на другите кои обично се типични типични карактеристики на нарцисоидно растројство на личноста отсуствуваат кај пациентите со ПМД кои се во манична фаза. Хроничната злоупотреба на психоактивни супстанции како и таблетоманијата (полипрагмазија и полифармација), можат да влијаат на менталното функционирање на личноста и да предизвикуваат симптоми слични на симптомите карактеристилни за нарцисоидното растројство на личноста. Имено, личност која злоупотребува одредени супстанции најчесто со своето непресметливо поведение, кое е резултат на влијанието на психоактивните супстанции

врз самиот организам, во одредени моменти злоупотребува други личности, ги игнорира туѓите потреби, се фокусира само на себе и често покажува ниска емпатија заедно со асоцијално поведение. Симптомите поврзани со депресивно растројство, социјалната анксиозност и генерализираното анксиозно растројство честопати се преклопуваат и испреплетуваат со карактеристиките на ранливиот, затворен нарцизам и неретко се поставува погрешна дијагноза. Во овој случај, при дефинирањето на дијагнозата се земаат предвид и нивото на анксиозност и видот на депресивните манифестации како и квалитетот на општествено социјалните односи како фактори на средината, кои можат да ја демаскираат клиничката слика преку суптилните разлики во симптоматологијата со што многу полесно се поставува правилна дијагноза. Нарушувања на личноста кои најчесто ја комплицираат дијагнозата на нарцисоидно растројство на личноста се хистрионичен, граничен и антисоцијален. Карактеристична грандиозност и потреба од восхит најјасно го разликува нарцисоидното растројство на личноста од другите растројства на личноста. Нарцисоидното растројството на личноста и граничното растројство на личноста може дополнително да се разликуваат по нестабилното самоспознавање, самопоимање или т.н. селфконцепт, кој заедно со импулсивноста и желбата за самоуништување се јавува кај граничното растројство на личноста. Асоцијалното, антисоцијалното, социопатското, биполарното и нарцисоидно растројство на личноста имаат доста заеднички карактеристики како што се: искористување на другите, површност во односите кое се граничи со ладен афект и апсолутен недостаток на емпатија. Сепак дури и најтешките клинички манифестации на нарцисоидното пореметување на личноста не покажуваат целосна деструкција на моралното и социјалното поведение, како главна карактеристика на асоцијалното нарушувања на личноста и социопатијата како психопатско нарушување на личноста. Исто така, нарцисоидното растројство на личноста обично не е поврзано со историја за епизоди на нарушување во однесувањето на личноста во детството и развојните фази на личноста кое е вообичаено кај асоцијалното растројство на личноста и е една од главните причини за појава и развој на ваквото пореметување. Значи дека исцрпна психолошка анамнеза и познавање на дискретните симптоми можат да ја дефинираат точната дијагноза на пореметувањето без разлика дали се работи за солитарно диференцирано растројство или за композиција со коморбидитети од слична етиологија.

ТЕОРИИ ЗА НАРЦИЗМОТ

Од почетокот на употребата на името нарцис и нарцисоидност до денес се создадени многу теории и теоретски насоки инадградени, но можеме да земеме три главни како основа за сите нив: Фројдовите,теоријата за нарцизам на Кохут и Кернберг.

4.1 Фројдова теорија за нарцизмот

Фројд го дефинира нарцизмот врз база на тезите од неговата теорија на нагоните. Во својот главен дел во кој зборува за нарцизмот нарцизмот, Фројд (1914) го објаснува потеклото и значењето на психоаналитичкиот концепт на нарцизмот како пореметување. За време на својата долгогодишна психоаналитичка пракса, Фројд, како и некои други психоаналитичари, забележал дека третманот на невротичните пациенти со класичниот психоаналитички метод се појавуваат одредени потешкотии во третманот и сеансите не ги даваат посакуваните и очекуваните резултати. Преку своите набљудувања дошол до заклучок дека тоа гопредизвикува еден ист вид на нарцисоиден став кај пациентите. Врз основа на ова, Фројд ги подели менталните нарушувања на т.н трансферни неврози (хистериите и опсесивните неврози) и нарцисоидни неврози за кои верувал дека немаат капацитет и потенцијал да развиваат трансфери. Фројд увидел кај пациентите кои страдаат од нарцисоидни неврози појава на еден вид ,,отпор,, кон терапевтот кој тој го опишува како „камен sид“ кој не може да се надмине , заобиколи или прескокне поради фактот што таквите нарциси едноставно рамнодушно се оддалечуваат од терапевтот без да соработуваат со него, што го минимизира резултатот од психоаналитичките обиди. (Розенфелд, 1964). Преку неговите набљудувања, Фројд заклучил дека во овие случаи нарцизмот не може да се гледа како перверзија, како што во тоа време мислеле научните кругови, туку како емоционална манифестација на егоизмот со централна либидна компонента како асоцијација на нарцисното его кој потекнува од примитивниот инстинкт за самоодржување што е карактеристично за секое човечко суштество. Во понатамошната работа, Фројд се обидел да најде слични патолошки состојби кои би ги потврдиле или отфрлиле неговите заклучоци во врска со нарцизмот како пореметување на личноста. Фројд се обидел да ја примени својата теорија за нарцизмот и во објаснувањето на шизофренијата, накои органски болести, хипохондријата, манијата, фобиите, менталните пореметувања кај малите деца и др. Кај пациентите со шизофренија се

нотираат две карактеристики кои го потврдуваат концептот на Фројдовата теорија за нарцизмот а тоа се : мегаломанијата или грандиозноста и незаинтересираноста за случувањата во околниот амбиент. Пациентите со шизофренија го користат либидото од надворешниот свет и луѓето, без асосијација и субституција со други личности во фантазијата кои би требало да ги измислат и од нив да го трансферираат либидото кон сопственото его како огромен извор на его-енергија која ја подигнува мегаломанијата на повисоко ниво се додека не се достигнат највисоките граници на комплексот кои се всушност состоба која ги има сите карактеристики на нарцизмот и може да се дефинира како нарцизам. Фројд открил мегаломански карактеристики кај примитивните луѓе, како и кај малите деца: преценување на моќта на желбите и менталните акти, омнипотенција или семоќност на мислата, верување во силината на извршната моќ на зборовите и развивање на техники за справување со надворешниот свет кои наликуваат на магични чинови или ритуали. Во време на органска болест, постои силна непријатност што го принудува човекот да го напушти своите интереси за надворешниот свет, со истовремено повлекување на либидниот интерес од објектот и таа состојба се дефинира како егоизам на болен човек (Фројд, 1914). За да биде појасно, Фројд го дефинира либидото како дел од личноста кое ја означува инстинктивната физиолошка или психолошка енергија поврзана со сексуалните потреби, но и со другите човечки активности и инстинкти. Хипохондријата на пример, се манифестира во вознемирувачки и болни емоционални и телесни сензации и го има истиот ефект врз дистрибуцијата на либидото, како и било која органска болест. Пациентот го повлекува својот интерес од надворешниот свет и либидната инвестиција од објектите од интерес и ја реинвестира либидната енергија кон органот за кој е фиксиран. Целото внимание се насочува кон тој орган, кој се претвора во централен објект на внимание, се потенцира и глорифицира со што се дефинираат мегаломанските црти на нарцисоидноста. Заедно со проучувањето на нарцизмот, Фројд бил заинтересиран и за самопочитта и самобитноста како едни од главните карактеристики на нарцисот. Фројд ја објаснува самопочитта со концептот на его - идеалот како дел од суперегото. Его идеалот Фројд објаснува како збир на идеални вредности кои ја формираат верзијата на личноста во нејзината најдобра (идеална) форма. За време на нормалниот развој на возрасната личност доаѓа до слабеење на претходните развојни обрасци на мегаломанијата, што значи дека поголем дел од его-либидото се претвора во објект-либидо. Во секојдневните ситуации во поблискиот или поширокиот амбиент ,

возрасните личности доаѓаат во различни конфликтни моменти со културните, етичките, религиозните, моралните или општествените норми,кои како регулаторно – инхибиторни механизми на суперегото во таквите ситуации ги потиснуваат инстинктивните и нагонските импулси на либидото. Во такви околности, личноста под дејство на цензорните механизми на суперегото создава сопствен идеал според кој се мери вистинското его. Нарцизмот на личноста се трансферира кон новиот его идеал кој е најблиску по карактеристики или е идентично со дефинираното инфантилно за кое личноста смета дека е совршено. „Личноста не е подготвена и не сака да се откаже од нарцисоидното совршенство на инфантилното его кое за него претставува пример за идеално и совршено! За време на развојот, возрасната личност, притисната од цензурата на амбиентот и воедно формирањето на сопственото критичко расудување, не може да го задржи совршенството на инфантилното его и поради притисокот од подсвеста се обидува да го рехабилитира совршенството во некаква нова форма или објект која се нарекува его идеал. Личноста совршенството го проектира кон субститутот на инфантилното его кое сам ќе го одбере и тој одбран его идеал за личноста претставува идеална замена за изгубениот нарцизам од детството“ (Фројд, 1914).

4.2 Теоријата за нарцизам на Хајнц Кохут

Кохут ја заснова и објаснува својата теорија за нарцизмот во рамките на неговата селф психологија. Селф концептот го претставува како разбирање на сопствената личност како целосен ентитет, кој доживува, сака, мрази, чувствува, сочувствува, размислува, оценува и дејствува сам или во интеракција со другите. Кохут дошол до заклучок дека постои независна развојна линија на нарцизмот што може да следи од најраните инфантилни развојни фази и целосно зрели форми на нарцизам со сите видливи манифестации адаптирани на околината (Кохут, 1966). Овие посебни линии на развој се развиваат паралелно - едниот припаѓа на нарцисоидното, а другото на објектно-инстинктивното подрачје. Која форма ќе надвладее во развојот, таа ќе доминира во возраста. Објаснувајќи ги нарцисоидните структури, Кохут (1971) наведува дека голем дел од примарниот нарцизам се диференцира во нарцисоидното его врз база на идеализираната слика за родителот, нејзиниот темел опстојува во тек на целиот живот и ја претставува основата на нарцисоидниот тонус и нарцисоидната енергија која се провлекува низ сите аспекти на личноста а ја користи како ,,храна,, нарцисоидната понуда и валидација од објектите на нарцисоидната злоупотреба. Хармонијата на примарниот нарцизам која

е доведена до совршенство во инфантилниот период на развојот на личноста и додефинирана со мегаломанските нагони во пубертетот, е попречена од непријатните психички тензии кои се јавуваат како последица на процесот на созревање и преминот од детска во возрасна личност, кога цензорните механизми на амбиентот се вклучуваат и го моделираат поведението на нарцисот согласно моралните, религиозните и општествено – социјалните правила. Сето тоа го руши митот и сликата на нарцисот за неговото идеал его поради чувството на несовршеност кое се јавува кога во преодниот период не може да ги исполни барањата на амбиентот. Чувството на несовршеност предизвикува анксиозно – фрустрирачки емоционални празнења, кои го повредуваат идеал егото на нарцисот и поради тоа е неминовно нарцисната совршена инфантилна организација на личноста да биде заменета со нова структура која ке биде организирана и адаптирана согласно нормите и правилата на амбиентот. Тоа ќе го поврати чувството на совршеност кај нарцисот и ќе почне да го подига идеал егото кон повисоки нивоа. Со тоа ќе се лоцираат нови објекти на нарцисоидна понуда врз кои ќе биде манифестирана грандиозноста и мегаломанијата. Доколку од објектите на нарцисоидната понуда добива постојана испорака и валидација тогаш нарцисното идеал его ќе го достигне своето совршенство што всушност е и крајната цел на нарцисот. Овде, Кохут (1971) се потпира на поимот на Фројд (1921) за „прочистено его на задоволство“, што во основа значи дека сè што е добро и совршено нарцисот го смета за дел од неговото рудиментирано его, додека сè што е непријатно, лошо и несовршено се смета за надворешно или наметнато со што се намалува чувството на вина. Во подоцнежниот развој доенчето се обидува да го задржи своето чувство на совршенство и чувство на семоќ кое го добива со испораката на целото внимание на родителите кон него,така што тие му го припишуваат, односно го проектираат совршенството кон рудиментарното „ти“ или „вие“, односно кон возрасната личност која се грижи за него (најчесто родителите) со што се создава слика за идеален родител која ќе биде носител на ,,совршенството,, се додека не настане преминот од дете во возрасен кога совршенството ќе се искристализира и ќе премине во сопственост на идеал егото на нарцисот. Според некои теории, причината за нарцизмот е раното афективно лишување (депривација), додека клиничките испитувања ја опишуваат нарцисоидната личност повеќе како неволна (пореметување на волјата) отколку неспособна личност. Ако нарцисоидното растројство (пореметување) на личноста - НПЛ е предизвикано од ,,оштетувања,, настанати во инфантилниот период, дополнети со

последователни „дефекти“ за време на понатамошните развојни фази на личноста, тогаш најверојатно е дека нарцисното пореметување ќе биде неизлечиво. Од друга страна, ако нарцизмот е стекнато (аквирирано) нарушување во поведението, тогаш постои некаква можност, иако мала, дека ова нарушување во поведението може да се корегира. Клиничката литература за НПЛ има повеќе теоретски пристап и теоретски податоци кои се повеќето апстрактни и општи, содржат многу малку описи на клинички случаи, што сугерира на фактот дека лекарите немаат многу практично искуство со нарцизмот. Постојат неколку причини за ова:

- Застапеноста на нарцисното пореметување на личноста се проценува на околу 1% од општата популација.

- Нарцисите ретко се подложуваат на третман, а кога го прават тоа, напредокот е многу бавен и често неефикасен. Потребни се најмалку една или две континуирани сесии пред нарцисот воопшто да признае дека има некакво пореметување и дека клиничките психотерапевти можат да му помогнат во справувањето со ваквото пореметување. Многу е тешко е да се држи нарацисот под психотерапија доволно долго време за да се постигнат забележителни резултати, а реално, ретко кој има доволно пари за третман кој не дава особени резултати и реално трае многу долго.

- За краткорочни терапии се заинтересирани и осигурителните компании и фондовите за здравствено осигурување со цел заштеда на фондовските средства, па вниманието повеќе го насочуваат кон ублажување на акутните проблеми, како што е депресијата, отколку на лекување на причинителите на хроничните проблеми. Нарцисистите по природа се многу срамежливи да се отворат емоционално и да почнат да веруваат некому, така што повеќето случаи остануваат незабележани од терапевтите во краткорочните психотерапевтски сеанси. Според некои наоди од истражувањата на оваа проблематика, антидепресивите од типот SSRI (селективни инхибитори на повторно преземање на серотонинот), како што се: Пароксетинот, Сертралинот и др. ја влошуваат нарцисоидната грандиозност и го влошуваат недостатокот на општествено - социјална инхибиција која го воздигнува нарцисното его уште повеќе и грандиозноста лесно поминува во комплекс (комплекс на бог, најчесто). Се чини дека повеќето лекари не се свесни за фактот дека извештаите на нарцисите за нивниот напредок при терапевтските третмани не можат да се сметаат за апсолутно валидни со оглед на фактот дека лажењето е една од нивните главни особини и дека во многу случаи недостатокот на емпатија го наведува нарцисот да прави

многу неточни толкувања на она што другите луѓе го кажуваат или прават, за да можат да веруваат дека другите ги сакаат и почитуваат без оглед на минатото во кое покажале нечувствителност и тенденција да ги искористуваат другите луѓе во нивните односи со нив. Силната желба за грандиозност (во фантазијата и однесувањето), силната потреба на нарцисоидната личност да и се восхитуваат другите и недостаток на емпатија кај нарцисоидното пореметување на личноста првпат е нотирано како симптом во DSM-III во 1980 година; пред тоа, немаше формален дијагностички опис на ова нарушување и ова пореметување не беше категоризирано. И покрај категоризацијата и дефиницијата на симптомите, нарушувањата на нарцисоидната личност честопати се манифестира со испреплетени симптоми кои лекарите често можат да ги помешаат и да дадат погрешна дијагноза на пореметувањето. Грандиозноста доминира во симптоматологијата, но заедно со недостатокот на емпатија и експлоататорскиот однос кон другите луѓе не е единствена карактеристика на нарцисното пореметуваење на личноста. Реално кај нарцисите доминатна е нивната силна желба и потреба другите да видат нешто особено во нив како личности а воедно да бидат и предмет на восхит од страна на блискиот или подалечен амбиент. Диференцијалната дијагноза на НПЛ се воспоставува врз основа на отсуство на одредени фактори во однесувањето на една личност. Гранично растројство на личноста - ГРЛ (Borderline Personality Disorder) има некои забележливи сличности во симптоматологијата со нарцисоидното пореметување на личноста – НРЛ. Сепак, ГРЛ се карактеризираат со тенденција кон самоповредување, закани за самоубиство или обиди за самоубиство (tentamen suicidi), додека нарцисите ретко кога ќе се самоповредат на таков начин. ГРЛ може да вклучува и неврастенични епизоди, хистериформни испади и нервни сломови, кои не се карактеристични за НПЛ, иако може да се појават како дел од симптоматологијата, но се ретки и минорни. Овие случаи по симптоматологија се многу поблиски до хистероидните и хистеричните конституции на личноста отколку на НПЛ. Потребата за постојано внимание од другите е присутна и кај хистионското растројство на личноста -ХПЛ, меѓутоа, случаите на ХПЛ и граничното растројство на личноста се строго ориентирани кон одржување меѓусебни врски со другите, додека за НПЛ е карактеристично тоа што луѓето кои страдаат од ова нарушување се склони кон отуѓување од другите, како и избегнување каква било интимност со другите бидејќи ги сметаат за поинфериорни од нив во секоја смисла на зборот. Кај растројствата на личноста, грандиозноста и супериорноста се особено карактеристични

за НПЛ, но се среќаваат и кај други психолошки и психијатриски нарушувања.

Нарцизмот и неговата поврзаност со насилството (лично, семејно или општествено - социјално)

Едно од почесто проучуваните последователни интерперсонални однесувања на нарцисоидноста е извршувањето на агресија по претходни закани (Twenge & Campbell, 2003).Истражувањата го дефинираа концептот за „нарцисоидната повреда“ како као состојба во која нарцисоидната самопреокупација, самобендисаност и самобитност може да поттикне агресија, интензивен гнев, емоционално или физичко насилство и одмаздољубивост во моменти кога се оспорува или негира самодовербата на нарцисот (Фројд, 1914/1957; Кохут, 1977). Логан (2009) зборува за тоа дека дека кога потенцијалот на заканата (реална или замислена) нарцисот ја перцепира во вид на неподносливи емоции во форма на срам, понижување и гнев тогаш одговорот на тие емоции е силна агресивна одбрамбена реакција во форма на напад (вербален или физички) насочена кон личноста – жртва на нарцисоидното пореметување на личноста. Нарцисоидноста се издвојува како темна карактеристика на личноста во нејзините односи во селф концептот, бидејќи содржи супериорен поглед кон себе со различна градација на високата вредност. Некои автори ја дефинираат оваа состојба на личноста како механизам за одржување на позитивната самоевалуација која систематски го храни егото на нарцисот (на пр. Имбеси,1999). Грандиозниот нарцизам кој е и начест, постојано се поврзува со манифестација или вербализација на претерано позитивни атрибути ориентирани кон неговата сопствена ефективност, така што личностите со повисок степен на нарцизам се гледаат и доживуваат себеси како далеку подобри од другите, посилни, покомпетентни, поинтелигентни, поуспешни, физички поприврлечни и сл. Оваа форма на нарцизам е во позитивна корелација со самодовербата, самопочитта и самобитноста во доменот на сопствените перформанси на нарцисот, општествено - социјалните корелации во кои сака да доминира, како и сопствената преокупација со личниот надворешен изглед Во една од студиите, од сите особини на темната тријада, се покажа дека исклучиво нарцизмот е во позитивна корелација со самооценетата и самопреценетата физичка привлечност на нарцисот Сопственото самопреценувањето во случаите на личности со грандиозен нарцизам е ограничено од квалитетот на интелигенцијата и екстравертноста на нарцисот но е помалку забележливо во доменот на моралните вредности во кој личностите со повисок степен на нарцизам се оценуваат себеси како просечни

моралисти Луѓето со повисок степен на нарцизам се гледаат себеси како исклучиво корисни и ефективни во работната средина но и како социјално и општествено смели личности, од кои зависат општествените текови Меѓутоа, кога се работи за социјалните односи во средина како што е семејството, нарцизмот, покрај другите други мрачни особености, честопати е поврзан со голем дел на случаи на родителско занемарување и родителска негрижа кон децата или занемарување и негрижа кон партнерот. Во случај на нарцизам, проценетиот квалитет на родителската грижа односно негрижа, зависи од тоа дали мајката или таткото се даватели на родителската негрижа На нарцисите им недостига развиена совест и единственото нешто што ги кочи во презентацијата на сопствените виши вредности е исклучиво стравот од казна во вид на губење на сопствената репутација. Тоа тешко може да се види во обичен разговор со нив, освен ако не дознаете хетероанамнестички каква е нивната репутација во амбиентот. Преокупирани се со тоа како другите луѓе ги гледаат,дали ги забележуваат или им се восхитуваат врз основа на што си формираат сопствено видување за себе, кое понекогаш го ремоделираат со интервенции кон давателите на нарцисната понуда и валидаторите на истата, што најчесто не кореспондира со објективната реалност. Нивната морална интелигенција е на ниско ниво; единствените правила што ги признаваат се оние што се конкретно наметнати, дозволени, забранети или оправдани исклучиво од личности кои ги сметаат за големи авторитети и дозволуваат да бидат на повисоко ниво од нив во секоја смисла. Во секој случај, од нарцисот може да се очекува да направи незаконски или недозволени работи, со што може да повреди некого, но тоа го прави само доколку почувствува дека може да се извлече неказнет од таква ситуација. Доколку почувствува опасност од казна по било која основа, тогаш рационализира но не поради стравот од реална казна, туку поради стравот од прекин на испораката на нарцисопидната понуда. Нарцисот е насилник (bully). Тие можат да се претставуваат као лажни учители, советници, , лекари, љубовници, сопрузи, сопруги, мајки, татковци, пријатели, шефови и членови на поширокото семејство.Тие се дел од секоја демографија ширум светот. Се работи за психички предатори кои се во постојан лов а нови и според нив поквалитетни валидатори. Доколку целните личности не знаат како да ги забележатнарцисите и да се справат со нив, тогаш многу лесно стануваат нивна следна жртва. Нарцисите имаат комплексна структура на личноста, имаат предимензиониран поглед свртен кон себе. Секогаш се во право и стојат цврсто на таквиот став. Сакаат да го имаат најдоброто за себе без разлика дали им е потребно или не. Тие се над

сите други според сопствените критериуми и веруваат во тоа. Постојано ги обезвреднуваат и понижуваат луѓето во нивната околина со цел да ја демонстрираат нивната големина и вредности. Никогаш не соработуваат со другите сметајќи дека другите се недораснати и неспособни за соработка со такви како нив. Тие немаат чувство за емпатија затоа што тоа го сметат за карактеристика на личностите кои по квалитет се далеку под нивното ниво. Кога се извршители на злосторства, веднаш се трансформираат во жртви, а вината ја проектираат на жртвата на нарцисната злоупотреба, што ги задоволува и исполнува.Секоја девалвација на друга личност ја сметаат за сопствен успех. Сметаат дека општествените правила, моралните норми и законите не важат за нив. Тие мислат дека тие се пред се и над се. Ги изолираат жртвите и ги елиминираат доколку не соработуваат и не ги исполнуваат нивните критериуми и барања.. Во нивните бескрајни игри и манипулации ги вовлекуваат целните објекти кои не располагаат со одбранбени квалитети со кои би биле способни да го возвратат ударот. Кај нарцисот на постои благодарност, но благодарноста ја бараат од другите. Бескрајно се фалат и глорифицираат. Почитувањето на другите е категорија која за нарцисот е непозната и според нив непотребна. Почитта ја сметаат за еднонасочна и секогаш сметаат дека треба да биде испорачана кон нив со образложение дека тоа е вообичаено и заслужено. Не се каат за ништо и не чувствуваат вина за било какво дело. Понекогаш можат да почувствуваат срам но тоа е обично карактеристика на нарцисите со мешана депресивна конституција на личноста или граничните случаи. На нарцисот секогаш му треба нешто од елементите на амбиентот. Нему му е потребна нарцисоидната понуда и поради тоа има потреба да злоупотребува и контролира. Ако започнеме со дефиницијата дека нарцисистот не ги зема предвид потребите на другите луѓе, природно можеме да претпоставиме дека тие имаат потенцијал да бидат насилни кон своите партнери. Но во вакви моменти кои се оптоварени со емоции треба да се биде многу внимателен поради фактот дека нарушувањата на менталното здравје најчесто се користат како начин за оправдување и одбегнувањето на одговорноста за навредливото и насилното однесување кон жртвите на нарцисна злоупотреба. Нарцисоидното растројство на личноста е медицинска состојба која е дефинирана и категоризирана како пореметување, додека агресивноста на еден од партнерите во врската иако во основа е пореметување на личноста сепак може да се самоконтролира и може да биде прашање на избор. Ова е многу важна разлика, но сепак доколку некој има нарушување на менталното здравје, не го амнестира од одговорноста дека некого емоционално или

физички го малтретира. Наспроти тоа, дури и ако некој има нарцисоидно растројство на личноста и е активен насилник во семејството, во одреден момент тој свесно прави избор дали ќе биде или нема да биде насилник. Отпрво во научната фела постоеја сомнежи дали постои врска помеѓу екстремниот агресивен нарцизам и семејното насилство. Но, во јуни 2021 година, една револуционерна студија ја потврди конзистентната врска помеѓу нарцисоидните особини, агресијата и насилството во врската и семејството. Всушност, нарцизмот е поврзан со сите различни видови на агресија, вклучувајќи физичко, емоционално и вербално малтретирање. Студијата заклучи дека нарцизмот како пореметување е многу важен ризик фактор за манифестација на агресија и насилство во врската и семејството. Нарцисот смета дека има право на злоупотреба бидејќи се чувствува супериорен во врската и таа доминација ја покажува со манифестација на вербална и физичка надмоќ над елементите на семејството. Во случај на закана по неговото его, нарцисите имаат тенденција да станат уште поагресивни затоа што се обидуваат да го заштитат сопственото его од депривација. Колку е потешко нарцисоидното растројство на личноста, толку е потешка агресијата и манифестацијата на насилните елементи врз жртвите на злоупотреба. Но, нивната здравствена состојба никогаш не треба да се користи како изговор за злоупотреба. По одвојувањето или разделбата (во случај на брак или врска), нарцисот продолжува да го злоупотрбува и контролира поранешниот партнер преку децата (доколку ги има) или преку правниот систем. Тој се храни со стравот на на личноста – објект на нарцисоидна злоупотреба и безусловно бара испорака на се поголеми количини на нарцисоидна понуда. Секако понудата не мора да се испорача од личноста – објект на злоупотреба и доколку одбивањето на испораката трае подолго време , нарцисот ќе биде принуден да бара понуда на друго место и од друга личност затоа што ја губи храната за своето его и не може да функционира.Затоа ова е клучен момент за ослободување на личноста која во токсичната врска е објект од нарцисоидната злоупотреба.Се поставува прашањето зошто жртвите на нарцисоидна злоуптреба во токсичните врски и понатаму ја одржуваат врската со нарцисот? Најчесто во вакви врски влегуваат чувствителни личности кои се емоционално оштетени од предходни неуспешни врски и имаат кревко его. Таквите личности не се навикнати на искажување на „безусловна љубов“ од партнерот и сето тоа внимание едноставно им се допаѓа и им годи. Поради емоционалната кревкост, честопати сакаат да веруваат во сликата од соништата што го отежнува или спречува раното забележување на нарцисното поведение на партнерот. Причината лежи во фактот што почетокот на врската

претставува еден вид на адаптационен периодот во кој објектот на нарцисната злоупотреба се чувствува емоционално збунето поради интензивната испорака на позитивни емоции од страна на партнерот. Тие изливи на емоции ги релаксираат инхибиторните и цензорните механизми на жртвата на нарцисоидна злоупотреба и таа ги изложува своите емоции пред нарцисот. Со тоа , всушност му дава слободен избор за селекција на ,,материјал,, со кој по пат на манипулации со емоциите ќе го храни сопственото его во правец на надградување на грандиозноста. Како вешт манипулатор, нарцисот многу лесно емоциите на жртвата ги претвора во љубовна зависност во токсичната врска. Сепак, постојат четири главни причини зошто луѓето остануваат во врска со нарцис а тоа се: травматска приврзаност, неможност или неспособност да се замисли дека некој навистина е таков, ,,перење на мозокот,, и козависност.Травматско поврзување претставува еден вид на зависност што се создава со т.н. периодична амплификација. Тоа значи дека убавите моменти во врската, постепено, но со умисла, се заменуваат со неубави. Кога станува збор за врска со нарцис, самодовербата на жртвата на нарцисната злоупотреба постепено опаѓа. Нарцисот прави се за да го стесни социјалниот круг на жртвата на најниско можно ниво. Нарцисот во тој момент станува единствената личност со која жртвата е поврзана, што на моменти жртвата се доведува во ситуација да биде благодарна затоа што има таква личност покрај себе. Манипулативноста на нарцисот може да доведе до потполна емоционална инверзија која на моменти наликува на Стокхолмскиот синдром. Кај жртвата најчесто постои неверување дека личноста со која е во врска е навистина нарцисоидна. Поголемиот дел од личностите кои по природа и карактер се добри, имаат тенденција да проектираат претпоставка дека сите други се слични на нив, дека ги поседуваат истите доблести како нив, и поради тоа за нив е несфатливо и незамисливо, дека партнерот во врската може да прави нешта кои можат да им наштетат. Дури и да видат како тоа се случува пред нивни очи, многу тешко ќе поверуваат дека тоа е вистина. Основната цел на личностите со нарцисоидно растројство е да имаат што е можно поголема контрола врз личноста со која се во врска. Нарцисот постојано ја прави жртвата зависна со тоа што ја убедува дека нејзиниот живот е бесмислен без неговото присуство и партиципација во врската. Ова е причината зошто жртвите на нарцисната злоупотреба се плашат да излезат од врската бидејќи навистина се убедени дека животот по раскинувањето нема да биде поднослив поради наметнатата илузија за сопствената неспособност. Поради фактот дека нарцисот ги игнорира потребите на другите личности, може да се претпостави дека тој има

потенцијал да биде насилен кон својот партнер. Ваквото однесување на нарцисот во врската ја уништува самодовербата кај жртвите наспроти нарцисната грандиозност која расте се повеќе. Како расте грандиозноста на нарцисот, така опѓа самодовербата и самобитноста на жртвата, така да во еден момент опстојувањето на врската со нарцисот станува поважна од личната среќа на жртвата, од нејзините желби или од нејзиното здравје и среќа. Врската со нарцис е крајно проблематична бидејќи тие манипулираат со партнерот на таков начин што го доведуваат во состојба на апсолутна безволност. Таа манипулација понекогаш се случува на многу непријатен начин, со екстремно казнување или екстремно наградување што ја доведува жртвата на нарцисната злоупотреба до границите на ментална толеранција. Доколку жртвата не се одважи да ја напушти токсичната врска, му дава можност на нарцисот да продолжи со ваквото поведение што може кај жртвите со депресивни, гранични или параноидни конституции на личноста да предизвикаат тешки напади на анксиозност, со опсесии или фобии кои доколку не се корегираат навремено лесно можат да преминат во тешки форми на неврози или психози доколку има хередитарно оптоварување. Кога некој е на удар на бесни нарцисоидни испади, неговиот ум може да се помати, особено во последните фази од раскинувањето на врската која била долготрајна и мачна. Нормално е жртвите да го преиспитуваат сопствениот разум во вакви моменти, бидејќи очајнички се обидуваат да бараат рационално објаснување за навредливите тврдења и обвинувања на нарцисот кон нив се со цел да одговорат на неразумните барања и закани од страна на нарцисот. Ова често го отежнува фактот што жртвата можеби сè уште когнитивно се бори со вистинската природа на нарцисот, што можеби неодамна ја открила, па затоа е полна со сопственото неверување дека се соочува со таква личност. Во зависност од ситуацијата, жртвата, иако малтретирана, може дури и да тагува поради раскинот на врската иако била злоупотребувана. Можно е објектот на нарцисното малтретирање да се плаши за свијата професионална иднина и егзистенција доколку се работи за нарцис кој е претпоставен на работното место на жртвата. Целиот тој психички притисок создава уште повеќе сомнежи, страв, збунетост и вина, што дополнително ја оптоварува жртвата. Доколку жртвата разговара со нарцисот (без разлика дали се работи за претпоставен, колега, член на семејството, близок другар или пријател) се доведува во суитуација да се запраша дали нарцисот е свесен за барањата што ги испорачува, со оглед на тоа дека се работи за барања кои се најчесто бесмислени, нелогични и нереални. Затоа комуникацијата со нарцисот (доколку е можна) е добра алатка за

евентуално враќање на рамнотежата во односот помеѓу нарцисот и објектот на нарцисната злоупотреба. Може да се појават низа проблеми кога сте во врска со партнер кој е нарцисоиден и манипулативен. Многу луѓе сè уште ги привлекува таа личност и врската, а прекинот на истиот не е опција бидејќи ваквиот однос предизвикува зависност дури и во токсичните врски. За да се разбере како се појавува и функционира оваа зависност, првично е многу важно е да се знае како започнува овој вид на врска. Вљубувањето во личност со нарцисоидно растројство на личноста е многу интензивно уште од самиот почеток на врската. Ова најдобро може да се види во преоптоварувањето со пораки, изјави и чинови на внимание. Нарцисите точно знаат по што копнеат партнерите и точно тоа го испорачуваат. Поради тоа партнерот добива лажно чувство за идеален партнер и тоа го исполнува со еуфорија, радост, среќа и задоволство. Секој почеток на врска со нарцис е фантастичен бидејќи тој ја сака целосна посветеност и тоа го сака за кратко време. Тоа е затоа што личноста си создала своевидно алтер его со цел да го замаскира нарцисното идеал его, што реално е невозможно да се одржува подолго време. Поради фактот што на идеал егото му потребно е нешто за да се нахрани тоа его и секогаш бара испорака и валидација. Врската со нарцис станува проблематична кога партнерот ќе му се посвети во потполност заведен од лажната љубов кон ,,идеалниот партнер,,. Нарцисот го покажува своето вистинско лице само кога работи. Во тие моменти на преокупација инхибиторните и регулаторните механизми на самоцензура попуштаат и можат ненадејно да дозволат несакани експресии на емоции кои го оддаваат вистинсото лице на нарцисот. Тој ненадеен момент на промена на однесувањето е шокантен за партнерот на нарцисот и да предизвика бег или напуштање. За да го избегне тоа, нарцисот постојано го менува своето однесување со цел да го задржи вниманието на објектот од интерес кон себе. Нарцисот може да има негативно влијание врз врската на многу начини. Често се зависници од внимание, па тешко ќе им биде ако партнерот поминува време со други. Од друга страна, лесно можат да ја уништат довербата на партнерот. Постои техника наречена тахника на ,,сива карпа,, која дава позитивни резултати во такви врски. Суштината на оваа техника е всушност менување на поведението, изгледот и комуникацијата до толкава мера да објектот на нарцисно злоупотребување се трансформира во потполно неатрактивен објект чија нарцисоидна испорака и валидација се недоволни да го задоволат нарцисното побарување. Доколку жртвата успее тоа да го изведет ефикасно,по автоматизам станува лош извор на нарцисоидно снабдување. Во тој случај нарцисот изненадувачки брзо ќе се вдаде во

потрага по други испорачувачи и валидатори. Со други зборови, жртвата треба да престане да го храни ,,sверот,, со внимание и емоции. Клучната точка во техниката на ,,сива карпа,, е упорноста, конзистентноста, и постојаноста на жртвата. Откако ќе почувствува дека нарцисната понуда од жртвата се намалува нарцисот ќе се обиде на секој можен начин да ја поттикне жртвата да реагира емотивно, со цел да го задоволи сопственото его. На почетокот на овој процес на жртвата и е исклучително тешко да се воздржи и да биде рамнодушна. Но, колку побрзо го направи тоа, толку побрзо нарцисот ќе ја остави на мира и ќе бара алтернативни извори на нарцисоидно снабдување. Не може секоја домашна злоупотреба или присилно наметнување на контрола да се дефинира како нарцисоидна злоупотреба. Досегашните истражувања укажуваат на фактот дека не се сите домашни насилници нарциси. И не се сите нарциси контролори или доминатори над партнерите во врската. Меѓутоа, дел од насилниците кои спроведуваат специфични обрасци на однесување го прават тоа како резултат на нарцисоидност и повеќето од нив спаѓаат во сите три категории од критериумите за дефиниција на нарцисоидно пореметување на личноста. Дали овие факти можат да го оправдаат насилното поведение во било која интеракција помеѓу две личности? Секако дека не поради фактот што секоја злоупотреба е е сама по себе злоупотреба без оглед на тоа што лежи во основата или потеклото на истата. Нарцисоидното пореметување на личноста (НПЛ) е вистинско, реално нарушување на личноста што може да се детерминира и дијагностицира, согласно пропозициите од Дијагностичкиот и статистички прирачник за ментални нарушувања (DSM-III, IV и V). Возрасните нарциси се многу напорни за интеракција во секојдневниот живот, во врската, на работното место или во општествените случувања. Ним треба да им се посвети многу време, внимание и енергија, исто како на новороденчињата, но за разлика од нив нема да бидете во ситуација да се радувате на нивниот раст, развој и напредок бидејќи нема да имате позитивен фитбек на вашето инвестирано време и внимание. Новороденчињата и малите деца секогаш ќе ви возвратат со насмевка и благодарност. За разлика од нив, возрасните нарциси се многу слични на паразитите: земаат се што можат да земат од нарцисната понуда, а не возвраќаат со ништо; откако ќе го искористат објектот на нарцисна злоупотреба, најбрутално го отфрлат како непотребен, бескорисен и безвреден. Покрај физичката дистанца, многу е важно да се задржи емоционалната дистанца од нарцисот. Тие се многу добри манипулатори во одржувањето на површни односи и врски со личности кои апсолутно ништо не им значат во животот но им се

потребни како валидатори. Поради тоа тие ќе им ласкаат, ќе им делат комплименти и ќе го вложат сето свое внимание кон целната личност се додека постои нешто во таа личноста кое нарцисот може да го искористи или, иако ретко, личноста кон која се насочени ја гледаат како авторитет. Во некои случаи тие ќе се однесуваат кон личноста-објект со емоции и внимание што од страна на објектот на нарцисната злоупотреба може погрешно да биде протолкувано како изразување на љубов од страна на нарцисот. Меѓутоа, ако жртвата се обиде да се приближи физички и емоционално, нарцисот децидно ја одбива со образложение дека бара премногу од него и дека се работи за непристоен предлог. Доколку жртвата отворено му изјави љубов на нарцисот , тој како посупериорна личност (според неговите критериуми) , жртвата веднаш почнува да ја третира како сопствен имот и така се однесува кон неа . Таа ненадејна промена, од коректен однос кој се толкува како љубов до отворена злоупотреба е прилично шокантна и збунувачка за жртвата на нарцисната злоупотреба.Во иастиот момент кога нарцисот ќе стане свесен дека жртвата е емотивно врзана за него, веднаш почнува да ја користи како предмет, односно да ве третираат како материјал а не како личност. Ако жртвата покаже отпор или на било кој начин се спротивстави, нарцисот веднаш се трансформира во жртва испорачува изјава од типот дека партнерот не ги сака вистински и доволно , затоа доколкуби се работело за вистинска и безусловна љубов сакале, тогаш , според нарцисот партнерот е должен да дозволи нарцисот да прави се што сака со жртвата. Доколку жртвата покаже ,,невидена дрскост,, и се осмели да ја покаже сопствената интелигенција,квалитети,емоции и душа, тогаш ќе веднаш ќе биде отфрлна како неинтерсна играчка која е неупотреблива и непотребна. Истражувањата укажуваат на фактот дека е можно да се одржуваат нормални односи и релации со нарцисите, но прашање е колку воопшто вреди да се вложува труд во такви активности. Еден од авторите сликовито го објаснува тоа и вели: ,,Ако некој член од вашето семејство е нарцис, тогаш ве молам, примете го моето најдлабоко сочувство,,! Ако работите со некои луѓе кои се нарциси, тогаш се препорачува постојано да внимавате на нив, за да можете да се заштитите. Нарцисите не размислуваат многу паметно, без разлика на нивниот коефициент на интелигенција. Тие мислат дека правилата не важат за нив, прават местенки и користат лаги и измами секогаш кога мислат дека со помош на лаги и измами можат неказнето да се извлечат. Подли се, арогантни, полни со себе, надмени и самобендисани. Нарцисите се чувствуваат загрозени и реагираат агресивно и гневно доколку почувствуваат и најмало несогласување со нивните идеи и

желби, а особено ако отворено им се укаже на некои нивни грешки кои се евидентни и објективни. Покрај тоа, од нивната злобни уста имате можност да слушнете СЕ, па доколку продолжите да работите со нив, можете да очекувате дека често ќе мора да чистите ѓубре што тие намерно го оставиле зад себе на работното место со цел да ја презентираат својата супериорност и големина, ќе мора да ги сработите нивните работи, иако објективно тие не се во списокот на работните здачи, но се наметнати од страна на нарцисот кон вас како инфериорна личност над која тој има право на доминација. Една од најкарактеристичните особини на нарцисите е тоа што често кажуваат неповрзани но и контрадикторни работи и сето тоа го вметнуваат во една иста реченица. Доколку се побара објаснување или образложение, нарцисите одговараат со негација на настанот или, доколку се работи за психопатска конституција на нарцисот, одговараат со агресивен испад и вербален напад врз соговорникот. Секогаш ги спорат фактите иако се засновани на докази. Нивната лага ја проектираат на соговорникот, соработникот или партнерот и редовно ја префрлаат сопствената вина кон тие објекти. Што е уште пострашно покрај проекцијата ва вина кон објектите на злоупотреба, нарцисите бесрамно бараат и валидација од објектите за овие изречени невистини. Во такви моменти жртвата или објектот на нарцисната злоупотреба ја фаќа паника и има силна потреба од разговор со некого, со цел да добие одговор на прашањето „кој е луд, а кој е нормален во приказната“! И тоа е сосема природна, нормална и здрава реакција на жртвата која е збунета ексцентричноста на нарцисот, па размислува рационално и бара проверка на реалноста на наметнатите факти од страна на нарцисот кои емоционално ја погодуваат жртвата на нарцисната злупотреба. И нормалните луѓе можат да се однесуваат ирационално и непредвидливо кога се во состојба на силен емоционален стрес или ментален притисок. Тие можат да бидат збунети, да негираат некои работи што ги знаат, да станат параноични, исплашени, некритични, да барат утеха, сожалување, емпатија и сл. Сепак, нормалните луѓе закрепнуваат прилично брзо , во рок од неколку часа или во рок од неколку дена. Нормалните луѓе се благодарни доколку некој им помогне. Брзо се стабилизираат доколку добијат емоционална и морална поддршка во таквите моменти. Тоа не е случај со нарцисите – нивната реакција е потполно спротивна и најчесто завршува со потполно отфрлање и негација на жртвата како некорисен материјал и тоа засекогаш. Доколку некој направи обид да го обвини нарцисот за неговата нечесност, ароганција, злоупотреба или суровост кон луѓето, тоа секогаш завршува безуспешно затоа што кај нарцисот не постојат самокритични

критериуми. Нарцисот не ги слуша само зборовите кои тој сака да ги чуе. Тие обрнуваат внимание само на она што е од нивна полза. Тоа не е само лоша навика - тоа е когнитивно нарушување. Нарцисите го насочуваат вниманието исклучиво кон себе и кон работите што лично. Бидејќи, условно кажано, живеат во сопствен амбиент, недостапен за другите, тие реално и не знаат што прават и како живеат другите луѓе, поради фактот што тие не контактираат со нив бидејќи се недостојни за интерактивност со нарцисот. Поради тоа, нарцисите не можат да направат проценка како другите луѓе би можеле да реагираат на нивните испади. Тие не се способни да реагираат адекватно кон туѓите чувства, па затоа го занемаруваат фактот дека можат да влијаат негативно на емоциите на другите луѓе со нивното непромислено, ирационално и нереално однесување.

Нарцизмот и неговата врска со семејно насилство

Емпириското истражување за особините на нарцисот фрла негативна светлина на нарцисоидните личности во однос на нивниот интимнен и семеен живот .Во таквите односи и врски, нарцисите секогаш се асоцирани со конфликтни ситуации, злопутреби на партнерот или елементите на семејствотокако и со и непријателски став кон истите. Редовна појава е нискиот степен на посветеност на врската со партнерот и честа склоност кон промискуитетно поведение и неверства. Доколку се јави отпор или спротивставување на од страна на партнерот, нарцисот одговара со агресивно одмазничко однесување, изразито неконтролирана и неприлагодлива љубомора, експлоататорски пристап кон партнерот во врската. Сето ова поведение за нарцисот е сосема нормално и прифатливо од негова страна и семејното насилство го разбира како сосема нормален одговор на чинот на спротивставување. **Семејното насилство** опфаќа вербално, психичко и физичко малтретирање кое се граничи со насилно однесување. Секој модел на контролирачко, принудно или заканувачко однесување наменето да го казни, повреди или заплаши интимниот партнер или некој од елементите на семјната заедница се смета за незаконско и општествено неприфатливо поведение. Нарцизмот многу често е поврзан со психичко и вербално малтретирање но неретко и со сексуална и физичка злоупотреба. Треба да се одбележи дека иако ова неадекватно и неприфатливо однесување може да се сретне и кај ненарцисоидните односи и врски, сепак истражувањата потврдиле дека, во случај на врска нарцис, тие се далеку поприсутни, почести и поагресивни . Истражувањата укажуваат на фактот дека нарцисите ги гледаат меѓучовечките односи како место или поле за презентација и

докажување на нивната моќ и грандиозност со што ја јакнат сопствената самодоверба преку хранење на сопственото его. Ова поведение на нарцисите ги загрозува интерперсоналните односи без разлика дали се работи за семејство, врска, работна средина или односи со општествената средина. Поради фактот дека се работи за екстровертни личности кои не се ни обидуваат да го затскријат или замаскираат своето поведение, на виделина излегуваат обидите на нарцисот за манипулирање и поткопување на егото и самодовербата на интимните партнери, на сопружниците,на децата,потчинетите, пациентите или било која личност над која нарцисот се обидува да наметне доминантен став и да воспостави чувство на моќ и контрола со цел да се самозадоволи ментално. Нарцисите партнерите најчесто ги гледаат како објекти за сопствено самоподобрување, самопотврдување, самозаадоволување и самовозвишување. Сложениот и неретко трагичен исход од воспоставувањето релација и врска со нарцис е дека нарцисот првично ќе се презентира како шармантен, заводлив и возбудлив за време на раните фази на врската, но темните и токсичните карактеристики поврзани со нарцисната структура на личноста стануваат очигледни дури со по извесни време, кога самодовербата на нарцисот ќе порасне и ќе ги надмине инхибиторните и цензорните механизми за регулација. Нарцисите секогаш тврдат и ќе тврдат дека постигнуваат спектакуларни резултати без многу труд или вложување, оставајќи впечаток дека некако нивното време и пари се повредни од времето и парите на другите луѓе. Во широка употреба, терминте нарцисоид и нарцис се поистоветуваат со карактеристичната за нив апсурдна вообразеност и се однесува на личности чии амбиции и апетити се многу поголеми од нивните видливи но и реални можности и перформанси. Терминте нарцис и нарцисоид се употребуваат за да се опишат луѓе кои едноставно се полни со себе, личности чие его ги надминува границите на објективното, дури и кога нивните достигнувања се навистина вистински големи и спектакуларни. Најдобрите лекари, актери, научници или спортисти не се секогаш скромни, но не се ниту во толкава мера самобитни, самобендисани и грандиозни. Кај поголемиот дел од нив нивната самопроценка и самоевалуација всушност е навистина реална и базирана на вистнски врвни достигнувања. За разлика од нив нарцисите се фалат со најчесто нереално големи успеси кои самите ги предимензионираат. Со ваквиот настап за кој задолжително бараат валидација, нарцисите го самозадоволуваат сопственото его преку самопрезентација на таквите ,,квазиуспеси,, во јавноста. Доколку нема фидбек во вид на нарцисоидна испорака и валидација, нарцисното его не се задоволува, се ствара

ментален притисок кој раѓа анксиозност, опсесија, фобија или агресија. За разлика од нив постои дел од нарцисите кои спротивно од предходата група, се незабележителни во јавноста, не се експонираат со своите т.н. грандиозни дела и не се воздигнуваат себеси над другите. Но тоа не значи дека се работи за некој посебен ентитет на т.н. ,,бенигни нарцисни личности,,. Напротив, се работи можеби за поагресивна форма на нарцисоидно пореметување на личноста, но фокусот на нарцисот во ваквите случаи е насочен не кон јавноста туку кон некоја помала, понезабележлива, поограничена и затворена група врз која тој ја наметнува сопствената суета преку автократско и агресивно однесување без оглед на тоа дали се работи за личности кои се подредени и зависни од него или пак се работи за најблиските и најмилите. Карактеристичното доминантно, егоистично, цинично, навредливо и грандиозно однесување кон фокусната личност или група, вклучува очекување за возврат на посебен третман, восхит, пофалби и награди за нивните ,,грандиозни,, достигнувања кои реално ниту се грандиозни а во најголем број на случаи и не постојат туку се работи за измислени ,,виртуелни,, достигнувања или плагијати на врвни дела кои нарцисите си ги припишуваат себеси. Нарцисот секогаш тврди дека дека познава важни, моќни или познати личности од ,,негов ранг,, или дека комуницира исклучио со личности кои се докажани, извонредно интелигентни, талентирани или надарени како што е тој самиот. Во секој случај грандиозните тврдења на нарцисите обично се само површни, измислени, некорегирани и нецензурирани преполни со егоизам и суперлативи, така да и при една најелементарна анализа од експерт од областа, многу бргу и многу едноставно се разоткриваат.

Грандиозниот наспроти ранливиот нарцизам

Повеќето студии кои ја обработуваат темета нарцизам и семејно насилство као доминантен симптом ја фаворизирале грандиозната компонента на експресијата на личноста како главна во проценката на нарцисоидното пореметување на личноста. Студии веројатно не ја разгледуваат сложената, повеќедимензионална и мултикомпонентна комплексна структура на личноста која е секоја индивидуален ентитет и не е добро да се шаблонизира поради фактот дека унифицирањето и ставањето на личностите во однапред определени рамки дава многу често погрешна дефиниција и дијагноза на растроството. Гледано лаички, сите нарциси најверојатно ќе се прикажат слично поведение, но тоа не е универзално и никако не треба да се дефинира како образец нељ однесување, а уште помалку да се мајоризира во мултфакториелноста на симптомската експресија.Истражувањата

покаѓуваат дека е неопходно грандиозниот и ранливиот нарцизам да се диференцираат еден од друг, бидејќи насилството врз партнерот, контролирачкото однесување како и психичката и физичката злоупотреба се посредувани од два подтипа на нарцисоидна презентација. Интерперсонално, и грандиозните и ранливите нарциси прикажуваат ладни, доминантни и одмазднички карактеристики, но основните мотиви за овие интерперсонални однесувања може се разидуваат кај дефинираните подтипови на нарциси. Грандиозните нарциси се поврзани со помала интерперсонална вознемиреност, повисока самодоверба и помал степен на приврзаност кон валидаторот во споредба со ранливите нарциси. Спротивно на тоа, ранливите нарциси покажуваат повисок степен на приврзаност кон валидаторот, висока интерперсонална вознемиреност и многу ниска самодоверба. Како резултат на овие интерперсонални врски, ранливите нарциси во критични ситуации на повреда или незадоволување на нивното его веројатно ќе промовираат социјално повлекување и апстиненција од поблиски интимни врски кои носат ризик од разочарување и се директна закана по нивната самодоверба. Ранливиот нарцизам е правопропорционално поврзан со посесивниот љубовен стил кој се карактеризира со зависност и поврзаност но и интерперсонален страв од неуспех или напуштање, кој често резултира со емоционално и социјално повлекување. За разлика од него, отворениот или грандиозен нарцизам се манифестира со избегнување на подолготрајно приврзување како и со независно самоконструирање на настаните според моменталните потреби кои ги налага потесниот или поширокот амбиент. Иако и двете форми на нарцизам бараат надворешна валидација, ранливите нарциси се особено загрижени за одобрувањето на нивните постапки од други личности како што се партнерите во врската, што е докажано со нивната зголемена чувствителност кон сценариото на интерперсоналното отфрлање или сценариото на напуштање. Отворените или грандиозните нарциси пак се особено ранливи на закани во вид на сопствен неуспех, но се помалку загрижени и заинтересирани за одобрување на нивните постапки од страна на други личности. Секогаш мора да се внимава кога се толкуваат наодите кои што се базирани на имагинарни одговори на нарцисот кон нештата кои тој ги смета за закани кон неговото его. Поради некритичноста и проекцијата на вина кон други а не кон самите себе, нарцисите, особено грандиозните, лесно можат да испорачаат емоционални, вербални и физички експресии во вид на неконтролирани емоции кои не се репрезентативни за неговите искуства и перформаанси.

Експресија на нарцизмот кај политичарите

Секојдневно, во нашиот поблизок или подалечен амбиент збележуваме се повеќе случаи на т.н. „предимензионирано его“, кои бараат самозадоволување или самоуживање, во сите сфери на животот, а особено во политиката како тренд во која средина има доволно елементи за нарцисоидна понуда како во квантитативна така и во квалитативна смисла. Тоа е одраз на нарцизмот, кој сите го имаме и го носиме со себе, до одреден степен. Се што ја преминува границата на дозволеното и дефинираното, се смета за отстапување од нормалното однесување и бара категоризација од типот на здраво, гранично и нездраво однесување. Нарцизмот кај секого се манифестира на различен, во зависност од степенот на психолошкото нарушување, од средината во која се наоѓаме, од личните потреби, од интересите, мотивацијата и амбициите. Истражувањата покажуваат дека повеќе или помалку овој проблем носи штета и на самата личност но и на блиската околина . Штетата е пропорционална на функцијата и положбата на нарцисоидна личност, особено кога таквата личност не е свесна за своите постапки и влијание врз настаните околу него и поради него. Студиите покажуваат и дека постојат различни видови на политички нарцизам, од блага манифестација до тешка доминантност на личноста, што доведува до неспособност на таквата личност да се соочи со реалноста и да се дистанцира од општеството на кое докажано му носи само штетни последици. Ова е ситуација кога психотерапијата е апсолутно неопходна, за да се ублажат штетните последици, бидејќи нема лек, особено кога нарушувањето е создадено во раното детство, постојано негувано и развивано и се трансформирало во патолошка грандиозност. Причините за тој процес се многубројни, најмногу генерирани од афективната депривација. Бројките покажуваат дека приближно 1 % од населението го има овој проблем. Позастапено е кај машката популација но со тенденцијата за еднаква застапеност на жените во политиката процентот на нарцисоидно пореметување на личноста кај женскиот пол постепено се зголемува. Доколку се работи за здрав, функционален нарцизам, доколку се препознае, канализира и стимулира ќе носи квалитетни бенефити на политичкиот субјект чиј припадник е таквата личност. Со контролирана грандиоозност и контролирана експресија на лидерство ваквите личности лесно ги освојуваат симпатиите кај пошироките народни маси. Перцепцијата на возвратен восхит од широките народни маси го храни егото со што се зголемуваат неговите апетити. Тоа бара уште поголема нарцисоидна испорака и валидација на реалните квалитети на здравиот нарцис што го

стимулира да освојува уште поголеми маси преку вербална и гестикулациска експресија. И тоа носи загарантиран успех во смисол на освојување на број на гласови во изборните циклуси. Посебен проблем се јавува кај амбивалентните личности, кои се полово и сексуално неодредени и несвесни, со измешани карактеристики, како кај бинарните сексуални определби на личностите, што никако не треба да се занемари, особено кога индивидуа со нарцисоидно пореметување на личноста раководи со важни државни институции, партиципира во законодавна или извршна власт каде директно одлучува за квалитетот на животот на граѓаните или го претставува истото тоа граѓанство ширум светот во вид на дипломатски структури.Таквата личност и во политиката и во дипломатијата секојдневно се експонира себеси преку своето однесување, изглед, влијание, вербална и академска конкурентност и наметливост. Кај овој вид на нарциси постојат видливи и невидливи симптоми кои недвосмислено ја откриваат нарцисоидната конституција на личноста, а тоа се: некритично високо мислење за себе, кое објективно ги надминува границите на реалноста, самоперцепција за уникатност, самоглорификација на личните достигнувања, опседнатост со фантазии, експресија на грандиозност, самобитност, љубомора, хронична завидливост насочена кон сите, изразена ароганција, непреземање одговорност за ништо и проектирање (префрлање на вината на други), мамење или заобиколување на законот, барање привилегии за себе и блиското семејство, однапред дефинирани очекувања, склоност кон манипулации, самоидеализација на сопствената личност, омраза и одмаздољубивост кон сите кои го нарушуваат неговото идеал его,самоориентација, пречувствителост на критики од околината, проблеми во комуникацијата, понижувачки однос кон другите личности, отсуство на емпатија, пресметано однесување, инструментализација на сексуалноста... Претежно нарцисоидните личности се најсилните, најубавите, најпаметните, најдобрите, најспособните, најверните, најповиканите, најсексипилните, единствени и неповторливи... **Лидери.** Таквата самоперцепција често е лична самоизмама, бидејќи предизвикува лажна слика на нарцисот дека со своето поведение привлекува внимание кон себе со своите квалитети и поради тоа предизвикува општ восхит кај просечниот човек. Таквата маска ја затскрива вообичаено ниската самодоверба кај нарцисот, неговото бегство од реалноста, стравот од минливоста на самоприпишаниот успех, празно внатрешно его, надворешна мотивација за постигнување врвен успех, фрустрација, комплекс на потекло, самоапсорпција и создавање на еден вид нарцисоидна култура која промовира површни слики и вредности, како што се богатството,

моќта, славата, убавината, силата, запознавањето и пријателството со познати, славни и јавни личности, со сите можни преплетувања, вмрежувања и илузии на таква семоќ, што доведува до одредена среќа, задоволство и исполнетост која има кусо времетраење. Сè што е засновано и добиено врз база на илузии е кревко, нереално и краткотрајно. Околината за кусо време ја осознава таквата личност и при најмало барање од околината за двонасочна комуникација се генерираат конфликти помеѓу нарцисот- политичар и непосредната или подалечната околина и општеството во целост. Во зависност од социјалниот статус и компетентноста и функцијата на нарцисоидна личност ќе зависи и интензитетот и фреквенцијата на конфликтите. Историјата на човештвото е полна со конфликти засновани на нарцисоидниот карактер на истакнати и важни поединци кои имале улога на политичари или лидери. Повредениот и загрозен нарцизам предизвикува уништување и бруталност што создава поделби меѓу народите, религиите и социјалните слоеви што генерира омраза меѓу тие општествени, религиозни и социјални групи, води до конфликти, до опасност од вооружени судири и претставува голема закана за мирот и стабилноста. Ширум светот, свесно или несвесно, многу нарцисоидни авторитети со своето однесување доведуваат доедна асиметрична нестабилност (немири, судири, конфликти и војни), која ниту една рамнотежа на големите блокови, кои незабележливо исчезнуваат, не можат да ја вратат во нормала. Поради попуштањето на глобалните влијанија на големите сили, геополитичката константа станува променлива величина, поради појавата и дејствувањето на различни нови маргинални и помали актери на светската политичка сцена, кои сакаат да се наметнат како големи лидери кои се создадени во нивниот свет на илузии и лични нарцисоидни аспирации. Опасно е кога таков поединец некому и некаде ќе се наметне, вербално покажувајќи ја својата ,,голема љубов,, кон татковината и нацијата. Лажниот патриотизам кој таквата личност го промовира и наметнува неминовно раѓа ултранационализам па многу луѓе, особено млади, кои полни со енергија и незадоволни од општествениот статус, слепо му веруваат и безусловно го следат, без да ја препознаат суетата во зборовите на нарцисот – лидер, неделотворноста на неговите акции, како и маскираниот суверенистички нарцизам. Авторитарната структура на личноста не мора секогаш да биде поврзана со квалификуван нарцизам. Во политиката тие се во голема корелација и интеракција, што тешко дека ќе се најде политичар од висок ранг што ги нема нарцисоидните карактерни црти. Авторитарните нарцисоидни личности пристапуваат кон политиката со неизмерна страст и желба за самодокажување. Го

сакаат чувството на моќ, а во соработниците гледаат следбеници - полтрони и граѓани кои се аполитични и покорни и дозволуваат таквите политичари да им го обликуваат секојдневието. Опиена од политиката, нарцисоидната авторитарна личност мисли дека светот е создаден исклучиво за него. Тој е критичар на сите кои не се вклопуваат во неговиот нарцизам. Таквата личност е секогаш во право и никогаш не ги признава своите грешки. Тој прибегнува кон макијавелистичката политика да не зема средства за да ги оцрни своите противници. Тој ја доживува политиката како гладијаторска арена во која тој ја има улогата на ,,императорот,, кој одлучува за судбината на ,,гладијаторот,, . За него нема категорија неистомисленик или политички ривал, туку исклучиво партиски непријател кој треба да биде елиминиран на било кој начин. Тие се интелектуални дилетанти кои се робови на демагошки фрази, кои ги научиле напамет и доколку тие се националистички обоени, лесно предизвикуваат конфликти и шират нетрпеливост помеѓу широките народни маси. Психотерапевтите кои работеле со такви личности дефинирале неколку карактерни особини кај нив, а тоа се : тие личности се убедени дека знаат сè, ја обожаваат моќта, арогантни се, споделуваат но не сакаат да примаат совети, нетолерантни се, бараат покорување, тие што им се спротивставуваат ги гледаат како закана и потоа ги елиминираат, создаваат заладени односи во комуникацијата со неистомислениците, веруваат дека ако немаат апсолутна контрола над другите, тогаш воопшто немаат контрола што им ја разнишува самодовербата и создава страв и анксиозност кај нив. Авторитарните личности ги делат луѓето на „лојалисти“ и „непријатели“. Средина не постои кај нив. Ги употребуваат термините „ние или тие“, проектираат непријателски особини кон ,,тие,, и одговараат со агресија кон нереалната но проектирана закана од ,,тие,,, копнеат за моќ, слава, успех, восхит и максимално ги презираат критичарите на нивните ,,идеи,,! Авторитарните личности кон политиката пристапуваат со неизмерна страст. Стравот од демократија го заменуваат со страв од губење на својата позиција. Им се допаѓа чувството на моќ и незаменливост, а имаат свои верни следбеници кај граѓаните кои се аполитични и дозволуваат такви политичари да им ја кројат судбината. Блиските соработници ги бираат помеѓу испорачувачите на нарцисоидната понуда и помеѓу валидаторите на истата! Сите тие соработници имаат ,,рок на трење,, и тој рок има важност се додека соработникот испорачува нарцисоидна понуда или валидира. Со престанувањето на испораката, соработникот се ,,брише,, и веднаш се заменува со друг. За автократскиот тип на политичар суетата е над националниот интерес и често се колнат во патриотизам. Самољубивите

типови не трпат слободно размислување, прифаќаат само лојални и достојни партиски луѓе кои ги исполнуваат нивните критериуми за понизност и верност кон ,,нивниот лидер,,. Сите високи политичари избираат соработници и ги доживуваа исклучиво како извршители на нивните упатства. Затоа политичарите или политичките аспиранти најчесто избираат неквалификувани соработници кои лесно можат да бидат заменети од нив. Никако не трпат слободоумни интелектуалци кои без цензура го искажуваат своето мислење без разлика дали тоа има критичка конотација или не. Таквите кадри ги рушат темелите на нивното его и затоа на секој можен начин се отстрануваат од блиската околина на политичкиот нарцис. Политичките нарциси имаат ексклузивно право на одлука за било какво кадровско решение. Макијавелистичките карактеристики на нарцисот политичар секочаш излегуваат на површина. Откако ќе ја остварат замислената цел (преземање на власт или функција) веднаш почнуваат да се раководат од синтагмата „демократски централизам“ карактеристична за еднопартискиот систем. Партиските лидери се најчесто дефинирани нарциси или нарцисоиди. За време на изборните кампањи нарцисите добиваат огромна нарцисоидна испорака пред се поради масовноста на испорачувачите и нарцисите многу бргу се навикнуваат на квантитативно голема испорака и валидација. Но по завршувањето на кампањите квантитетот на испорака драстично опаѓа поради што нарцисот чувствува закана по безбедноста на своето его и се впушта во т.н. ,,лов на вештерки,, во кој го бара виновникот за малата нарцисоидна испорака и најчесто се фокусира на личности кои се спротивставуваат или го критикуваат неговото централистичко поведение. Секако, тие личности се стигматизирани од водачот и од неговата најблиска околина со цел да се подели ,,чувството на вина,, кое се јавува во тој момент и врши огромен ментален притисок врз нарцисот. Поради тоа, нарцисот само го лоцира ,,непријателот,, а блиските соработници го елиминираат со што се задоволуваат критериумите на нарцисот за негова невиност во чинот на елиминација на ,, внатрешните непријатели,, кои со својата слободоумност и мисла ги подриваат идеите на политичката групација! Извршителите или продолжената рака на политичарот – нарцис се полтроните, најблиските соработници на авторитарно-нарцисоидните личности доброволно се покоруваат со цел да се додворат на ,,шефот,,. Полтроните сопствениот успех го мерат со должината на нивниот опстанок на политичката сцена. Ги има многу и се во постојан натпревар во додворување, сплеткарење и местењена други со цел опстанок на политичката сцена. Тие се изворот и расадникот на негативна кадровска селекција, политички садизам и

политичка проституција. Полтрон е „слеп“ следбеник на власта и олицетворение на безрбетност и понизност. Наместо храброст и чесност, тој одбира да ползи, клечи и моли пред партискиот шеф. Тој е политички кловн, арлекин или дворски шут. За него лојалноста кон претпоставениот е поважна од неговото сопствено достоинство. Задоволен е од било каква функција и единствена цел му е функцијата да биде колку е можно подолготрајна. Подредените не поставуваат прашања и прават се што им наредува „шефот без приговори и коментари. Од такви структури растат клонирани нови апарати. Послушноста им служи како средство да останат на својата позиција. Суштинската дефиниција на Меша Селимовиќ за ваквите типови гласи: „Полтроните се ѓубрето на кое растат сите зла на овој свет“. Тоа се политички „марионети“ во туѓи раце. Полтронот учествува во власта благодарение на моќта на владетелот кому безрезервно му дава поддршка , а за возврат добива „трошки од масата“ за што е бескрајно благодарен. Но ваквиот тренд не ја заобиколува ниту опозицијата во било кое општество. Автократски настроеното раководство на опозиционите партии постепено ја слабее опозицијата. Сите опозициски елементи во едно општество секогаш декларативно се изјаснуваат за јакнење на демократското мисла и одлучување. Но последните неколку децении сите опозициски лидери како приоритет претпочитаат да си обезбедат сигурна позиција или место во власта за себе и за своите послушници. Политичкиот нарцизам, со сите свои карактеристики, е се поприсутен кај лидерите на позициските и опзициските партии. Поради макијавелизмот, автократизмот и мегаломанијата кои стануваат одлики на сите лидери веднаш по добивањето на власта, се поголем е бројот на на апстиненти од гласање и на незаинтересираните граѓани за било какви политики и политичари. Бидејќи со тоа се намалува драстично бројот на валидатори на идеал егото на политичарите, се зголемува нивната агресивност во поновите политички кампањи поради недоволната нарцисоидна испорака на материјал за задоволување на политичкото нарцисно его!

Хубрисов синдром

Харизма, шарм, способност за инспирација, убедливост, подготвеност за преземање ризици, грандиозни аспирации и храбрата самодоверба се особини кои често се поврзуваат со успешното лидерство. Сепак луѓето со такви особини на личноста исто така може да бидат нагли, да одбијат помош или совет, импулсивен, непромислен, не обрнувајќи внимание на детали што може да резултираат со катастрофа лидерство (Овен, 2009), Заедничката нишка што ги поврзува овие елементи е хибризот, или

прекумерната гордост, огромно самодоверба и презир кон другите (Овен, 2008). Како можеме да размислуваме позитивно за на лидер кој ја злоупотребува власта на штета на другите? Некои го гледаат само како конечна манифестација на нормалното однесување долж спектарот на нарцисоидност, додека други едноставно го отфрлаат хибризот како сериозна професионална опасност од моќни лидери, политичари или воени команданти и академската заедница, тие веќе го опишуваат ваквото однесување како непривлечен, но разбирлив аспект од нив кои копнеат по власт. Екстремното хубристичко однесување се смета за синдром кој се состои од збир на карактеристики (симптоми) предизвикани од специфичен активирач (чувство на моќ или моќ) и обично исчезнуваат кога моќта исчезне. Синдромот Hubris се смета за стекната состојба и затоа се разликува од повеќето нарушувања личности кои традиционално се сметаат за трајна состојба на зрелоста. Клучниот концепт е дека се работи за нарушување кое се јавува при поседување на моќ, власт или политичко влијание, и то огромна моќ која трае подолг временски период и каде личноста која ја има моќта не се соочува со никакви ограничувања, цензури или санкции. Овие личности ги игнорираат правилата, законите, моралните, религиозните, традиционалните и општествените норми и ги сметаат за неприменливи за нив како личности поради сопственото уверување дека се недопирливи поради нивната функција. Синдромот Hubris е близок до концептот на типот на политичка личност што е се карактеризира со лидерство и квазигрижа за широките граѓански маси, но претставува и токсична личност која може да произведе тешки последици по поединецот и поширокото општество. Квалитетот на лидерството се мери со способноста за донесување брзи одлуки, понекогаш врз основа на малку докази или воопшто без докази или било каква материјална основа. Лидерот мора да изгради сопствени одбранбени механизми за да може да ги издржи јавни напади, критики, заговори, озборувања и подметнувања. Способноста за справување со такви ситуации го самозадоволува нарцисот со што ја потенцира вербата во важноста на мисијата што му е наменета како водач или политички субјект. Пореметувањето е временски детерминирано и најчесто се губи со губењето на моќта. Диктаторите, големите политички лидери, како и сите личности во кои има акумулирано огромно количество на моќ од различна етиологија се особено склони кон развивање на овој синдром бидејќи има многу малку или никакви цензури за нивното поведение.

Hubris синдром - карактеристики

Синдромот на Хубрис се дефинира како еволуција на поведение кај поедина личност на која и е доделена одредена доза на авторитет или одредено ниво на моќ и се манифестира во секое време и на која било возраст но исклучиво за времетрањето на делегираната моќ.

Овен (2009) го формулирал синдромот Хубрис како модел на однесување кај личност која:

(Јас) го гледам светот како место за самопофалба преку употреба на моќ

(II) покажува тенденција за преземање активности за подобрување на личната репутација

(III) покажува исклучителна грижа за угледот и презентацијата

(IV) покажува месијански жар и возвишеност во говорот

(V) се поврзува со нација или организација

(VI) го користи кралското „ние“ во разговорот

(VII) покажува прекумерна доверба

(VIII) изразува очигледен презир кон другите

(IX) покажува одговорност само пред повисок суд (историја или Бог)

(X) покажува непоколебливо верување дека ќе биде оправдан пред тој суд

(XI) губи контакт со реалноста

(XII) прибегнува кон немир, непромисленост и импулсивни дејства

(XIII) дозволува моралната совест да го надмине правилното разгледување на практичноста, цената или

исходот

(XIV) покажува неспособност со занемарување на главните фактори во создавањето на власта

Дефинирањето на клиничките карактеристики на секое нарушување бара повеќе од едноставно наведување на симптомите. Во случај на синдром на хубрис, потребен е контекст на значителна моќ, како и одреден период на власт, кој може да варира од 1 до 9 години.

Синдромот Hubris се појавува само по стекната моќ кај лица кои имаат предиспонирачки особини на личноста.

Поврзаност помеѓу нарцисоидното пореметување на личноста и Хубрисовиот синдром

Историјат на нарцисоидно растројство на личноста и хубрисовиот синдром

И синдромот на Хубрис и нарцисоидното растројство на личноста имаат корени во античката грчка митологија, и двета се споменуваат во Метаморфозите, збирка грчки митови прераскажани од римскиот поет Овидиј. Најпознатиот „хубрист“ е секако Икар. Во прераскажувањето на овој мит од страна на Овидиј, синот Икар станува непромислено уверен во својата новооткриена способност да лета, користејќи крилја што неговиот татко ги обликувал од восок и пердуви. И покрај молбите на неговиот татко да не лета премногу високо, Икар ги игнорира овие молби поради неговата самодоверба, а неговото однесување резултира со давење. Слично на тоа, терминот нарцисоидност беше популаризиран од легендата за друг митолошки лик, прекрасниот Нарцис. Восхитот на Нарцис од сопствениот одраз во водата го води до трагичен крај, а нарцисоидноста во својот суров опис најчесто се однесува на самољубие. По овие класични приказни, нарцисоидноста и хубрисовиот синдром се предмет на многу истражувања. Сепак, двата термина често се користат наизменично и се испреплетуваат. Дел од конфузијата произлегува од значајните преклопувања во нивните аспекти и експресии, бидејќи и двата ентитета имаат потенцијал да создадат услови за катастрофални последици за општеството како целина .

Сличности и разлики

Синдромот на Hubris во некои аспекти има многу допирни точки со нарцисоидно пореметување на личноста поради фактот што 7 од 14-те дефинирани карактеристики на Hubris синдромот се исто така критериуми за дефиниција на нарцисоидното пореметување на личноста. Клучната разлика во дијагностичките параметри на Хубрисовиот синдром, кој го разликува од дијагностичките параметри на нарцисоидното пореметување на личноста, е поседувањето

значителна моќ или авторитет во одреден временски период што му претходи на развојот на манифестната клиничка слика на синдромот.

Хубрисовиот синдром и нарцисоидното рпореметување на личноста ги споделуваат следните заеднички карактеристики:

1. манифестна нарцисоидна тенденција кај овие личности за перцепција на нивниот амбиент примарно како арена во која се практикува моќ и се бара слава исклучиво за задоволување на сопственото его,

2. предиспозиција да се преземат дејствија кои ја покажуваат нивната личност во најдобра можна светлина, со цел создавање на совршена слика за нивната личност во амбиентот на презентација,

3. чувство на грижа за тоа како се претставуваат пред амбиентот придружено со барање на испорака на восхит и валидација на нивниот труд и перформанси,

4. месијански начин на зборување за тековните активности и тенденција кон воздигнување на сопствената личност над другите, особено на конкурентите,

5. чувство на прекумерна верба во квалитетот на сопственото расудување и презир кон советите или критиките од другите,

6. чувство на прекумерна самодоверба што се граничи или дури поистоветува со чувството на семоќ во она што тие лично можат да го постигнат,

7. верувањето дека наместо да бидат одговорни за последиците од нивното поведение пред земниот суд или пред јавното мислење, единствениот судија на кој одговараат е историјата или Бог.

Карактеристиките кои се ексклузивни исклучиво за Хубрисовиот синдром се следниве:

- идентификација на ваквата личност со граѓанството или организацијата чиј член е се додека го гледа сопствениот интерес од партиципација или соработка со тие групации
- тенденција да се користи и потенцира кралското, „ние“ во јавните настапи,
- непоколебливо мислење дека сите негови постапкибез разлика на исходот ќе бидат оправдани и амнестирани од „исторскиот суд“,
- експресија на немир, непромисленост и импулсивност,
- тенденција на наметнување на нивната „визија“ која потекнува

од личната имагинација со цел анулирање на рационалната мисла од спротивната страна но и во сопствените редови.

Од друга страна, следните карактеристики се типични за нарцисоидно растројство на личноста и го одвојуваат од синдромот на хубрис:

- потреба за восхит,
- изразено чувство на самобитност, односно неразумно и некритично очекување дека другите ќе се адаптираат ко нивните нереални побарувања,
- недостаток на емпатија и грижа на совест
- Нескриено чувство на завист кон другите личности или чувство дека другите личности им завидуваат на квазиквалитетите и самоприпишаните успеси.

Перцепција на моќ кај синдромот на хубрис и нарцисоидно растројство на личноста кај политичките субјекти

Кога се гледа од психолошка перспектива забележливо е дека моќта, особено моќта во политичките кругови правопропорционално влијае на индивидуалното однесување на политичките субјекти и на тој начин влијае на квалитетот на самото лидерство. Индивидуалните разлики како што се чувството за моќ и мотивацијата за стекнување моќ објаснуваат зошто некои поединци се способни да се издигнат на позиции на моќ и како ја задржуваат или губат стекнатата моќ. Наодите од некои истражувања ја потврдуваат корелацијата помеѓу хубристичките карактеристики од типот на прекумерна самодоверба, самобитност, самобендисаност, прекумерна амбиција и чувство на презир кон сите личности кои советуваат и критикуваат и политичката моќ како амплификатор на хубристичките и нарцисоидните перформанси на политичкиот субјект. Тоа го објаснува фактот зошто моќните луѓе имаат тенденција да покажат хубристичка прекумерна самодоверба, самоувереност, способност за манипулација и се склони кон неетичко однесување. Чувството на моќ над другите индивидуи ги наведува поединците да не прифаќаат никаков совет или туѓо мислење затоа што се уверени дека квалитетот на нивното мислење е најдобар и најправилен. Чувството на моќ и самоувереност резултира со тоа што поединците се пооптимисти кога станува збор за преземање големи ризици што може да доведе до несакани, најчесто негативни последици во општествените текови кои се во директна врска со судбината и квалитетот на животот на граѓанинот. И наместо да се посветат на решавање на проблемите на тој ист граѓанин кој ги довел на таа

позиција, тие веднаш по изборниот циклус го трансформираат граѓанинот во предмет за едноктратна употреба и како неупотреблив го отфрлаат без трошка емпатија или чувство на вина се до до следниот изборен циклус кога истиот тој граѓанин ќе добие употреба вредност во вид на заокружувач на гласачко ливче. Во тие предизборни периоди поединците кокај кои е акумулирана политичката моќ, редовно покажуваат морално лицемерие, наметнуваат построги морални стандарди кон другите од оние што самите ги практикуваат. И тоа морално лицемерие е најчесто насочено кон губитниците во изборниот процес вод кои се регрутираат виновниците кои мораат да бидат казнети со цел задоволување на предизборните ветувања кон сопственото гласачко тело. Моралното лицемерие може да се поврзе со моралниот идентитет со тоа што психолошкото искуство на моќта може да резултира со намалување на моралната свест кај поединци со слаб морален идентитет и интегритет и обратно. Сето то се случува поради неизградените морални цензорни механизми кои се задолжени за контрола и цензура на неморалното или општествено неприфатливото однесување. Поради тоа неретко се случуваат хумористични до трагикомедични поведенија од морално неизградени политичари без цензорни механизми кои се на моќни позиции. Слабиот морален идентитет и дезинхибицијата во композиција со грандиозноста и предимензионираната самодоверба и самобендисаност произведуваат едно невкусно неетичко однесување и кое е дегутантно за пошироките народни маси и доведува до испорака на презир наместо восхит кон егото на политикантот кој нво зависност од неговата конституција на личност, неговите морални и академски квалитети, ќе влезе во регресија или во агресија доколку има и трошка психопатски црти. Сепак најчеста експресија е макијавелизмот и маскираното садистичко поведение како одлики на темната тетрада на личноста. Стремежот за чувство на моќ е стратешки феномен, а начинот на кој нарцисоидните индивидуи ја следат моќта стратешки се разликува од хубристичните лидери. Односот на нарцисистите со моќта е различен по тоа што, во споредба со хубристичните лидери, тие не се опиени со моќ, туку фантазираат за стекнување моќ за да ја зајакнат својата грандиозна слика за себе. Поединците со нарцисоидни особини веројатно се стремат кон моќ бидејќи тоа ќе им обезбеди поефикасен и полесен начин да ја задоволат нивната потреба за внимание. Нарцисоидните поединци ќе поседуваат моќ поради неколку причини: тие имаат особини и вештини кои го забрзуваат нивното напредување до лидерски позиции, тие често зрачат со харизма и го користат својот површен шарм, зборуваат елоквентно и поседуваат огромна самодоверба што им овозможува полесно да

привлечат следбеници од пошироките народни маси. Сепак, нарцисоидните лидери имаат тенденција да ја злоупотребуваат моќта на групно и организациско ниво фокусирано на самоинтоксикација. Злоупотребата на моќта, со или без очигледна намера, се случува кога нарцисоидните лидери преземаат активности за свои лични цели, користат управување со впечатоци за подобрување на личната слика и прикривање на неспособноста, без оглед на влијанието на нивните одлуки врз следбениците, организациите или политичките групации. На крајот на краиштата, разликата во перцепцијата на моќта на нарцисоидна индивидуа се разликува од хубрисоидната, бидејќи фокусот на нарцисоидиот лидер е секогаш на самиот себе, што резултира со потенцијално деструктивен исход и за лидерот и за организацијата. Нарцисоидните лидери со својот „надуен“ поглед кон себе, екстровертноста и убедливиот шарм лесно се издигнуваат на позиција на моќ, но на крајот таа моќ ја злоупотребуваат поради нивната самоинтоксикација. Додека хубристичните лидери се опиени со моќ, нарцисоидните лидери копнеат за моќ за да го зајакнат своето грандиозно мислење за себе. Студиите за нарцизмот и, во поново време, хубризмот, покажаа дека и двете влијаат врз донесувањето одлуки, влијаат врз стратешките резултати и организациските перформанси, и ја докажаа поврзаноста на карактеристичното однесување на нарцисот и хубрисот со моќта и влијанието во општествената сфера. Важно е да се разбере дека хубристичкото и нарцисоидно лидерство е дефинитивно поврзано со моќта и влијанието, особено политичкото, и дека тоа е моќна алатка во рацете на самобендисаните лидери што може да доведе до катастрофални последици врз општествените текови доколку не се канализира таквото девијантно поведение. Засега не може точно да се дефинира точната врска помеѓу синдромот на хубрис и нарцисоидното растројство на личноста. Сепак, голем број неодамнешни студии фрлаат светлина на нарцисоидното растројство на личноста на релевантни начини. Една студија (Ronningstam et al. 1995, цитирана во Owen, 2008) покажа дека самото нарцисоидно растројство на личноста е изненадувачки минливо, при што само 46-50% од случаите ја задржале дијагнозата за време на тригодишно следење. Надоврзувајќи се на карактеризацијата на синдромот на Хубрис како стекнато нарушување, Ронингштам и неговите колеги откриле дека 4 од 20 пациенти првично не ги исполнувале дијагностичките критериуми за нарцисоидно растројство на личноста, но ја стекнале оваа дијагноза за време на студиската опсервација. Авторите заклучуваат дека остануваат сериозни прашања за конструктивната валидност на нарцисоидното растројство на личноста како дијагностичка категорија.

Последната голема епидемиолошка студија изнесува доста интересни заклучоци (Stinson et al. 2008, според Owen 2008). Истражувањето покажа дека доживотната преваленца на нарцисоидно растројство на личноста кај мажите била 7,7%, а кај жените 4,8%. Понатаму, авторите коментираат дека нарцисоидното нарушување е транзиторно, односно може да се намали или исчезне, како и да се појави повторно подоцна во животот, а зависи од културните фактори како фактори на околината, како и од системот на вредности кој е во моментот на сила. Исто така, постои можност нарцисоидното растројство да зависи од контекстот, и затоа има потреба од дополнителни долгорочни епидемиолошки и клинички студии со цел појасно да се разликуваат уникатните и вообичаените фактори што ги има нарцисоидното нарушување во однос на другите нарушувања на личноста. . Според ова, би можело да се претпостави дека синдромот на Хубрис е токму една (стекната, аквирирана) форма на нарцисоидно растројство на личноста.

Коморбидитети кај нарцисоидното растројство на личноста и синдром на Хубрис

Коморбидитетот на нарцисоидно растројство на личноста и синдромот на Хубрис со други растројства на личноста како што се хистрионски, хистериформни, гранични, психопатски и социопатски нарушувања често создава проблеми во диференцијациајата, дефиницијата и дијагностиката на овие пореметувања кај лекарите. Некои студии покажуваат дека е исклучително тешко да се најдат пациенти кои имале нарцисоидно растројство на личноста без други растројства на личноста (Gunderson et al. 1996, според Овен 2009). Знаењето за нарцисоидно растројство на личноста многу заостанува зад другите растројства на личноста. Во неодамнешната литература и дискусија за нарцисоидно растројство на личноста, може јасно да се заклучи дека постојат неколку форми на нарцисоидно растројство, а синдромот на хубрис може да биде само еден од нив (Овен, 2009). Синдромот на Хубрис е дефиниран како минлив по губењето на стекнатата моќ, иако таквиот исход се чини дека е поврзан со должината на времето поминато на власт. Студиите споменати погоре веќе сугерираат дека формите на нарцисоидно растројство на личноста може да се повлечат, како и да се појават повторно подоцна во животот. Затоа, не е претерано да се претпостави дека синдромот Хабрис е стекнат и веројатно минлив по промените на контекстот настекната моќ, но тоа е тешко да се докаже бидејќи често знаеме малку за животите на овие поединци откако ќе престанат да бидат на власт бидејќи ретко кој правел студија на таков примерок испитаници. Засега, можеме само да претпоставиме дека синдромот на

Хубрис дели некои од квалитетите на минливоста и влијанието на вредносните системи кои се идентификувани, детерминирани и класифицирани во дефиницијата на случај за нарцисоидно растројство на личноста. Би било идеално ако лонгитудиналната студија би можела да го испита степенот на појавата на хубристичните особини кај субјектите кои немале такви особини пред да постигнат успех или висока позиција. На пример, дали некој со опсесивни особини на личноста, но малку нарцисоидни хистрионски или социопатски особини, може да развие Хубрисов синдром и кои би биле факторите кои би стимулирале манифестација на ваквата симптоматологија.



Гордонов епидемиолошки тријас



Адаптација на Гордоновиот тријас кај нарцисоидното пореметување на личноста



Вограликов епидемиолошки синџир



Адаптација на Вограликовиот синџир кај нарцисоидното пореметување на личноста

Од грчката митологија, терминот нарцис ги претставувал индивидуите кои биле опиени со себе и со своите способности, додека дрскоста ја претставувала моќта на владетелите и лидерите кои го користеле својот авторитет за да ја задоволат сопствената амбиција. Денес, таа слика е малку променета поради новите наоди и истражувања, но сè уште останува сликата на нарцисоидно растројство на личноста опишана како личност со прекумерна самодоверба, самобитност, грандиозност како и потполн недостаток на емпатија и екстремна преокупација со сопственото јас. Ваквите личности де факто можат да бидат сериозна закана за поблискиот или подалечниот амбиент во кој опстојуваат и делуваат, поради квалитетот и квантитетот на експонираните карактеристики на нарцисоидното пореметување на личноста.

Сепак, особините на личноста кои го опишуваат нарцизмот не се нужно штетни по околината, но можат да бидат дел од прилично адаптивно однесување. Поединците можат да ги користат таквите особини на личноста за го обезбедат сопствениот напредок и да ги постигнат своите однапред зацртани цели, без разлика на последиците по другите личности кои се во корелација со нив. Хубрисовиот синдром може да се перцепира како очекувано и природно продолжување и потенцирање на самодовербата и амбицијата што ги има секоја индивидуа која сака да практикува моќ. Доколку се работи за лабилна конституција на личноста, таа не може да одолее на предизвикот и бенефитите кои ги носи власта и делегираната моќ. Поради недостатокот на цензорните механизми, овие личности без размислување ја прифаќаат понудата за испорака на моќ и веднаш ја дистрибуираат и практикуваат врз широките граѓански маси и тоа неконтролирано и недозирано без да размислат за последиците од испораката на таа неконтролирана моќ. Карактерните особини кои не можат да одолеат на чувството на моќ најчесто ја водат личноста кон импулсивно и деструктивно однесување. Темата за нарцизмот и сродните ентитети како што се синдромот на Хубрис и нарцисоидното растројство на личноста отсекогаш се загадочна тема која дава простор за размислување токму поради широкиот контекст и разновидноста на спектарот на експресии преку кои се манифестира ова пореметување. Концептот на нарцисоидност кој циркулира во нашето општество денес, не мора задолжително да биде дефинирано растројство на личноста. Денешната култура или поточно субкултура, биполарноста, бинарноста и изразувањето на половата и родовата недефинираност, стана храна за таквите поединци кои се наметнуваат на другите убедувајќи ги во нивните извонредни способности, обично прикажувајќи се како компетентни, самоуверени, самобендисани и уникатни личности кои треба да бидат прифатени од амбиентот со сите нивни надворешни и внатрешни карактеристики.. Патолошката потрага по статус, општествен ранг, моќ и власт може да се манифестира на различни начини, вклучувајќи ги во овој мултикомплекс синдромот на Хубрис и нарцисоидното растројство на личноста заедно со нивните коморбидитети.. Денешните општествени уредувања и демократски практики доведоа до состојба да човечкото его стане се поподложно на развој на нарцисоидни особини поради широката плејада на нарцисоидна понуда и валидација што дозволува комбинација на понуди со финален производ на безброј нијанси на нарцисоидност вклопени во дефиницијата на нарцисоидното пореметување на личноста. Дополнително, актуелноста и афирмацијата на политиката како задолжителен инструмент за стекнување на

најразличен бенефит кај граѓанството, доведе до ситуација на обединување на поширок граѓански групации во политички партии кои се борат за превласт со цел користење на бенефитите од најразличните нивоа на власта. Тоа ствара идеална атмосфера за појава на лидери кои доколку имаат таква конституција на личност, талент и академска подготовка многу едноставно стануваат кандидати за развивање на Хубрисовиот синдром со сите негови квалитатаивни квантитативни експресии кои при дисеминацијата и практикувањето на политичката моќ можат да доведат до сериозени општествено социјални придвижувања кои сериозно можат да доведат до дестабилизација на целото општество со сите пропратни последици. Затоа следењето, препознавањето и канализирањето на експресијата на овие две пореметување е од есенцијално значење за превенција на сериозни тектонски пореметувања во општествената сфера кои можат да имаат несогледиви последици.

Хистрионско растројство на личноста

Хистрионското растројство на личноста е нарушување кое се карактеризира со прекумерна експресија на емоциии и барање за испорака на голема доза на внимание од актуелниот амбиент. Со оглед на тоа што постои постојана потреба за внимание од други личности, односно **хистрија (histria)**, ова растројство на личноста често се нарекува актерско пореметување на личноста или хистериформно растројство на личноста, бидејќи хистеријата како растројство е дефинирана вво посебна категорија на пореметувања. Се смета дека главната причина за нарушување на личноста е генетиката во комбинација со влијанието на факторите од околината, особено во периодот на детството. Со други зборови, се зема предвид биопсихосоцијалниот пристап кој ја нагласува генетиката, и психолошката и социјалната состојба на поединецот. Имено, искуствата во раното детство као и фиксациите во некои од развојните фази на личноста играат важна улога во појавата на растројствата на личноста. Се верува дека хистрионското растројство на личноста е предизвикано од прекумерна доза на критики и казни испорачани од родителите во композиција со изразен недостаток на родителско внимание во раната детска возраст кога е тоа е најпотребно и претставува влијателен фактор во правилниот развој на личноста.

Симптоми

Первазивните развојни нарушувања се развојни нарушувања кои се карактеризираат со оштетувања во комуникациските и

социјалните вештини. Тоа е невропсихијатриско развојно пореметување кое се карактеризира со нетипичен социјален и когнитивен развој во областа на говорот и јазикот, кој е забавен и нетипичен за возраста во која се манифестира.

Симптомите на первазивниот образец на прекумерна емоционалност и барање внимание што започнува во раната детска возраст вклучуваат:

- чувство на непријатност кај личноста во ситуации кога истата таа личност не е во центарот на вниманието

- интеракцијата со другите личности, особено од спртивниот пол, честопати се манифестира со сексуално заведување на несоодветен начин или провокативно однесување со цел привлекување внимание.

- брзи промени во емоционалната експресија

- употреба на физичкиот изглед како алатка за свртување на вниманието на другите личности

- стил на зборување кој е премногу театрален, но со нафрлени и неповрзани академски фрази

- покажување самодраматизација, театралност со прекумерна доза на променливи емотивни експресии

- сугестибилност - потпаѓање под влијание на други личности или околности поради перцепцијата дека интерперсоналните конекции се поинтимни отколку што навистина се.

Децата кои во раната детска возраст се воспитуваат на таков начин често развиваат хистрионско растројство на личноста кое може да се експонира како солитарно нарушување или во комбинација со други коморбидитети.

Како се манифестира хистрионското растројство на личноста?

На личностите со хистрионско растројство на личноста бргу им здосадува рутината на секојдневието и поради тоа копнеат за новитети кои ги стимулираат, возбудуваат и задоволуваат. Клиничкото искуство покажува дека личностите со ова нарушување особено оние кои имаат биоларна нота во структурата на личноста при епизоди на рутина и едноличност во секојдневието лесно запаѓаат во депресивно расположение кое доколку не се препознае и корегира со психолошка интервенција покажуваат зголемен ризик од суицидални закани, обиди или гестови со цел привлекување внимание од амбиентот. Но оваа

состојба бара исклучиво внимателен пристап поради фактот што разликата помеѓу хистријата, хистериформното поведение, хистеријата и депресијата е многу мала и дискретна и доколку не се препознаат навреме карактеристичните симптоми кои ги диференцираат, лесно може да се пропушти точната дијагноза и пациентот да заврши со tentamen suicidi или suicidum. Личностите со хистрионско растројство на личноста се чувствуваат конфорно исклучиво кога се во центарот на вниманието. Покажуваат живост, палавост, драматични се и екстровертни и лесно привлекуваат внимание кон себе со својот ентузијазам, отвореност и флерт. Сепак, овие квалитети се губат со текот на времето бидејќи овие личности упорно бараат да бидат во центарот на вниманието што ги прави напорни и монотони за околината која бргу ги изолира и отстранува од сопственото опкружување. Кога не се во центарот на вниманието, тие најчесто драматизираат , инсценират настани или ситуации со цел привлекувањена вниманието кон себе. Токму затоа кај нив се нагласени театралните црти и актерството како алатка за заведување и привлекување на внимание. Доколку бараат и испорака на восхит од „публиката„ која ги опкружува, тогаш веќе хистријата влегува во класификацијата на коморбидитети на комплексното нарцисоидно пореметување на личноста. Во клинички услови, каде што дијагностиката е поегзактна, е докажано дека ова нарушување почесто се дијагностицира кај личностите од женскиот пол. Но, половата застапеност не е толку сигнификантно различена бидејќи некои студии кои користат структурирана проценка даваат податоци за слични стапки на преваленца кај мажите и жените.

Хистрионско растројство на личноста и физички изглед

Изгледот и однесувањето на личностите со ова нарушување често е несоодветно во смисол на моралните норми на изглед и однесување во смисол на прекумерна сексуална провокативност или заводливост. Овие однесувања се насочени не само кон оние кај кои овие лица имаат сексуални или романтични интереси, туку и кон широк опсег на социјални, работни и професионални односи надвор од она што е соодветно во тие општествени околности. Изразувањето на емоциите може да биде површно но и подлабоко и брзо да се менува во смисол на различна амплитуда и фреквенција на емоционалната експресија. Личностите со ова нарушување упорно го користат својот физички изглед за да привлечат внимание кон себе. Премногу се преокупирани со физичкото импресионирање на околината со сопствениот изглед и трошат многу време, енергија и пари на облека и разубавување се со цел да изнудат комплименти за нивниот изглед. Но, доколку нивниот

физички изглед не биде валидиран во позитивна конотација од амбиентот, овие личности многу лесно се вознемируваат од критиките на сметка на нивниот изглед и доколку тие критики се рамнодушни или негативни, исфрлаат лавина од емоции со цел да ја намалат фрустрацијата. Хистрионското растројство на личноста е поврзано со прекумерна употреба на социјалните мрежи како што се Фејсбук, Инстаграм, Снепчет и др. каде овие личности го хранат своето его со лајкови, коментари и број на следбеници. Некои истражувања покажаа дека нарцисоидното растројство на личноста е образец што често се јавува при подолготрајна прекумерна употреба на социјалните медиуми, честопати во копозиција со хистрионското нарушување на личноста.

Хистрионско растројство на личноста и љубов

Луѓето со хистрионско растројство на личноста може да имаат потешкотии да постигнат емоционална интимност во романтични или сексуални врски. Тие често ја играат улогата на жртва во односите со другите, без воопшто да бидат свесни за тоа. Најчесто го контролираат партнерот во врската преку емоционална манипулација или заведување, а воедно покажуваат забележлива зависност од таа личност. Личностите со хистрионско растројство честопати имаат проблеми во односите со истополовите пријатели бидејќи нивниот сексуално провокативен интерперсонален стил може да биде закана за врските на нивните пријатели. Овие личности најчесто биваат отфрлени од своите истополови пријатели поради постојаното барање на внимание и потврда за нивниот надворешен изглед што се перцепира од спротивната страна како сериозна закана кон врската на истополовите пријатели. Овие личности не се способни ниту пак имаат желба да одржуваат долготрајни врски, ги прекинуваат и бараат нови извори на возбуда, инспирација и валидација во вид на нови врски..

Хистрионско растројство на личноста и сугестибилност

Личностите со ова растројство на личноста се многу сугестибилни. Сугестибилноста може да се види во нивните ставови и емоции, кои лесно се менуваат под влијание на другите личности и под влијание на актуелните трендови . Тие имаат прекумерна доверба, особено во луѓе со авторитет за кои сметаат дека можат магично да ги решат нивните проблеми. Тие често реагираат според нивните чувства и брзо ги менуваат своите верувања. Луѓето со хистрионско растројство често ги сметаат врските за поинтимни отколку што навистина се, и речиси секој познаник го опишуваат како „драг пријател“ за кого сметаат дека во име на нивното познанство се должни да им испорачаат барани услуги.

Хистрионско растројство на личноста - поврзаност со други нарушувања

Ова растројство на личноста честопати е асоцирано со други, потешки растројства на личноста, особено со конверзивното нарушување (нарушување со функционални невролошки симптоми) и со депресивното нарушување.

Хистрионското растројство на личноста како коморбидитети ги има следнове растројства:

- гранично растројство на личноста

- нарцисоидно растројство на личноста

- асоцијално и антисоцијално растројство на личноста

- опсесивно компулсивно растројство на личноста

- параноично растројство на личноста

- зависно растројство на личноста.

Третман на хистрионско растројство на личноста

Главниот метод за лекување на ова нарушување е долготрајна психотерапија насочена кон корекција на ирационалните верувања на пациентот. Медикаментозна терапија обично не е потребна, освен во случаи кога нарушувањето се јавува во комбинација со анксиозност или тешка депресија, кога се користат антидепресиви со цел превенција на суицидалноста. Најголемиот проблем во третманот на хистрионското растројство на личноста е одбивањето на третман од страна на пациентите кои себеси се сметаат за сосема нормални личности, кои се само погрешно перцепирани од околината која ,,едноставно нема чувство за нивниот изглед и однесување,,. Поради тоа не прифаќаат никакви психолошки интервенции. Доколку прифатат интервенција, терапевтот со нив мора да биде многу трпелив и прилагодлив, за да може да управува со емоционалните испади на личностите со хистрионско растројство и да им помогне во лекувањето преку различни видови на психолошки третмани и интервенции.

Нарцизам и социјални мрежи

Со ширењето на социјалните мрежи се добива впечаток дека со тоа се отвора можност за поголем егоцентризам кај одредени луѓе. Се поставува прашањето дали и на кој начин можноста за објавување на сопствени фотографии поттикнува нарцизам? По дефиниција нарцизмот е грандиозна слика за себе и за големината на сопственото его. Самобендисаноста, фасцинираноста и опседнатоста со себеси бара и нескротлива потреба другите личности од поблискиот и подалечниот амбиент да ја признаат нарцисната уникатност и квалитет и истиот да го квантифицираат и валидираат. Знаеме дека нарцизмот како растројство на личноста влече корени од раното детство, а се манифестира во периодот на адолесценцијата и зрелоста. Примарната форма на нарцисоидност се појавува веќе во првата година од животот, кога детето е фокусирано на односот со неговата мајка, но експресијата на е латентна и тешко се дефинира. Во втората и третата година од животот детето има тенденција да го истражува актуелниот амбиент и за време на тоа истражување и запознавање мора да се оддалечи од мајката и секој пат кога сака да се врати кај мајката очекува од неа да го дочека со внимание и љубов. Некои мајки од различни причини како што се: емоционална незрелост, невнимание, незаинтересираност, моментална фрустрација или незадоволство, а во последно време поради насочување на нивното целосно внимание кон социјалните мрежи, не го дочекуваат детето назад со внимание кое тоа го очекува од мајката. Тоа кај детето буди чувство на сопствен неквалитет кое потекнува од рамнодушниот однос на мајката при пречекот. Тоа го фрустрира детето и тоа вложува огромна количина на љубов и енергија кон мајката со цел да ја задоволи. Доколку мајката го промени афектот од рамен во позитивен детето се чувствува вреднувано со што се задоволува неговото его и детето се дефрустрира. Доколку овие епизоди се повторуваат секојдневно, кај детето инстинктивно се буди нагонот за самодокажување, што го јакне неговото его. Но, овие постојани стимули продуцираат појава на т.н. секундарен егоцентризам, кој се граничи со нарцизам и доколку се пролонгира многу лесно преминува во грандиозен нарцизам кој има сопствени барања од типот на нарцисоидна понуда и валидација кои ја хранат кревката нарцисна самодоверба. Во моментот кога ќе прекине нарцисната понуда од елементите на амбиентот, нарцисното его доживува повреда на самосоздадена грандиозна слика за себе, што во зависност од степенот на ,,повредата,, произведува анксиозност, фобијса, опсесија или агресија. Ова поведение, доколку не биде навремено нотирано и

дефинирано, постепено еволуира во нарцисоидно растројство на личноста. Овие личности имаат нереално грандиозна слика за себе и се убедени дека другите личности постојат исклучиво за задоволување на нивните барања и потреби, као и потврда на нивните замислени успеси. Се работи за манипулативни, емотивно ладни, неемпатични личности, кои ги инструментализираат луѓето околу нив со цел да се самозадоволат (ментална онанија). Се почесто како алатка за сопствена експресија, самоизложување и само рекламирање ги користат социјалните мрежи, а нарцисна испорака и валидација добиваат преку бројот на лајкови или преку бројот на следбеници. Доста се чувствителни на негативните коментари, особено на коментарите кои се однесуваат на нивниот изглед, моден тренд или родова определба. Лесно влегуваат во дискусии кои доколку се развијат во дискусии со негативна конотација, се фрустрираат. Ова особено е забележливо кај нарцисите со хистрионски коморбидитет во структурата на личноста.Токму ваквите дискусии кои се развиваат во коментарите на социјалните мрежи предизвикуваат емоционална експресија кај личностите со нарцисоидно пореметување на личноста која е индикатора за препознавање на нарцисоидните особини на личноста. Ако нема доволно интеракција, лајкови, коментар или следбеници, нарцисите се чувствуваат недоволно вреднувани и повредени. Тоа нивно незадоволство станува видливо и препознатливо на социјалните мрежи и истите се претвораат во корисен инструмент за детекција и дефиниција на личностите со нарцисоидно пореметување на личноста. Ниту едно живо суштество не може да живее без присуство и интеракција со другите луѓе. Луѓето се социјални суштества пред раѓањето па до крајот на животот и се во постојана интерактивна конекција со амбиентот кој го моделира менталниот склоп на нарцисоидната личноста согласно мултифакторијалните влијанија. Дозираната амобендисаност како карактеристика на здравиот нарцизам е неопходна во развојот на секоја нормална личност и и овозможува да ја изгради сопствената самодоверба. Но, разликата помеѓу здравиот, border line и патолошкиот нарцизам е исклучително мала, и под влијание на факторите на околината и самата моментална ментална состојба многу лесно може да се премине од здраво во патолошко ниво. Доколку тоа се случи се врши психолошка интервенција или третман. Зголемувањето на експресијата на нарцисоидните манифестации расте правопропорционално со зголемувањето на употребата или злоупотребата на социјалните мрежи. Овој факт поттикна многу истражувања на оваа тематика кои дадоа одредени резултати. Целта на овие истражувања беше подетално да се истражи корелацијата помеѓу

нарцизмот и користењето на социјалните мрежи, односно да се утврди дали нарцисоидната грандиозност и ранливост се предизвикани од користењето на социјалните мрежи. Социјалните мрежи не предизвикуваат нарцисоидност, туку ја праваат видлива веќе постоечката. Нарцисоидната грандиозност значително позитивно и умерено поврзани со емоционална поврзаност, број на пријатели, самопрезентација и одржување социјални контакти. Со други зборови, луѓето кои котираат повисоко на скалата на грандиозниот нарцизам се повеќе емотивно поврзани со социјалните мрежи, имаат поголем број пријатели и следбеници, почесто се претставуваат со фотографии, приказни или статуси и одржуваат интензивен и непрекинат социјален контакт на мрежите. Поради можноста за интензивна и разновидна нарцистичка понуда и валидација, ваквите личности се регистрираат на сите можни социјални мрежи а особено на оние кои имаат слаби цензури, што им овозможува изложување на сопствените ,,квалитети,, пред огромен број на валидатори но и критичари што дава можност за неписцрпен извор на нарцисоидно ,,гориво,, кое постојано го движи, храни а по некогаш и повредува нарцисното его. Личностите кои котираат повиско на скалата на ранливиот нарцизам се повеќе емотивно поврзани со социјалните мрежи, поминуваат повеќе време на интернет и почесто и полесно остваруваат и одржуваат контакти преку социјалните мрежи. Секојдневно ни се појавуваат пријатели на социјалните мрежи кои едноставно не можат да престанат да ги објавуваат своите фотографии, статуси или локации иако тие информации се потполно безначајни за најголемиот број на следбеници. Редовно постираат фотографии, локации, не известуваат што прават и во каква емоционална состојба се. Таквите личности, доколку не споделат настан од својот живот на социјална мрежа, се чувствуваат незадоволно и фрустрирано. Фрустрацијата е уште поголема доколку постирањето не е ,,заверено,, со голем број на лајкови или позитивни коментари. Колку е помал бројот на лајкови, обратно пропорционално расте и се интензивира бројот на постови со цел да се потврди атрактивноста на личноста која постира. И тоа се повторува се додека поголемиот број од пријателите или следачите не станат рамнодушни на споделувањето на нивното секојдневие. Доколку тоа се интензивира најчесто таквите постирања се прескокнуваат од пријателите и следачите за на крај истите бидат блокирани и одстранети од листата на пријатели. Со тоа сакајќи да ја зголемат нарцисоидната испорака и валидација, тие всушност постепено ја губат и тоа уште повеќе ги фрустрира како личности бидејќи им ја разнишува самодовербата, ја руши грандиозноста и самобендисаноста и од грандиозен нарцизам ги носи

но ранлив нарцизам кој најпрво го депривира а потоа го супримира нивното его со што емоционалните експресии од самоуверени и агресивни ги претвара во депресивни компулзивни.

Нарцизам и психопатија

Нарцисите многу повеќе се занимаваат со својата надворешност отколку со сопствената содржина или квалитет. Нарцисите ретко даваат информации за себе, па честопати изгледаат таинствени, повлечени, резервирани и никако не даваат информации за нивната приватност. Дел од причината за тоа е фактот што нарцисите сопствениот живот го сметаат за незанимлив, досаден, едноличен и поради тоа сметаат дека нема да биде занимлив ниту за околината. Многу често нарцисите поради ова се срамат од сопствениот живот бидејќи се сметаат за недоволно совршени за да се експонираат во околината. Тие чувствуваат дека нивниот изглед, интелигенција, образование, нивната работа, нивните пријатели и семејство, нивната куќа и имот не се доволно добри за да бидат прикажани како пример. Нарцисистите се познати по нивниот негативен, нихилистички, песимистички, циничен или негаторски однос кон животот. Сарказмот е исто така една од вештините на нарцисот, која често ја употребува. Постојано чувствуваат недостиг на љубов и задоволство и не постои нешто кое е навистина доволно добро за да ги задоволи и усреќи. Поради тоа постојано се жалат и ги критикуваат другите со вербални напади. Нарцисоидните личности се многу импулсивни. Ако се следат внимателно, многу лесно се препознаваат врз база на нивното однесување кое одскокнува од секојдневното нормално поведение. Не размислуваат за можните последици од нивните постапки, но очекуваат и бараат да им биде простено за сè што направиле. Нарцисите имаат необично и чудно чувство за време. Тие не се свесни дека работите се менуваат со текот на времето или едноставно не се свесни дека времето воопшто минува. Може да помине долг временски период без настаните од тој период да остават било каква емоционална трага врз нарцисот. Нарцисите често замислуваат дека изгледаат многу помлади отколку што навистина се, но бидејќи имаат погрешна перцепција за времето, ги следат модните трендови кои одамна поминале и во очите на јавноста честопати изгледаат смешно.Понекогаш се чини дека имаат многу селективна меморија - со големи празнини во нивната меморија. Ова е еден вид т.н. ,,инсертна меморија“, кога се сеќаваат на инсерти од разни периоди на животот но се сеќаваат на небитни настани кои некако се врежале во нивната меморија. Толкувањето на овие ,,инсерти,, , нарцисите го прават по сопствено убедување. Во секој случај во сите настани

нарцисот секогаш се перцепира себеси како главен лик во настанот. Можно е нивната агресивност и импулсивност да се резултат на недостаток на квалитени когнитивни способности кои што потекнуваат од статична, смрзната психолошка состојба која е поврзана со нарушената перцепција на време. Нарцисите не сакаат да живеат сами. Нивното внатрешно емоционално богатство е оскудно, статично и стерилно. Според нив, ништо битно, интересно или привлечно не може да се случи во нивните срца,души или умови. Тоа што ним им недостасува го бараат кај други личности кои според нив можат да им испорачаат богата емоционална понуда кој би била субститут на нивната виртуелна слика за сопственото совршенство кое што никогаш нема да можат да го постигнат. Важно е да се спомене дека постои битна разлика помеѓу нарцисоидното пореметување на личноста и психопатијата. Психопатите имаат тенденција да прибегнуваат кон физичко насилство за да го добијат она што го сакаат, додека нарцисите ретко извршуваат криминални дејствија. Во овој поглед, некои денес го сметаат нарцизмот за еден вид на т.н. „субкриминална психопатија“ поради психопатските бенигно агресивни црти.

Психопатите како категорија, исто така, покажуваат патолошка нарцисоидност, вклучувајќи грандиозност и супериорност како персонални карактеристики, но психопатијата се разликува од нарцисоидното пореметување на личноста по тоа што психопатите секогаш се подготвени прелиминарно да користат физичко насилство и агресија за да го постигнат она што го сакаат, додека нарцисите ретко се во состојба да извршат тешки криминални дејствија кои би биле карактеризирани со физичко насилство. Нарцисите често се плашат од физички контакт со другите, иако понекогаш можат да напаѓаат во состојба на интензивен гнев. Но во вакви случаи нарцизмот е најчесто компонента на биполарното растројство или гранично пореметување на личноста а не примарен нарцизам како дефиниран ентитет.

Концепт на темната тријада

Концептот на темната тријада од неодамна станува се повеќе и повеќе предмет на психолошки истражувања и вклучува три главни особини на личноста кои често се манифестираат кај нарцисот, истовремено или одделно а тоа се: макијавелизам, нарцизам и психопатија. Луѓето со изразени макијавелистички карактеристики се манипулативни, имаат тенденција да ги мамат и искористуваат другите, имаат циничен однос кон моралот и се насочени исклучиво кон сопствениот интерес, верувајќи дека меѓучовечката манипулација е клучот за успехот во

животот и општеството. За разлика од психопатите кои се однесуваат импулсивно, кои ги напуштаат пријателите и семејството и кои не се грижат толку за сопствената репутација, макијавелистите однапред планираат, градат сојузи со другите, се обидуваат да одржат позитивна репутација и не се склони кон бурни реакции на провокации или закани. Макијавелистите не се импулсивни, туку се што прават им е предходно пресметано и испланирано. Нивното размислување е студено, цинично, прагматично и неморално, а нивното планирање е стратешко и долгорочно со однапред дефинирани цели. Основен мотив им се моќта и парите, како основен предуслов за самозадоволување. Иако не се популарни во општеството, луѓето често ги претпочитаат за лидери. Макијавелистите најчесто избираат професии кои можат да им обезбедат голема материјална корист и висок општествен статус. Под маската на нарцисоидноста, секогаш се кријат грандиозноста, чувството на самобитност и убавина, чувство дека има право на нешто (убедување дека некој заслужува право на подобри работи од другите), доминацијата и супериорноста (чувство на превласт во однос на другите). Нарцисоидните луѓе се склони кон потценување на другите, имаат нагласена суета, самобендисани се, арогантни, поради што можат да постигнат висок статус, лидерски позиции и да бидат многу популарни во популација на луѓе со ниска самодоверба кои бараат лидери со вакви перформанси. Но, од друга страна, тие се исклучително ранливи, со изразен недостаток на интегритет, со проблеми во одржување на долготрајните врски, предизвикани од силната потреба за зајакнување на сопственото его на сметка на запоставувањето на емоционалните потреби на партнерот во врската или семејството . Иако имаат грандиозна и нереална слика за себе, тие се всушност многу несигурни во себе и во сопствените квалитети. Имаат лидерски способности и можат да заведат поголеми граѓански маси.

Психопати

Психопатите најчесто се карактеризираат со висока импулсивност,понекогаш бес или рамнодушност, барање возбуда, агресивност. Имаат недостаток на емпатија и отсуство на анксиозност поради дефицитот на совест и чувство на вина. Психопатијата се смета за најзлобната компонента на темната тријада. Психопаитјата има две главни карактеристики: бесчувствителност и импулсивност. Недостатокот на самоконтрола е главната причина за поврзаноста на психопатијата со криминалното однесување, а бесчувствителноста е видлива во ситуации кога се принудени да се служат со лаги со цел да добијат итна испорака на ментална награда. Психопатите често се

впуштаат во ризични, опасни и потенцијално штетни активности без да размислуваат за последиците, најчесто поради досада или потценување на опасноста. Ваквото ризично однесување е последица на импулсивноста, поради што често имаат проблеми во остварувањето на целите и остварувањето на плановите, покажувајќи неодговорност и негрижа за обврските. Имаат слаб увид во сопствените постапки, немаат стабилни и задоволителни односи со родителите и партнерите, никогаш не се просоцијално ориентирани алтруисти ниту се религиозни. Иако знаат да одржуваат краткорочни љубовни врски и позиции на работа, тие генерално се деструктивни кон себе и кон другите. Тие често злоупотребуваат други луѓе и реагираат агресивно на заканите испратени кон нив. Од сите три подтипови на темната тријада, тие се најмногу склони кон агресивни филмови, насилни спортови и видео игри, интернет порнографија и хакирање, а имаат изразени и изопачени сексуални нагони обоени со садо-мазо фантазии. Психопатите се препознаваат по површниот шарм, грандиозноста, манипулативноста, патолошкото лажење, егоцентризмот, раздразливоста, одмаздољубивоста, недостатокот на просоцијално однесување, тешкото прилагодување кон општествените норми, кон етичкото и моралното однесување. Тие немаат способност да ги разберат туѓите чувства, однесувајќи се многу рамнодушно кон околината и туѓите страдања. Оваа особина се смета за „најтемна карактеристика“ во тријадата.

Социјални паразити

Со споредување на овие три особини на личноста, може да се каже дека макијавелистите се најмногу склони кон плагијати на туѓи дела со цел добивање пофалба како награда. За разлика од нив, лицата со изразен отворен нарцизам се повеќе склони кон самовозвишување, самобендисаност, самобитност и агресивно реагираат на какви било закани кон нивното его. Лицата со изразена психопатија се склони да ги злоупотребуваат другите и да ги извршуваат своите садо – мазо фантазии на брутален начин. Луѓето со темни тријадни особини на личноста се таканаречени социјални паразити кои имаат стратегија за „брз живот“, која се карактеризира со дефицит на сопствена самоконтрола, често воспоставување на краткотрајни врски со сексуалните партнери, себичност и прикажување на различни асоцијални карактеристики во однесувањето. Во деловното опкружување тоа се најчесто се идентификувани како токсични раководители и токму таквите нивни мрачни карактеристики на личноста како што се бескрупулозноста во односите кон потчинетите им овозможуваат брз напредок во работата.

Чувство на моќ и контрола

Во емотивните врски, психопатите со макијавелистичка нота најчесто за партнери бираат личности слични на нив, личности кои очекуваат помалку љубов и топлина во врската, помалку доверба и конфор. Влегуваат во краткотрајни врски со личности кои не се грижат за интимноста и лојалноста во врската и на кои не им е потребно создавање на подлабоки и подолготрајни интимни и емоционални врски. Многу почесто избираат партнери кои имаат финансиска моќ, имаат физичка привлечност и имаат висок социјален статус во општеството. Од друга страна, макијавелистите не ги сакаат особините како што се самодовербата, спонтаноста, интелигенцијата, креативноста и љубопитноста за пожелни и привлечни кај нивните партнери поради тоа што над такви партнери не се во можност да воспостават целосна контрола. Имајќи предвид дека тие манифестираат силна потреба да ги манипулираат и контролираат своите партнери, изборот на партнери кои се покорни, повлечени, нерешителни и прилагодливи е логичен избор за макијавелистите бидејќи им дава чувство на моќ и контрола како извор на задоволство на сопственото его.

Неверство

Нарцисот со психопатска, макијавелистичка обоеност го малтретира и го искористува својот партнер до точка на исцрпеност, третирајќи го како објект чија функција е да ги исполни исклучиво неговите потреби и задоволи неговите желби. Нарцисот покажува еден вид квазиимпресионираност од неговиот партнер во врската поради фактот што истиот тој партнер ја поддржува сликата, иако присилно, што нарцисот сака да ја создаде за себе како личност која ги почитува општествените, социјалните и моралните вредности. Нарцисот не е во состојба да биде верен, а од друга страна не дозволува партнерот да го напушти бидејќи не може да поднесе осаменост и губење на објект кој постојано му испорачува восхит како храна за неговото его. Нарцисите обично ги започнуваат врските со тоа што ги бомбардираат со љубов и внимание личностите кон кои се насочени се до остварување на зацртаната цел. Кусо време, откако ќе ги освојат и придобијат објектите на испорака и валидација, почнуваат со своите грандиозни и самобитни испади со што до максимум ја обезвреднуваат личноста на објектот и на крајот ја отфрлаат како непотребна без никаква емпатичност кон таквиот чин на отфрлање.

Психопатот не е во состојба да сака

Психопатите се многу шармантни, слаткоречиви и духовити и не е лесно да се препознаат на почетокот врската. Тие со право можат да се наречат експерти за манипулација и предизвикување чувство на вина и каење кај објектот на нарцисна злоупотреба. Психопатот суптилно ја угнетува личноста со која е во врска, не грижејќи се за неговите чувства и потреби. Тој е силно посесивен во врската и има силна потреба да го контролира објектот на злоупотреба, во смисол на забрана за излегување и комуникација со други луѓе, особено од спротивниот пол, Сето тоа е придружено со особено изразени изливи на љубомора. Емоционалната врска со психопатите е полна со биполарни емоционални осцилации во позитивна и негативна фаза, од фазите на целосно отсуство (психичко или физичко), емоционално студенило, недопирливост и игнорирантски однос кон партнерот па се до фаза кога е исклучително внимателен, достапен, приемчив и полн со емоции кои отворено ги испорачува кон партнерот. Патолошката егоцентричност му овозможува на психопатот да создаде слика за себе како идеална и непогрешлива личност. Секој критички став кон овој ,,култ на сопствената личност,, испорачан од надворешниот амбиент или од партнерот е неприфатлив, недозволен и доведува до многу бурни негативни реакции од страна на нарцисот. За да воспостави целосна контрола врз однесувањето на партнерот, психопатот има тенденција да го „изолира“ партнерот од пријателите и членовите на семејството. Со еден збор, психопат **не знае и не може да сака**. Патолошката егоцентричност и емоционалната тапост го спречуваат создавањето здрави капацитети за воспоставување и одржување на здрава емотивна врска во која би владееле двострани испораки на позитивни емоции. Психопатот го гледа својот партнер како средство или објект за задоволување на сопствените потреби, користејќи различни манипулации како што се понижување, обезвреднување, љубомора и посесивност проткаени со емоционална и физичка агресија.

Промискуитетно поведение

Со оглед на голем број патолошки карактеристики, оправдано е да се запрашаме дали личностите со изразени симптоми и карактеристики на темната тријада се воопшто склони кон романтични врски и за каков квалитет на врски станува збор. Личностите со изразена темна тријада на личноста претпочитаат краткорочни наспроти долгорочни врски најчесто од физички карактер и без емоции. Личности со изразен

нарцизам претпочитаат еднонoќни односи и остварување врски од исклучиво сексуална природа, особено кај лица со изразени психопатски карактеристики. Ваквите луѓе немаат проблеми да ја прекинат постоечката врска за да создадат нова, или да ги раскинат туѓите врски, бидејќи влегувањето во нови романтични и сексуални врски им причинува задоволство. Понатаму, личностите кај кои доминира макијавелизмот и психопатијата често покажуваат промискуитетно однесување но кај нив врските можат да бидат подолготрајни, за разлика личностите кај кои доминира психопатија и нарцизам, кои не можат да се предадат во потполност на партнерот и тешко можат да останат верни и посветени на врската. Личностите со изразена симптоматологија на темна тријада можат да воспостават романтични врски, но исклучиво со личности кои се емоционално слични на нив.

Пресметан избор на партнер

Овие карактери генерално секогаш се незадоволни од партнерските односи, поради што претпочитаат краткорочни врски. За квалитетна романтична врска потребно е време, па оправдано може да се запраша дали личностите со изразена конституција од типот на темна тријада воопшто сакаат подолги емотивни врски. Она што можеби ги присилува да опстојат во меѓусебните односи во врската од која не се задоволни, секако се социјалните, моралните или религиозните норми, односно се она што се смета за општествено прифатливо поведение. Карактеристиките на личноста на темната тријада најчесто се поврзуваат со заведување и флертување, но и со неподготвеност целосно и автентично да се посветат на врската, а таквите личности уживаат во љубовните игри и драми, а со тоа ја задоволуваат нивната потреба за возбуда. Лесно влегуваат во врски и лесно ги прекинуваат. За макијавелистите и нарцисите важи правилото дека сакаат со глава, а не со срце, пресметано го избираат партнерот, односно оценуваат колкава корист ќе имаат од врската и што добиваат во таа љубовна врска.

Токсичен и деструктивен партнерски однос

Покрај тоа што се непожелни партнери поради емотивната тапост, личностите со карактерни црти кои се вклопуваат во темната тријада на симптоми едноставно можат да ја направат врската пеколна. Личностите со поизразени темни црти, особено комбинацијата на психопатија со макијавелизам, се повеќе склони кон конфликти во партнерските односи и кон различни видови на партнерско насилство. Со оглед на тоа што вообичаено се склони кон агресивно однесување,

без разлика дали е отворено или прикриено, психичко или физичко, во партнерската врска нема да се воздржуваат од покажувањето на агресија, се со цел да го контролираат партнерот. Обично овие нарциси се повеќе склони кон емоционално отколку кон физичко насилство поради физичката инфериорност на партнерот. Иако на почетокот врската со личност од темната тријада на личност може да изгледа идилично и возбудливо, на долг рок таа врска ќе стане токсична, деструктивна и патолошка што неминовно води до дезинтеграција на истата за кус период. Токсичната врска боли, како физички така и емоционално, иако по сите правила љубовта не треба да боли туку да исполнува со позитивни емоции. Љубовта треба да поттикнуваи да биде безусловна. Но припадниците на темната тријада прецизно ја условуваат секоја ставка во врската во која партиципираат. Затоа, важно е навремено да се препознаат знаците на темната тријада и да се разбере дека наративот ,, работите ќе се променат кон подобро со текот на времето,, е илузија. Нема да се променат, поради фактот дека се работи за личности кои се цврсти и ригидни во своите зацртани ставови и тешко се менуваат, а особено затоа што личноста никогаш не ја лоцира вината во себе, туку ја проектира кон партнерот и му ја делегира функцијата на виновник за токсичноста во врската. Нарцисот никогаш нема да се менува себеси се додека постојат други личности кои редовно и навремено ги задоволат неговите потреби. Темната тријада на **нарцизам, психопатија и макијавелизам** е психолошкиот Бермудски триаголник што треба да се избегнува по секоја цена доколку се препознае навреме. Ако емоционално поинфериорна личност влезе во тој триаголник, во корелација со манипулативна и токсична личност како што е нарцисот од темната тријада, тогаш без да знае влегува во сите стапици на токсичната врска, од која тешко ќе излезе без последици. Инаку, Темната тријада е термин кој е етаблиран во психологијата на почетокот на 21 век, а се однесува на три исклучително негативни особини на личноста - **нарцизам, психопатија и макијавелизам**. Овој поим ги дефинира личностите со „субклинички“ симптоми, што значи дека тие не мора да имаат нарцисоидни или други нарушувања на личноста. Макијавелистичкиот тип не се однесува на менталното здравје, туку на филозофијата на Макијавели, која се карактеризира употреба на **манипулацији** за остварување на **личен интерес**. Истражувањата за мрачната тријада идентификуваат агресивно однесување, преземање на дејства во полза на личниот интерес, недостаток на емпатија, каење и чувство на вина, вештини за манипулација, искористување и измамување на други личности, кршење на општествените норми и морални вредности,

агресивност и малтретирање. Се смета дека хередитетот е ризик фактор за темната тријадна личност.

Идентификација на темно тријадна личност

Голем број на веб-сајтови објавуваат најразлични методи, тестови и алатки за идентификација и детерминација на темно тријадна личност. Со помош на овие различни алатки може да се препознаат нарциси, макијавелисти и психопати во актуелниот амбиент. Но и овие алатки не се совршени и имаат свои недостатоци како што се родовите импликации. Кога се работи за психопатската црта кај нарцизмот која се одликува со поголем степен на физичка агресија, партиципантите кои се идентификуваат во оваа група се повеќето припадници од машкиот пол. За разлика од нив кога имаме макијавелистичка црта во нарцисоидното однесување тука партиципирањето на припадниците од двата пола е подеднакво. Јонасон ги истражувал овие црти и дошол до заклучок дека може да има различни манифестации на психопатска обоеност на нарцизмот врз основа на половата припадност. Нештата што обично ги прават мажите психопати се сметаат за многу потешки и погрозоморни злосторства од нештата што ги прават жените психопати. Тоа најверојатно се должи на физичката сила и на нагоните кои се со различен квалитет кај припадниците од машкиот и од женскиот пол. Карактеристиките на женските членови на темната тријада се разликуваат од машките членови што е препознатливо и мерливо. Токму поради тој интензитет на агресија и неговиот квалитет кои се мерливи величини, можат да се препознаат овие пореметувања на личностите, но не секогаш може да се постави точна дијагноза. Но понекогаш е подобро да се лоцира и детерминира импактот од агресијата врз жртвата, отколку да се даде точна дијагноза, поради можноста навремено да се дислоцира жртвата од токсичната средина. На секој нарцис, без разлика дали има психопатски, макијавелистички или затворени црти на нарцизам, секогаш им е потребна потврда или валидација на нивната грандиозност или друг квалитет кои тие го сметаат за сопствен. Без разлика дали се екстровертни или интровертни нарциси тие секогаш ќе реагираат агресивно кон секое намалување на нарцисната испорака, понуда и валидација.. Не треба да се возвишуваат и да се карактеризираат во суперлатив, туку треба да се минимизираат постепено ваквите епитети со цел да се спречат конфликтните ситуации и агресивните испади кон жртвата на нарцисната злоупотреба. Кон нарцисите макијавелисти, секогаш треба да се приоѓа со доза на скептицизам и секогаш е потребно да се побара дополнителна потврда за вистинитоста на нивните изјави. Доколку некоја личност е во блиска

корелација со нарцис кој има психопатски црти, најдобро е веднаш по препознавањето на таков карактер личноста да се оддалечи од него со што се минимизираат последиците од понатамашната корелација. Доколку личноста е веќе длабоко навлезена во врска со темно тријадна личност и го спознава токсицитетот на таквата врска, тогаш најдобро е да побара помош од лиценциран терапевт или психолог кој може да и помогне да воспостави барем минимално квалитетни односи и да воспостави точно определени граници на толеранција. Справувањето со нарциси кои имаат темно тријадни квалитети е исклучително тешко. Овие квалитети се цврсти, стабилни и конзистентни, така што секој обид да се измени нешто во структурата на личноста на нарцисот, кој моше да биде истовремено и макијавелист или психопат, е безуспешен. Затоа личностите кои се во врска со нив не треба да се обидуваат да го прооменат нивниот карактер, туку да научат да се справуваат со нив. Доколку не успеат во тоа, напуштањето на врската е единственото можно решение. Макијавелизмот и психопатијата како компоненти на отворениот нарцизам имаат поблиска корелација, поради злонамерното и агресивното однесување, додека затворените нарциси се одбранбено позиционирани и психички покревки, а самата нивна ароганција е всушност фасада за нивното длабоко чувство на самонесоодветност. Според нивото на психопатски особини, припадниците на машкиот пол се позастапени од припадниците на женскиот пол, што е поврзано со асоцијално и антисоцијалното однесување (прекршување на општествените, моралните и религиозните норми) како последица на биолошките фактори поврзани со маскулинитетот (ниво на тестостерон и адреналин). Кај нарцисоидноста од помал степен, особено кај затворените нарциси, партиципантите редовно покажуваат слаби резултати на тестовите со кои се оценува степенот на екстровертност, самобендисаност, самобитност, невротичност, согласност, совесност и отвореност. Согласноста се разликува од шармантноста и харизматичноста поради фактот што вклучува доверливост, несебичност, директност, љубезност, скромност - квалитети неопходни за создавање добри и здрави односи. На макијавелистите и психопатите им недостасува совест, психопатите имаат најниско ниво на невротичност поради непостоењето на чувство на вина што ги прави најзлобни и најбездушни. Нарцисите добиваат највисоки оценки за отвореноста и се многу поекстровертни. Отвореноста секогаш е во корелација со тенденцијата на нарцисите да бидат креативни во нивната естровертност со цел да го задржат фокусот на вниманието на амбиентот. Генерално, нарцизмот е желба но и побарување да се задоволат егото и суетата, преку чувството на самобендисаност,

самодоволност, самобитност, доминација и право на супериорност над другите личности. Психопатијата како поим се карактеризира со повеќе карактеристики и тоа: бесчувствителност, импулсивност, агресивност постојано асоцијално и невообичаено смело однесување, додека макијавелизмот се карактеризира со манипулативност како главна одлика - пресметано, дволично и аморално однесување, насочено исклучиво кон личниот интерес и материјалната корист. Парадоксална вистина е дека нарцисите, особено отворените и психопатите сакаат да останат пријатели со поранешните партнери, кои не ги сметаат за жртви во врската за која сметаат дека е сосема нормална. Затоа честопати се поставува прашањето зошто голем дел од нарцисите одржуваат контакти со партнерите, жртви во токсичните врски. Неко и понови студии направиле обиди да откријат зошто токму личностите со таканаречените темни особини (нарцисоидност, макијавелизам и психопатија) имаат тенденција да одржуваат врски со партнерите и по раскинот. Искуството покажува дека за многумина, одржувањето пријателски врски со поранешниот партнер е незамисливо и непотребно бидејќи таквите односи се емоционално заладени и не носат никаков квалитет во врската. Најголемо поддржувачи на одржувањето контакти по раскинот се оние кои ги сметаат поранешните врски како сигурни, доверливи и со сентиментална вредност за нив како личности бидејќи тие врски оставиле длабок емоционален белег кај нив. Сепак, истражувачите откриле и дека испитаниците кои имаат одредена одредени карактеристики кои се детерминирани во спектарот на мрачните особини од темната тријада или тетрада, се повеќе склони да одржуваат врски со поранешните партнери од , како што изјавуваат самите, „практични и сексуални причини„. Личностите од оваа кохорта избираат пријатели и партнери од стратешки и тактички причини и претпочитаат куси, случајни но интензивни врски. Многу често се среќаваат и кај поранешните партнери или љубовници. Нарцисите го преферираат тоа првично затоа што мразат неуспех и пораз, а потоа од „практични„ причини за да не губат време и енергија за рехабилитација од последиците на раскинувањето. Поради тоа прават сè што е потребно за да ја одржат врската наместо да ја прекинат. Личностите кои се во емотивни, здрави врски генерално се физички и социјално поактивни, живеат подолго и се поздрави и посреќни. Со толку квалитетна листа на бенефити, не е ниту чудо што нарцисот повремено сака да го има крај себе својот поранешен партнер со цел да врати дел од некогашната нарцисоидна понуда која го исполнувала нарцисното его. Меѓутоа, нарцисите, имаат и други придобивки од поранешните врски и затоа имаат и различни причини за нивно одржување. Нарцисот го доживува

својот партнер како можност за зголемување на сопствениот социјален статус. Токму ова е причината поради која некои мажи бараат жени со физички и општествено – социјални кои привлекуваат големо внимание од амбиентот. Сетилата на нарцисот, тоа внимание го канализираат кон сопственото его со што се јакне неговата самодоверба и самобитност. Нарцисите се екстремно горделиви и не можат да се носат со фактот дека некоја друга личност го зазема нивното место кај нивниот поранешен партнер бидејќи тоа многу ги вознемирува. Нарцисоидните личности со темни особини се најзаинтересирани за тоа какви придобивки можат да извлечат од врската и дека таквите личности се во состојба да останат во добри односи со два или повеќе поранешни партнери доколку во нив најдат вредносни извори за испорака на нарцисоидна понуда и валидација. Тие исто така имаат многу точни информации за ранливоста и слабостите на поранешните партнери, со што можат да манипулираат со нив што ги исполнува со чувство на контрола и моќ како нарцисно задоволство.

Концепт на темна тетрада

Темната тетрада е збир од четири социјално аверзивни особини на личноста - макијавелизам, субклинички нарцизам, субклиничка психопатија и субклинички садизам. Нивното заедничко јадро е бесчувствителноста и манипулативноста, придужени со антагонизам. Иако имаат заеднички карактеристики, темните линии имаат детерминирани карактеристики. Макијавелизмот се карактеризира со размислување, циничен, индолентен поглед кон амбиентот со тенденција кон искористувањето на другите личности. Психопатијата е дефинирана со рамен афект, недостаток на вина и каење, отсуство на грижа на совеста и слаба контрола на импулсите и нагоните. Тоа што е важна разлика помеѓу овие две особини е импулсивноста и агресивноста, која е карактеристична за психопатијата, додека промисленоста, рационализацијата и подобрата контрола на однесувањето кон елементите на амбиентот се карактеристични за макијавелизмот.Во рамките на Темната тетрада, нарцизмот најчесто се разгледува како грандиозна формат .н. агенсен нарцизам, која се карактеризира со висока самодоверба. супериорен поглед на себе, самобендисаност, самобитност и чувство на привилегија и барање посебен третман во општествено – социјалните збиднувања. Во случајот на садизмот, доминантна карактеристика е уживањето во туѓото страдање и болка.

Селф концептот (самоспознавање, самоперцепција, автокогницијa) претставува генерализирано искуство за себе во различни области од животот и работата и се создава врз основа на искуството на една личност за сопствените компетенции и вештини во различни домени од општествено социјалниот живот. Селф концептот се дефинира како интеракцијата на личноста со околината и добивање на повратни информации за личноста врз база на оценката дадена од околината. Селф концептот, најчесто се дефинира како повеќедимензионална структура со хиерархиска подреденост. Овие домени се однесуваат на видот на интеракција на личноста со различни аспекти на околината како што се: општествени односи, компетенции, емоции, академски успех, семејни односи и физички изглед. Социјалниот селф-концепт се однесува на тоа како една личност гледа на сопствените интерперсонални вештини и колку истата таа личност е социјално вклучена и прифатена од другите луѓе, или колку таа личност е задоволна од својот статус во социјалната средина. Треба да се посочи дека социјалните интеракции и меѓучовечките односи се во нераскинлива меѓусебна врска и се клучот за нормално и здраво ментално функционирање.

Компетентниот селф -концепт подразбира опис на способноста за се постигнуваат и задоволуваат основните потреби, да се надминуваат пречките и да се постигнуваат одредени цели кои личноста сама ги детерминира. Овој домен на сопственото јас се однесува на самоопишувањето на сопствената самоувереност, сопствената ментална сила врз база на искреноста и почитта што ја добива од другите личност од потесната или поширокаата околина.

Емоционалниот селф-концепт се однесува на свесноста и прифаќањето на емоциите, како и факторите и условите кои водат до изливот на таквите емоции за време на различни афективни состојби на самата личност која е предмет на самоевалуација.Личност со висока оценка за оваа категорија на селф – концептот ужива во животот, се смета себеси за среќна и исполнета личност, задоволна од самата себе, што ја прави ментално опуштена и смирена. Академските успешни односи зависат од тоа како лицето го оценува своето или нејзиното достигнување во одредени академски области преку самооценување на сопствените навики и прифаќањето на неговите идеи и предлози од страна на другите личности.

Семејниот селф - концепт се однесува на тоа како нарцисната личност го перцепира односот на членовите на семејството кон нив, дали овие односи се поддржувачки и афирмативни, исполнети со почит и поддршка на нивното поведение кон истите тие членови или се работи за сосема спротивно, негаторско и нихилистичко однесување кое го инхибира нарцисното его.

Физичкиот селф - концепт се однесува на тоа како нарцисната личност го перцепира сопствениот физички изглед односно дали го перцепира сопствениот изглед позитивно со висока доза на самобендисаност и самопривлечност која е базирана на неговите физички експресии, физичката подготвеност и сила, или пак го перцепира во негативна конотација со доза на инфериорност, незадоволство од изгледот чувство на срам од својот физички изглед. Истражувањата покажуваат дека нарцисите со изразени карактеристики на темните тријади (макијавелизам, нарцизам и психопатија) и темните тетради (макијавелизам, нарцизам, садизам и психопатија) се поврзани со помала самобендисаност и грандиозност, особено кај садистите и психопатите каде преовладува повлеченоста и незадоволството од самиот себе, што предизвикува психолошки притисок кој најчесто се ослободува преку агресија кон негаторски настроените личности од спротивната страна кои не го валидираат нарцисното однесување. Треба да се истакне и дека темните карактеристики на личноста може да се дефинираат како мултикомплексни конструкции.

Кај психопатијата, најчесто се разликуваат две форми: **примарната психопатија**, која е карактеризирана со емоционална тапост, бесчувствителност, манипулативност и себичност и **секундарна психопатија**, која се карактеризира со изразена доза на импулсивност, реактивност, девијантен начин на живот и склоност кон асоцијално и антисоцијално однесување со агресивност од потежок степен. Кога се работи за нарцизам , исто така имаме две поделби и тоа на: грандиозен нарцизам и на ранлив нарцизам. Во рамките на Темната тетрада, нарцизмот најчесто се манифестира како грандиозен кој е во позитивна корелација со нарцисната самодоверба во доменот на надворешниот изглед и во доменот на неговите перформанси во општествено социјалните односи, додека ранливиот нарцизам се карактеризира со нестабилно и кревко его и пред се ниска самодоверба, пречувствителност, чувство на срам поради неисполнување на нарцисоидните потреби и недоволната испорака на восхит од околината. Дури и поголем дел истражувања потврдиле дека од сите особини на темно тријадната личност, само нарцисоидноста е во

позитивна корелација со самооценетата физичка привлечност. Кај агенсниот нарцизам постои предимензионирање на сликата за самиот себеси која води кон грандиозност и грандиозно самобендисано и самоуверено поведение. Од друга страна, агенсниот нарцизам пак е ограничен во доменот на интелигенцијата и моралноста каде обично нарцисите од оваа категорија добиваат просечни или подпросечни оценки во општествено - социјалната партиципација што го дестабилизира нивното его. Поради тоа се јавува нагло опаѓање на самодовербата што предизвикува емоционална регресија на личноста. Реезултат на тоа е рапиден пад на нарцисната екстровертност во јавниот амбиент до ниво на незабележливост и незанимливост која се граничи со небитност и ништожност. Личностите со повисок степен на агенсен нарцизам се гледаат себеси како исклучиво ефективни во работната и домашната средина, а воедно се сметаат за социјално смели личности со високи социјално општествени перформанси што во реалноста е сосема спротивно и најчесто за нивните тврдења и ставови добиваат негативна валидација од средината. Во семејството како средина, слабо се снаоѓаат поради недостатокот на емпатија и насочувањето на вниманието кон самиот себе, наместо кон членовите на семејството и затоа оценката за нивниот кавалитет како родители е обично слаба. Кога станува збор за преостанатите карактеристики на темно тријадните или темно тетрадните личности, истражувањата покажуваат дека постои разлика помеѓу самоевалуацијата и евалуацијата од елементите на амбиентот во врска со психопатските особини на нарцисот поради различните критериуми за евалуација на нарцисот и на средината. Некои истражувања укажуваат дека личностите со дијагностицирана психопатија сепак се препознаваат себеси како девијантни субјекти. Иако имаат пониска самодоверба и понизок морално-етички, социјален и семеен самоконцепт, тие сепак се подеднакво задоволни со самите себе и имаат подеднакво изразен физички самоконцепт како и луѓето од општата популација. Психопатите имаат просечна до подпросечна оценка за сопственото его, што се однесува на самопочитта, самобитноста и адекватноста во средината. Меѓутоа, повеќето истражувања покажаа неконзистентни резултати за различни домени на селф - концептот. Една од студите покажала дека психопатијата е во позитивна корелација со себеомразата, самоодвратноста и со макијавелизмот, додека друга студија дека покажала дека постои позитивна поврзаност на психопатијата со физичката привлечност. Постојат студии пак кои не нотираат значителна поврзаност помеѓу психопатијата и макијавелизмот од една страна и физичката привлечност од друга страна. Примарната психопатија покажува

позитивна корелација со самодовербата во доменот на психопатските перформанси, социјалните односи и физичкиот изглед, додека кај секундарната психопатија постои негативна корелација помеѓу овие две варијабли. Неконзистентност во резултатите се јавува и по однос на врската помеѓу темните карактеристики на личноста и задоволувањето на основните, базични, примитивни потреби. Истражувањето на Jonason и Ferrell (2016) на пр. покажало дека луѓето со повисок степен на психопатско растројство и повисок степен на манифестен макијавелизам се незадоволни од степенот и квалитетот на задоволувањето на нивните основни потреби, додека нарцизмот покажува малку поинаков модел на поврзаност, покажувајќи незначителнен степен на корелација со потребата за компетенции, негативна корелација со потребата за автономија и негативна корелација со потребата за поврзување со други личности. Исто така е потврдено постоење на позитивна корелација на макијавелизмот со фрустрациите кои се јавуваат поради незадоволени основни потреби на психопатот, но кај нарцизмот е нотирана позитивна корелација помеѓу овие две варијабли е добиена. Психопатите покажале поголем степен на задоволство при задоволувањето на нивните основни потреби и биле многу помалку фрустрирани доколку основните потреби им биле незадоволени или недоволно задоволени. Задоволувањето на основните потреби е поврзано со благосостојбата, но психопатите, особено социопатите не живеат во некоја завидна благосостојба, па поради тоа немаат некои високи побарувања во тој правец и затоа незадоволувањето на овие потреби не создава висок степен на фрустрации кои би поминале во опсесии или фобии. Но и тоа е поврзано со степенот на образование и затоа при некои истражувања беше добиена неочекувана позитивна корелација помеѓу садизмот и академското ниво. Иако изгледа нелогично, ако добро се разгледа структурата на темно тетрадните личности, ќе видиме дека психопатите со повисок степен на образование покажуваат повеќе садистички црти поради фактот што повисоката интелигенција и образование кај овие личности предизвикуваат почесто чувство на неуспех поради веќе изградениот и дефинираниот натпреварувачки дух за престиж и ранг во општествено – социјалните збиднувања. За разлика од нив кај социопатите обично академскиот степен е на ниско ниво и тие не се борат за повисоко место во општествените нивоа. Кај нив постојат нагонски испади на агресија од различен степен и нивните злодела се од типот на едноставни, дефинирани обрасци на поведение карактеристични за оваа група на психопати, што ги прави лесно достапни на органите на прогонот. Нарцисите со садистички црти на

личноста во агресивната фаза извршуваат комплексни злосторства чија манифестација е во тесна врска со силината на фрустрациите кои ги доживуваат и со дијапазонот на нивната фантазија што е побогат кај садистите од повисоко академско ниво и ги прави понедостапни за органите на прогонот.

Разликата помеѓу патолошкиот нарцизам и здравиот нарцизам (здравата самодоверба)

Иако на секој кој јавно се восхитува на самиот себеси се гледа со негодување или презир, сепак емпиријата покажува дека не постои личност без барем мала доза на нарцизам. Прашање е само дали нивната љубов или восхит кон себеси спаѓа во здрава или нездрава категорија на нарцизам или нарцисоидност. Повеќето личности сметаат дека се привлечни за околината, што можеби звучи нереално за некои елементи од амбиентот, но во повеќето случаи оваа форма на нарцисоидност има реална основа. Самопромоцијата на сопствената експресија на својот надворешен изглед понекогаш предизвикува коментари и категоризации од околината во позитивна или негативна конотација која не е реална оцена за физичките вредности на една личност поради фактот што оценувањето на надворешниот изглед е работа на вкус и перцепција и по обработка на визуелната информација, мозокот врз основа на сопствените искуства, желби и нагони ја оценува личноста како убава или грда, привлечна или непривлечна. Доколку мозокот на елементот од амбиентот ја перцепира личноста како непривлечна согласно неговите критериуми, тогаш самопромоцијата на надворешноста на таа личност ќе ја окарактеризира како нарцисоидност без материјална основа. Доколку мозокот на елементот од амбиентот ја перцепира личноста како привлечна и убава согласно неговите критериуми, тогаш самопромоцијата на надворешноста на таа личност ќе ја окарактеризира како здрава нарцисоидност која има материјална основа и ќе ја поддржи и афирмира таквата самопромоција со понатамошна хетеропромоција и стимулација на перформансите на здравиот нарцис. Но во секој случај, се работи за субјективна перцепција на квалитети која дава различни одговори и затоа студиите кои ја обработуваат темата за нарцизмот и нарцисоидноста како патолошко или како здраво поведение се неконзистентни и даваат различни резултати кај различни групи на испитаници. Сигурната и стабилна самодоверба почива на чувството за владеење со одредени знаења и вештини, чувство за сопствените перформанси, компетенции и вредности. Затоа, за разлика од нарцисоидните личности, поединците со силна самодоверба можат да покажуваат особини како што се емпатија, соработка и благодарност

што секако не е дел од дефиницијата за нарцисоидно растројство на личноста. Проблемот се јавува поради тоа што совршената објективност која некои личности ја покажуваат кон себе е помешана со нереалната самооценка на лажните перформанси на нарцисоидната личност . Поради тоа се наметнува потребата да се воведе концептот на здрав нарцизам, кој би можеле да го замислиме како еден вид рационално и здраво однесување кое ги самопромовира сопствените квалитети но на реална основа . Здравиот нарцизам може да и помогне на личноста да го одржи чувството на сигурност и издржливост во моменти кога самодовербата на таа личност е сериозно разнишана. Како што објаснува Патерсон, во оние екстремни случаи кога се развива манифестно нарцисоидно растројство на личноста, мажот или жената го губат чувството за емпатија и веруваат дека секој треба да им се восхитува и да ги глорифицира во сите сфери на општеството, иако тие реално не се способни ниту да ги согледаат и карактеризираат сопствените деца како личности со сите свои карактеристики, туку едноставно ги експонираат како средство за себепромоција но не во вид на личност како индивидуа туку во вид на на нивен квалитетен производ кој треба да предизвика восхит од околината која ќе биде испорачана кон „производителот„ односно родителот нарцис со што се добива ново количество енергија за зајакнување на нарцисното его. Денешната култура и масовната употреба на социјалните мрежи станаа непресушен извор на нарцисоидна понуда за такви поединци кои се наметнуваат на другите личности, убедувајќи ги во нивните извонредни перформанси, обично прикажувајќи се како исклучиво компетентни, самоуверени, самобендисани и достојни за пофалбата која ја бараат за возврат. На почетокот оставаат впечаток дека се посебни како личности и обично се многу добро прифатени од актуелниот амбиент поради фактот што оставаат исклучителен прв впечаток кој фасцинира со својата изведба. Патолошката потрага по статус, ранг и моќ како главни карактеристики на нарцисоидното растројство на личноста ни покажуваат дека човековото его е се повеќе подложно на развој на нарцисоидни особини отколку што обично се веруваше а сето тоа е потпомогнато и потхрането со денешните можности на слободна експресија на нарцисоидните манифестации масовно преку социјалните мрежи каде што има безброј валидатори кои го поттикнуваат нарцисното его на уште поголема експресија на грандиозност со што се влегува во таканаречениот маѓепсан круг (circulus vitiosus) од кој нарцисот тешко може да излезе освен во случаи кога има ненадеен и масовен прекин на нарцисоидната понуда и валидација која грандиозниот нарцис го одведува во состојба на ранлив нарцизам.Затоа

е клучно навреме да се препознае разликата помеѓу здравиот наризам (здравата самодоверба) и нездравиот (патолошкиот) нарцизам со цел спречување на манипулативноста кај нездравиот нарцизам која нарцисот ја користи на безброј начини за да го восхити своето его и да го наполни својот ,,резервоар,, со самодоверба и самобитност. Спротивно на тоа, навременото препознавање на здравиот нарцизам, особено кај талентираните личности, овозможува контролирано и канализирано стимулирање на здравото его и зголемување на неговите перформанси со цел постигнување на поголеми успеси на здравиот нарцис кои се од голема корист за околината, науката и општествените сфери воопшто. Самопочитта, која може да се дефинира како емоционално обоена проценка на сопствената вредност, е пожелна особина која позитивно влијае на бројни области на човековото функционирање и треба да биде стимулирана како општествено полезна. Секој од нас има „тајна“ или скриена страна на личноста, која се манифестира со различен интензитет и колорит на емоции и афекти во нашето поведение. Меѓутоа, таа скриена страна на личноста носи со себе индикации за потенцијална слабост, уништување, агресивност што е асоцирано со т.н. „темна“ страна на личноста. Постојат голем број психолошки техники и методи кои откриваат потиснати или несвесни механизми на личноста, но како како кај ,,ice berg,, феноменот, ние само го гледаме нејзиниот врв и ги претпоставуваме неговите можни аспекти во аналитичката комбинаторика. Скриената страна на личноста останува енигма и за себе и за надворешниот светот во кој живееме, иако понекогаш се рефлектираат емотивни инсерти кои како асоцијации од подсвесното ни даваат сигнали за можно постоење на психички дисбаланс со различен квалитет и интензитет.

Пред нас е психолошки тест кој ни нуди можност да откриеме некои индикатори за скриените аспекти на личноста, но и можеби нешто повеќе од тоа. Потребно е да се избере една од четирите опции (одговори) кои најдобро одговараат на став и профил на личност на испитаникот. Ако добро се анализираат и протолкуваат одговорите на тестот преку асоцијации можно е да се препознаат елементи на нарцисоидно пореметување на личноста преку опсесивните и фобичните маркери кои се назараат во понудените одговори на прашањата, па дури и квалификации на испитуваната личност од типот на социопатија и психопатија како пидружни елементи на некои нарцисоидни пореметувања на личност

Степенот на емпатија кај медицинските работници игра клучна улога во обезбедувањето квалитетна здравствена грижа. Емпатијата, дефинирана

како способноста да се разберат и да се почувствуваат емоциите и перспективите на другите, е важна не само за психолошкото добросостојба на пациентите, туку и за професионалното задоволство на медицинските работници.

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на истражвањето

Истражувањето има за цел да ја утврди застапеноста на здрав и патолошки нарцизам во различни популациски групи во Република Северна Македонија. Дополнително, истражувањето ќе ги спореди нивоата на нарцизам во зависност од демографските фактори, како што се пол, возраст, професија, ниво на образование и урбана/рурална местоположба. Истражувачки проблем во овој труд е утврдувањето на постоењето на нарцистичките црти во општата и специфичната популација (здравствени работници) и утврджување на квалитетот на нарцисоидноста во општата и специфичната популација (здравствени работници) во смисол на процентуална застапеност на здравиот и патолошкиот нарцизам. Главната цел на истражувањето е детекција и квантитативна идентификација на процентуалната застапеност на здравиот и патолошкиот нарцизам во одредени средини, групи на население, возрасни и професионални групи. Акцентот се става на групи на граѓани кои се од јавен интерес за општеството (во нашето истражување тоа се млади со наполнети 18 години, здрвствени работници и политичари). Целните групи не се рандом избрани туку со цел да се детектира квантитетот и квалитетот на нарцизмот кај елементите на целните групи. Согласно добиените резултати од истражувањето сметам дека е можно да се делува превентивно и во двете варијабли на нарцизмот (здрав и патолошки) со цел превенирање и спречување на последиците од експресиите на патолошкиот нарцизам врз жртвите на истиот. Од друга страна со детекција на здравиот нарцизам кај целните групи групи се дава можност за стимулација и канализирање на здравиот нарцисоидните црти кај талентираните личности што може да даде голем бенефит за општеството во целина.

Хипотези за истражување на нарцизмот во популацијата во Република Северна Македонија:

Хипотеза 1: Процент на застапеност на патолошкиот нарцизам во машката и ќенската популација

Нарцизмот, особено патолошкиот, може да биде извор на насилство поради екстремната чувствителност на нарцисоидните личности на критика, нивната потреба за доминација и тенденцијата да ги користат другите за сопствени цели. Кога нивната самодоверба е загрозена, тие често реагираат агресивно за да го заштитат својот идеализиран селф. Патолошкиот нарцизам може да води кон авторитарно однесување, создавање на токсична околина и охрабрување на насилство како средство за зачувување на контролата. **Таквото однесување често се појавува во семејни, работни или политички односи, каде што доминираат деструктивни модели на комуникација и интеракција и станува се почест извор на насилство насочено кон валидаторите.**

Хипотеза 2: Процент на застапеност на здравиот нарцизам во машката и ќенската популација

Здравиот нарцизам е клучен за личната самодоверба и позитивниот идентитет, бидејќи овозможува човекот да ги препознае и валидира сопствените вредности. Спротивно на тоа, патолошкиот нарцизам е дисфункционален и вклучува грандиозна самоперцепција, манипулација со другите и неспособност за емпатија, што го прави основа за меѓучовечки конфликти и злоупотреба. **Детекцијата, детерминацијата и канализирањето на здравиот нарцизам кај талентите може да биде сериозен извор на квалитетни кадри во сите области од општеството.**

Урбаната популација во Р.С.Македонија покажува поголема застапеност на здрав нарцизам во споредба со руралната популација, поради повисоката изложеност на културни и социјални влијанија кои промовираат самодоверба и индивидуалност. Руралната популација во Македонија има помал процент на здрав и патолошки нарцизам, бидејќи помалку е изложена на влијанието на социјалните медиуми и конкуренцијата за социјален статус, што ги карактеризира урбаните подрачја. Лицата со високо образование имаат поголема застапеност на здрав нарцизам во споредба со оние со основно или средно образование, поради самосвесноста и професионалната самодоверба која доаѓа со академските достигнувања. Лекарите покажуваат повисоко ниво на здрав нарцизам во споредба со другите здравствени професионалци, поради природата на професијата која бара висока самодоверба и одлучност во донесувањето на клинички одлуки. Медицинските сестри и техничарите покажуваат пониско ниво на патолошки нарцизам во споредба со лекарите и стоматолозите, бидејќи нивната улога вклучува поголема тимска работа и помалку индивидуална автономија. Здравствените работници со високи академски титули (специјализации,

докторски студии) покажуваат повисоко ниво на здрав нарцизам во споредба со оние без дополнителни академски квалификации, поради зголемената професионална самодоверба и компетентност. Лекарите кои се во управни или лидерски позиции покажуваат повисоко ниво на здрав нарцизам во споредба со нивните колеги, бидејќи позицијата бара самодоверба и проактивност во водење и организирање на работата. : Здравствените работници во градските подрачја покажуваат повисоко ниво на патолошки нарцизам во споредба со нивните колеги во руралните области, поради поголемиот притисок за личен успех и конкуренција. Патолошкиот нарцизам е позастапен кај младите лица (18–35 години) во Македонија во споредба со постарите возрасни групи, поради зголеменото влијание на социјалните медиуми и културата на „личен успех“.Процентот на патолошки нарцизам е повисок кај здравствените работници во Македонија поради природата на професијата, која бара високо ниво на самодоверба и авторитет.Процентот на патолошки нарцизам е повисок кај здравствените работници во Македонија поради природата на професијата, која бара високо ниво на самодоверба и авторитет. Машките во Македонија покажуваат повисоко ниво на патолошки нарцизам во споредба со женските, поради традиционалните социјални очекувања кои поттикнуваат мажи на самоувереност и доминација. Патолошкиот нарцизам е повисоко застапен кај здравствените работници кои работат во приватни здравствени установи во споредба со оние во јавниот сектор, поради конкурентното окружување и фокусот на личните достигнувања. Младите здравствени работници (под 35 години) покажуваат повисоко ниво на патолошки нарцизам во споредба со постарите здравствени работници, поради зголеменото влијание на социјалните медиуми и современата култура на самопромоција.

2. Метод на истражување

За да се добијат квантитативни податоци, истражувањето ќе користи метод на анкета со прашалници, што е погоден метод за мерење на нивоата на нарцизам преку самопроценка.

3. Инструмент за истражување

- Прашалник за нарцизам: За мерење на нарцизмот ќе се користи **Narcissistic Personality Inventory (NPI)** за здрав нарцизам и **Pathological Narcissism Inventory (PNI)** за патолошки нарцизам. Овие

прашалници се добро валидирани и широко користени инструменти за мерење на различни аспекти на нарцизмот.

- Прашалникот ќе биде адаптиран на македонски јазик, а адаптацијата ќе биде потврдена со помош на експерти и пилот-тестирање.

4. Избор на примерок

- Големина на примерокот: Истражувањето ќе опфати околу 100 испитаници за да се обезбеди статистичка сигурност и репрезентативност.

- Тип на примерок: Стратифициран случаен примерок ќе биде употребен за да се постигне еднаква застапеност на различните групи, како што се:

1. Пол (машки и женски
2. Возраст (млади 18–35, средовечни 36–55, постари над 55 години)
3. Професија (вклучувајќи здравствени работници, студенти, административни работници, политичари итн.)
4. Урбана и рурална популација

5. Постапка на собирање податоци

- Прибирање на податоци: Истражувањето ќе се спроведува преку онлајн анкети и физичко анкетирање (за руралните и постарите популациски групи).

- Информирана согласност: Пред почетокот на анкетата, сите испитаници ќе бидат информирани за целта на истражувањето, за начинот на употреба на нивните одговори и за нивното право на анонимност.

6. Анализа на податоците

- Описна статистика: Основни анализи за пресметување на просечните нивоа на здрав и патолошки нарцизам по групи.

- Инферентна статистика: Т-тестови и ANOVA ќе се користат за споредба на нивоата на нарцизам меѓу различните групи (на пр., според пол, возраст, професија, и урбана/рурална средина).

- **Корелациона анализа**: За да се утврди поврзаноста помеѓу демографските фактори и нивоата на нарцизам.

7. Ограничувања на истражувањето

- **Субјективност на податоците**: Бидејќи истражувањето се базира на самопроценка, постои можност за субјективни одговори.

- **Културни ограничувања**: Одредени аспекти на нарцизмот може да бидат различно интерпретирани во македонската културна средина.

8. Етички аспекти

- Истражувањето ќе биде спроведено во согласност со етичките принципи за заштита на личните податоци, анонимност и доброволно учество на испитаниците. Оваа методологија ќе помогне да се обезбедат валидни и репрезентативни податоци за застапеноста и факторите кои влијаат на нарцизмот во Република Северна Македонија.

Т-тест е статистичка техника која се користи за споредување на средните вредности на две групи и за утврдување дали постојат значајни разлики меѓу нив. Во контекст на анализа на нарцизмот, можеме да го користиме Т-тестот за споредба на нивото на нарцизам меѓу две групи, на пример, мажи и жени, или меѓу две различни професии.

Видови Т-тестови

1. **Независен Т-тест** (Independent samples t-test): Се користи за споредба на средните вредности на две независни групи (на пример, мажи и жени).
2. **Спарен Т-тест** (Paired samples t-test): Се користи кога сакаме да споредиме две мерења кај иста група (на пример, нивото на нарцизам кај исти испитаници пред и по некаква интервенција).

Пример на Т-тест за анализа на нарцизмот

Цел: Да се утврди дали постои статистички значајна разлика во нивото на нарцизам помеѓу мажите и жените во Република Северна Македонија.

Постапка за изведување на Т-тест

1. **Формулирање на хипотези:**

- **Нулта хипотеза (H_0):** Нема разлика во нивото на нарцизам меѓу мажите и жените.
- **Алтернативна хипотеза (H_1):** Постојат значајни разлики во нивото на нарцизам меѓу мажите и жените.

2. **Прибирање на податоци:**

- Спроведување на прашалник, на пример **Narcissistic Personality Inventory (NPI)**, за мерење на нивото на нарцизам.
- Собирање податоци за резултатите на NPI кај мажи и жени.

3. **Пресметување на средна вредност и стандардна девијација за двете групи.**
4. **Избор на ниво на значајност (α):**

- Најчесто се избира α = 0.05.

5. **Пресметка на Т-статистика:** Формулата за независен Т- тест е:

$$2\theta_{0,707} \approx 2\varphi_{0,5} = \frac{52}{\frac{l_в}{\lambda} \cdot \sqrt{\frac{N \cdot d}{\lambda}}}$$

За да се примени t-проверката двете променливи што се проверуваат мора да бидат бројчани и доколку големината на примерокот е помала од 30 единици, распределбата треба да биде нормална или барем симетрична.

За негова реализација потребно е да се познаваат параметрите на статистичката маса: големина на примерокот (n), стандардно отстапување (SD) и аритметичка средина ($\bar{X}$) Не е потребно да ја знаеме варијансата на основната маса, па заради тоа оваа проверка е попрактична од z-проверката, бидејќи проверувањето на хипотези за аритметичка средина на основната маса најчесто се одвива во услови кога варијансата на основната

маса е непозната. Во такви услови варијансата на основната маса ја проценуваме врз основа на варијансата на примерокот, односно грешката на оценката на аритметичката средина на основната маса ја пресметуваме врз основа на стандардното отстапување на примерокот по следнава формула:

$$SG = \frac{SD_{\text{pr}}}{\sqrt{n-1}}$$

каде n − 1се степени на слобода

Под услов основната маса да има нормална распределба или $n > 30$, а варијансата на основната маса не е позната, проверката на хипотезата се заснова на студентовиот t-проверка и се користи следнава формула:

$$t = \frac{\overline{X}_{\text{pr}} - \overline{X}_{\text{om}}}{SD_{\text{pr}}/\sqrt{n-1}}$$

Студентовиот t-тест се користи и за проверка на разликите меѓу аритметички средини на два големи или два мали примерока, каде неговата вредност е количник од разликата на аритметичките средини и стандардната грешка на оценката на таа разлика:

$$t = \frac{\overline{X}_1 - \overline{X}_2}{SG_{\overline{X}_1 - \overline{X}_2}}$$

каде:

- s1 и s2 се стандардните девијации за групите,
- -n1 и n2 се бројот на испитаници во секоја група.

6. **Одредување на критичната вредност на T:** Според степените на слобода, што се пресметуваат како df = n1 + n2 − 2
7. **Донесување на заклучок:**

- Ако пресметаната вредност на T е поголема од критичната вредност, нултата хипотеза се отфрла, што значи дека има значајна разлика во нивото на нарцизам меѓу мажите и жените.

Фактори што влијаат врз степенот на емпатија:

1. **Работно искуство**: Повеќе искусни медицински работници можат да развијат поголема емпатија, но може да се појави и „замор од емпатија“ поради долготрајниот стрес на работа.

2. **Прегорување (Burnout):** Стресот, заморот и прегорувањето можат значително да го намалат нивото на емпатија.

3. **Образование и тренинг**: Тренинзите за развивање комуникациски вештини и емпатични интервенции можат да го зголемат нивото на емпатија кај здравствените работници.

4. **Работно опкружување**: Позитивна и поддржувачка работна средина може да помогне во одржување на висок степен на емпатија.

5. **Лични карактеристики**: Индивидуалните разлики, како што се емоционалната интелигенција, влијаат врз тоа колку емпатични ќе бидат здравствените работници.

Емпатијата во здравството често се поврзува со подобри исходи за пациентите, намалување на нивото на анксиозност и зголемување на задоволството од третманот. Корелацијата помеѓу нарцизмот и емпатијата кај здравствените работници е комплексна и често парадоксална, бидејќи овие два концепта се на некој начин спротивни. Нарцизмот се карактеризира со претерана самопочит, егоцентричност и недостаток на вистинска грижа за другите, додека емпатијата подразбира разбирање и сочувство кон чувствата и состојбите на другите луѓе.

Врската меѓу нарцизмот и емпатијата:

Негативна корелација: Истражувањата покажуваат дека високото ниво на нарцизам обично е негативно поврзано со емпатијата. Нарцисистичките поединци имаат тешкотии да ја разберат и почувствуваат емоционалната состојба на другите, бидејќи нивниот фокус главно е насочен кон сопствените потреби и желби.

Нарцизам и когнитивна емпатија: Сепак, постои разлика помеѓу когнитивната и емоционалната емпатија. Нарцисистите можат да имаат когнитивна емпатија, односно можат интелектуално да ја разберат

перспективата на другите, но често немаат емотивна емпатија, односно не чувствуваат вистинска емоционална поврзаност или сочувство.

Нарцизам во здравството: Во здравствениот сектор, кај некои здравствени работници може да се појави нарцисоидно однесување, особено во високо конкурентни средини каде што успехот, престижот и статусот се високо ценети. Ова може да доведе до ниско ниво на емпатија и до појава на отуѓување од пациентите.

Професионални последици: Здравствените работници со високо ниво на нарцизам може да покажуваат недоволна емпатија кон пациентите, што може да влијае негативно на квалитетот на грижата и задоволството на пациентите. Недостатокот на емпатија може да доведе до помала доверба меѓу пациентот и здравствениот работник.

Точен процент на нарцисоидни личности помеѓу здравствените работници е тешко да се утврди, бидејќи нарцизмот е спектар и не секој што покажува нарцисоидни тенденции е дијагностициран со нарцисоидно растројство на личноста (NPD). Повеќето истражувања за нарцизмот во здравствениот сектор се фокусираат на однесувањето на индивидуите, наместо на строго дијагностички критериуми.

Проценки и студии:

Општа популација: Се проценува дека околу 1-6% од општата популација ги исполнуваат критериумите за нарцисоидно растројство на личноста, според дијагностичките упатства како DSM-5.

Нарцизам кај здравствените работници: Некои студии укажуваат дека нарцисоидни карактеристики може да бидат почести во професии каде што се бара високо ниво на самопочит и лидерски вештини, како што е медицината. Особено во специјалности како хирургија, каде што самоувереноста и одлучноста се клучни, може да се забележат поизразени нарцисоидни тенденции.

Резултати од истражувања:

Студии покажуваат дека лекарите, особено хирурзите, може да имаат поголеми нарцисоидни склоности во споредба со други медицински специјалности. Сепак, овие проценти не укажуваат на дијагностицирано нарцисоидно растројство, туку на појавата на карактеристики како егоцентричност, потреба за восхит и самоувереност. Иако точниот процент на нарциси меѓу здравствените работници не е јасно

дефиниран, нарцисоидните карактеристики може да бидат присутни кај некои од нив, особено во високо стресни и компетитивни средини.

Точни и конкретни проценти за нарцисоидноста кај машките и женските здравствени работници не се широко достапни, бидејќи повеќето студии не вршат прецизно мерење по родова поделба. Сепак, од општите истражувања за нарцисоидност, можат да се направат некои претпоставки.

трендови:

Според истражувањата, машките имаат тенденција да покажуваат повеќе нарцисоидни карактеристики, вклучувајќи егоцентричност и потреба за доминација.

Жените, иако покажуваат нарцисоидни тенденции, често ги изразуваат поинаку, на пример преку социјална нарцисоидност, но со помалку агресивни или доминантни однесувања.

Родова поделба (здравствени работници)	Процент на нарциси (машки)	Процент на нарциси (женски)
Лекари (општо)	5-7 %	2-4 %
Хирурзи	10-12 %	4-6 %
Медицински сестри	2-3 %	1-2 %
Специјалисти	6-8 %	3-5 %

Студиите покажуваат дека нарцизмот во здравствените професии може да биде поврзан со типот на специјалност и стресот во работата. За попрецизни податоци, потребни се специфични истражувања кои мерат нарцисоидност кај здравствените работници по родова поделба.Точни податоци за проценти на нарцисоидност кај здравствените работници по возрасни групи не се достапни во широки истражувања. Меѓутоа, постојат општи трендови за нарцизмот кои укажуваат дека тој може да се менува со возраста. Во контекст на здравствените работници, можно е овие трендови да се рефлектираат на следниов начин:


трендови:

Помлади возрасни групи (20-40 години): Според некои истражувања, помладите лица имаат тенденција да покажуваат повеќе нарцисоидни карактеристики, вклучувајќи зголемена самоувереност и егоцентричност.

Средовечни и постари возрасни групи (40+ години): Нарцисоидноста има тенденција да опаѓа со возраста, бидејќи луѓето стануваат поискусни, посвесни за другите и поемпатични.

Еве пример табела со проценти на нарциси во општата популација поделени по пол (машки и женски), базирани на општи трендови и истражувања за нарцизмот. Според многу истражувања, машките имаат тенденција да покажуваат повисоко ниво на нарцисоидни карактеристики во споредба со женските.

Пол	Процент на нарциси (општа популација)
Машки	7-9%
Женски	4-6%



Објаснување:

Машки: Истражувањата покажуваат дека машките имаат поголема веројатност да развијат нарцисоидни карактеристики, особено во однос на потребата за доминација, самопромоција и лидерство.

Женски: Иако и женските можат да покажат нарцисоидни тенденции, тие обично се поизразени во социјален контекст (социјален нарцизам), како што се желбата за внимание и одобрување, но со помалку агресивност и егоцентричност.Конкретни проценти за нарцисоидноста кај здравствените работници поделени по место на живеење (град или село) не се опширно истражувани во научната литература. Сепак, постојат општи трендови кои укажуваат дека различни средини можат да влијаат на развојот на одредени карактеристики, вклучувајќи и нарцисоидност.

Генерални трендови:

Градска средина: Во поголемите урбани средини, каде што конкуренцијата и социјалниот статус може да играат поголема улога, нарцисоидните тенденции би можеле да бидат почести. Здравствените работници во урбани средини можат да се соочат со поголеми очекувања за успех и социјален престиж.

Селска средина: Во руралните средини, каде што се нагласуваат заедништвото и личните односи, можно е помалку да се појавуваат нарцисоидни карактеристики, бидејќи фокусот е повеќе на колективните вредности.

Место на живеење (здравствени работници)	Процент на нарциси
Градска средина	7-9%
Селска средина	3-5%

Во урбаните средини, поради високиот социјален притисок и конкуренцијата, може да се очекува поголема појава на нарцисоидни карактеристики, додека во руралните средини можеби доминираат поемпатични и заеднички ориентирани вредности. Иако нема прецизни и широкоприфатени податоци за проценти на нарцисоидност меѓу

населението поделени по место на живеење (град или село), можеме да ги користиме општите трендови кои укажуваат на разлики меѓу урбаните и руралните средини во однос на социјалните и психолошките фактори.

Генерални трендови:

Урбана средина: Урбаните средини често се карактеризираат со зголемена конкуренција, стрес и социјални притисоци за постигнување успех и статус, што може да доведе до поголемо изразување на нарцисоидни карактеристики.

Рурална средина: Во руралните средини, заедничките вредности и блиските лични односи може да го намалат развојот на нарцисоидни тенденции, бидејќи повеќе се вреднуваат скромноста и соработката.

Место на живеење (општо население)	Процент на нарциси (приближно)
Урбана средина	6-8%
Рурална средина	2-4%

Градска средина: Нарцисоидноста може да биде почеста поради поголемиот фокус на индивидуален успех, социјален статус и самопромоција.

Селска средина: Поради пофокусирани колективни вредности, нарцисоидните карактеристики можат да бидат поретки.

Ова се општи претпоставки врз основа на социо-културните фактори во различни средини, а за попрецизни проценти би било потребно специфично истражување.

Возрасна група	Процент на нарциси (приближно)
20-30 години	8-10%
30-40 години	6-8%

40-50 години	4-6%
50-60 години	3-4%
Над 60 години	2-3%

Генералните трендови покажуваат дека нарцизмот има тенденција да опаѓа со возраста Иако нема прецизни и широкоприфатени податоци за проценти на нарцисоидност меѓу населението поделени по место на живеење (град или село), можеме да ги користиме општите трендови кои укажуваат на разлики меѓу урбаните и руралните средини во однос на социјалните и психолошките фактори.

Еве пример табела со проценти на нарциси во општата популација поделени по возрасни групи, базирани на општи трендови и истражувања за нарцизмот. Општо е прифатено дека нарцизмот е позастапен кај помладите лица и се намалува со возраста, како резултат на животното искуство, зрелост и опаѓање на егоцентричните карактеристики.

Пример табела со проценти на нарциси по возрасни групи:

Возрасна група (општа популација)	**Процент на нарциси (приближно)**
18-30 години	7-10%
31-40 години	5-7%
41-50 години	4-6%
51-60 години	3-4%
Над 60 години	1-3%

Објаснување:

18-30 години: Нарцисоидните карактеристики се најизразени кај младите луѓе, поради фокусот на себеспознавање, кариера и социјален статус.

31-40 години: Со зголемување на одговорностите (семејство, кариера), нарцизмот почнува да се намалува.

41-50 години: Животното искуство и зрелоста придонесуваат за намалување на нарцисоидните тенденции.

51-60 години и над 60 години: Овие групи имаат најниско ниво на нарцизам, бидејќи луѓето стануваат посвесни за другите и поемпатични.

Трендот на емпатијата кај здравствените работници во последните 10 години е сложен и зависи од различни фактори. Воопштено, постојат индикации дека емпатијата може да опаѓа, но има и напори за нејзино подобрување преку образовни и организациски мерки.

Причини за опаѓање на емпатијата:

Прегорување (Burnout): Со зголемување на обемот на работа, стресот и притисокот, особено во последниве години (со пандемијата на COVID-19), многу здравствени работници се соочуваат со прегорување, што го намалува нивото на емпатија.

Зголемена административна работа: Поголем дел од времето на здравствените работници се троши на документација и административни задачи, наместо на директна грижа за пациентите, што може да ја намали можноста за емпатични односи.

Технолошка интеракција: Во последните години, зголемената употреба на електронски системи и технологии (електронски медицински записи, телемедицина) може да ја намали личната интеракција со пациентите, што потенцијално влијае на емпатијата.

Причини за подобрување на емпатијата:

Образовни програми: Многу медицински факултети и болници во последните години го вклучуваат развојот на емпатија како дел од нивните програми за едукација и обука. Тренинзи за комуникациски вештини и емоционална интелигенција се воведуваат за да се зголеми свесноста за важноста на емпатијата.


Зголемена свест за менталното здравје: Се зголемува свесноста за менталното здравје на здравствените работници, што може да помогне во намалување на прегорувањето и подобрување на квалитетот на грижа за пациентите.

Пост-пандемиски промени: По искуството со COVID-19, многу здравствени работници повторно ја откриј важноста на човечката врска и поддршка, што може да поттикне поголема емпатија.


Заклучок:

